УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-
СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# ПОЛИТИКАТА НА КРАЛСТВОТО НА СХС ВО КУМАНОВСКО - КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН (1918-1929)

-МАГИСТЕРСКА РАБОТА-

Ментор:
Проф. д-р Методија Манојловски

Изработил:
Драган Стојковски

Скопје, 2007

# ПРЕДГОВОР

Македонската историска наука во последните години, посебно по осамостојувањето на Република Македонија, им посветува големо внимание на тематските целини и на одредени периоди од нашето историско минато кои во поранешниот систем поради идеолошки причини беа премолчувани или прескокнувани. Сето ова придонесе кај научните работници да се зголеми и интересот за проучување на личностите и настаните од регионалната историја на нашата држава, за теми кои до сега беа затворени. Во историјата на македонскиот народ Кумановско-Кривопаланечкиот регион зазема значајно место од повеќе аспекти. Во овој дел се одвивале историски процеси кои што во нашата историографија досега не се одбележани, односно не се обработени во еден комплементарен и научен труд. Токму од тој аспект, трудов, во кој се обработува Кумановско-Кривопаланечкиот регион од 1918 до 1929 година, претставува обид за едно поцелосно и поавтентично расветлување на сите значајни настани врз база на расположивата архивска документација, литература и сеќавања.

Најголема причина поради која се зафатив со истражување на оваа научна проблематика од македонската историја е таа што јас потекнувам од тој дел на Македонија и сметам дека истражувањето на родокрајната историја може да даде голем придонес во развојот на македонската историографија.

Изработката на овој магистерски труд најпрвин ја започнав со консултирање на библиографски единици што опфаќаа делумно или целосно обработување на прашањето. Монографии, научни статии, прилози, зборници и весници од Република Македонија.

Одговорот на овие дилеми кај мене полека започна да се расветлува со почетокот на истражувањата на архивската документација и фондовите за кои сметав дека имаат допирна точка со оваа

проблематика. Истражувачката работа најпрвин ја започнав во Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ). Предмет на моето научно истражување и анализа беа личните фондови, микрофилмувани документи од државните органи на Кралството на СХС, како и фондовите од разни македонски организации во македонското националноослободително и револуционерно движење. При анализата на документацијата со користење на компаративната метода на истражување и употребата на критичкото мислење, успеав да дојдам до значајни сознанија од оваа тема. Од архивските материјали во магистерскиот труд ги користев следните фондови: фонд МВР на Кралството на СХС (каде се наоѓаат податоци за распоредот и бројноста на полициските сили, за комунистичкото движење, за состојбата на границите со Бугарија и Албанија итн.), фонд РСВР (се наоѓаат податоци од известувачките служби за движењата на комитските чети уфрлени од Бугарија, за забраната на македонскиот јазик и употреба на српскиот јазик, итн.), фонд поединечни документи ВМРО ( каде има податоци за дејствувањето на четите на ВМРО на територијата на Вардарска Македонија), фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија (1919-1941), (каде може да се најдат податоци што се поврзани со организирањето на училишната мрежа, училишниот кадар, условите во кои се изведувала наставата, поставување и разрешување на учители и директори итн.), фонд Тодор Александров, фонд ТАО (се наоѓаат исцрпни податоци за прашањата поврзани со навлегувањата и дејствата на врховистичките чети, за дејствувањето на четничкиот одред на Јован Бабунски, за регрутации и воени вежби, вооружени судири во граничните појаси, атентати, распоредот и бројноста на воените единици итн.) , фонд Министерство за војска и морнарица главен генералштеб (известувачко одделение), фонд МВИО и во архивот на ИНИ: фонд ТАО, фонд Посланство во Лондон, фонд Централно Пресбиро при Претседателството на министерскиот совет-Белград (каде претежно се наоѓаат податоци за надворешната политика на Кралството на СХС и

Бугарија поврзани со македонското прашање итн.) и фонд Разни сеќавања, изјави, стенографски белешки, белешки, анкетен материјал и др. од работничкото движење меѓу двете светски војни и за организацијата СКОЈ.

Користев и повеќе зборници и монографии посветени на одредени прашања, личности и настани поврзани со мојата тема.

На крајот сакам да им се заблагодарам на сите вработени во институциите во кои истражував, за нивната помош, на професорите и соработниците кои ме подржуваа во мојата работа и несебично ми помагаа, посебно на проф. д-р Методија Манојловски, доц. д-р Никола Жежов и на Славјанка Петровска вработена во Музеј на Македонија-Скопје.

# Вовед

Првата балканска војна, во која Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора војувале против Турција, започнала на 18 октомври 1912 година. Главна цел на балканските сојузници била протерување на Турската империја од нејзините балкански владенија и поделба на таа територија, во која централно место заземала Македонија.

Иако балканските држави, секоја поединечно, сакале да завладеат со Македонија, сепак тие биле свесни, а и подучени од грчко-турската војна од 1897 година, дека се уште не се во состојба сами војнички да се пресметаат со турската империја.

Токму од овие причини, Србија, Грција и Бугарија, а откако последнава се согласила со поделбата на Македонија, ги отпочнале преговорите за склучување сојузнички договор насочен против Турција.

Балканските сојузници повеле широка пропаганда преку печатот која систематски била поткрепувана и дополнувана со бројни провокативни атентати, а со цел да се создадат нереди во Европска Турција, што би послужило како повод и охрабрување на надворешната интервенција. Во овие акции особена активност покажале врховистите во Бугарија под раководство на Тодор Александров. Тие извршиле бројни атентати врз железници и други јавни објекти во Радовиш, Битола, Кичево, Крушево, Кавадарци, Охрид, Прилеп, Солун, Дојран, Кочани, Штип и други населени места со кои само ги предизвикувале турските власти и башибозуци да вршат разни насилства врз мирното македонско население.

Широките народни маси во Македонија искрено верувале во вистинското ослободување, додека дел од дејците во македонското националноослободително движење ги согледале завојувачките стремежи на балканските држави кон Македонија, но поради неизбежноста на војната и несогледување во дадениот момент на други начини и опции за ослободување од турската власт, активно се вклучиле

во Првата балканска војна на страната на сојузниците. За кратко време сојузничките војски на балканските држави извојувале победи на боиштата, со што се гледал крајот на долговековното турско владеење на Балканскиот полуостров. Во рамките на бугарската војска се создало т.н. македонско-одринско доброволство создадено од поранешните војводи и комити од ТМОРО-ВМОРО и други Македонци од сите делови на Македонија, како и од САД, Бугарија, Романија, Унгарија и други земји. Македонски доброволци под команда и во составот на бугарската војска имало околу 14 000, а во составот на српската војска околу 2 700. Тие дале голем придонес во брзиот пораз на турската војска.

И покрај масовното учество на Македонците во борбите против турската војска на страната на сојузничките војски и надежта за ослободување на Македонија, не успеала. Се поочигледно станувало дека новите „ослободители" се подготвувале за поделба на Македонија. Сето ова станало повеќе од јасно на банкетот што го приредила бугарската војска по повод заземањето на Солун, кога Јане Сандански наздравил за слободна и автономна Македонија, присутните бугарски офицери скокнале на нозе и му се закaниле на Сандански поради изречените зборови.

На мировната конференција во Лондон одржана на 4 декември 1912 година, освен балканските сојузници и Турција, учествувале и претставници од големите европски сили Англија, Франција, Австро-Унгарија и Русија. На оваа конференција биле разгледувани актуелните прашања поврзани со војната и промената на границите. Албанија добила независност, а македонското прашање не било решено во интерес на Македонците. Македонија останала поделена и окупирана од сојузничките балкански војски, при што Србија задржала поголем дел од Вардарска Македонија, Бугарија делови од источниот дел на Вардарска Македонија, Пиринска Македонија и источна Егејска Македонија, додека на Грција и припаднал најголемиот дел, односно централниот и западниот дел од Егејска Македонија.

Во ваква ситуација на неорганизираност и поделеност во македонското националноослободително движење, гласот против поделбата на Македонија го кренала групата Македонци од Петроградската колонија во Русија, предводена од Димитрија Чуповски, кој едно време дури и престојувал во Македонија, но бил постојано следен од новите српски окупатори, по што бил принуден веднаш да ја напушти Македонија. Колонијата на чело со Чуповски од Петроград, на 1 март 1913 година испратила Меморандум за Независна Македонија до Лондонската мировна конференција, а во јуни 1913 година и втор Меморандум до владите на балканските држави во кој се барало создавање на автономна Македонија, бидејќи поделената и поробена Македонија би била вечно јаболко на раздор меѓу сојузниците. Меѓутоа и големите европски сили и сојузничките балкански држави немале интерес да ги слушат и да одговорат на барањата за праведно решавање на македонското прашање.

Бугарија била незадоволна од исходот од Првата балканска војна, од добиениот дел од Македонија и барала нова прераспределба. Сето тоа било повод за Втората балканска војна која започнала на 29 јуни 1913 година. Оваа меѓусојузничка војна завршила со победа на Србија, Грција, Романија и Турција од една страна и пораз на Бугарија, од друга страна. Според Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година, Србија ја проширила својата власт во југоисточниот дел на Вардарска Македонија, Бугарија го задржала Пиринскиот дел на Македонија со Струмичката област, а Грција ја добила Егејска Македонија.

По балканските војни состојбата во Македонија под српска власт се влошила, при што владеело беззаконие кое било проследено со убиства и грабежи, како врз Македонците така и врз муслиманското, албанското и турското население. Во западниот дел на Вардарска Македонија на 29 септември 1913 година албанското население кренало бунт, во кој бил заземен Дебар, а српските војски биле протерани во правец на Гостивар, Кичево, Охрид и Прилеп. Покрај 12 000 вооружени

Албанци, во тоа време во реонот меѓу Охрид и Дебар се активирале и четите на војводите Петар Чаулев и Милан Матов, кои исто така се кренале на востание  и имале соработка со Албанскиот комитет во борбата против српските воени единици. За време на овој бунт привремено биле ослободени градовите Дебар, Струга и Охрид. Ваквата состојба се одржала се до 6 октомври 1913 година, кога по неколку битки со српската војска побунетите Албанци и четите на ВМРО се повлекле кон Албанија по што состојбата во овој дел на Македонија се смирила.

Уште веднаш по истерувањето на турските војски и власти од Македонија, српските, бугарските и грчките воени власти се зафатиле со формирање на привремен воено-полициски и управен апарат на теренот што го окупирале нивните војски. Српските власти управувале со специјални уредби за уредување во новоосвоените области. Според овие уредби од времето на заземањето на македонските територии, па се до есента 1915 година, во Македонија се задржал воено-полицискиот режим, со силата на воените судови и со специјалната улога на старите прописи за гонење на разбојниците во Србија уште од 19 век. Спроведувачите на овие уредби по правило биле бескомпромисно одадени на српската национална кауза.

Бугарските власти управувале со помош на воените команданти и гарнизони, на кои им биле директно потчинени сите органи на цивилните власти составени главно од луѓе од Бугарија, од врховистичките војводи и други бугаризирани Македонци.

Организацијата на власта во Егејска Македонија му била доверена на грчкиот министер Константин Рактиван, кој со специјален цивилен и полициски апарат, со седиште во Солун, ги организирал трите окрузи на завојуваната македонска територија.

Со почетокот на Првата светска војна 1914 и со влегувањето на Бугарија на страната на централните сили во 1915 година, Вардарскиот и дел од Егејскиот дел на Македонија биле окупирани од бугарската војска. При заземањето на Вардарска Македонија есента 1915 година,

бугарската војска имала жестоки судири со српската војска, која потпомогната од здружените англо-француски војски, давала силен отпор во близина на Штип и особено кај месноста Криволак. Во втората половина на ноември 1915 година, бугарската војска презела нова офанзива, при што војските на Антантата се повлекле на југ на линијата Дорјан-Гевгелија-Кожуф планина-Битола-Охридско езеро, каде фронтовската утврденост на двете страни, со мали измени, се задржала се до септември 1918 година, односно до самиот крај на Првата светска војна.

По окупацијата на бугарската војска целата окупирана територија на Македонија била прогласена за единствена воено-административна управна област позната под името Македонска воено-инспекциска област (МВИО). Таа била поделена на 9 окрузи, од кои 7 биле целосно на македонска територија, а два Призренскиот и Приштинскиот надвор од Македонија. На чело на МВИО се наоѓал началник со седиште во Скопје, кој преку подрачните воено-полициски и цивилни власти управувал со обласста. Управата била спроведувана преку окружните и околиските началници, како и преку општинските и селски претседатели и комитети. Со реорганизацијата во 1918 година сите овие органи биле укинати при што Брегалничкиот и Кумановскиот округ влегле во рамките на т.н. прв бригаден окупационен реон.

По завршувањето на Првата светска војна вардарскиот дел од Македонија влегол во составот на новоформираното Кралство на СХС. Со самото влегување во оваа нова држава македонскиот народ бил негиран и овој дел од Македонија бил сметан за „Јужна Србија" . Оваа новоформирана држава наместо слобода на македонскиот народ му донела ропство кое не можело да се спореди ни со петвековното турско владеење со Македонија. Македонскиот јазик бил забранет за употреба, а како официјален бил воведен српскиот јазик во сите сфери на живеење и била прогонувана секаква дури и најмала појава на македонска национална свест. Големосрпската буржоазија уште веднаш започнала

со асимилација и денационализација на македонскиот народ.

Како најпогодна форма за остварување на овие планови претставувал образовниот систем. Затоа се настојувало да се поправат старите и да се изградат што поголем број на нови училишта преку кои би се иреле српскиот јазик, култура и историја, а за таа цел биле донесувани српски учители.

Освен преку образовниот систем голема пропаганда била вршена и преку црквата која сиот свој црковно-административен апарат го ставила на располагање на државата. Во црквите биле донесувани српски свештеници, а при крштевањето на македонските деца биле ставани српски имиња, требало да се слават српски празници, а биле забранувани македонските. Исто така српската буржоазија настојувала преку населување на свои колонисти во Македонија да ја зацврсти својата положба особено покрај границите кон Бугарија и Албанија, а со тоа и да придонесе во разбивање на компактното македонско етничко ткиво, со цел за полесна асимилација и денационализација на македонскиот народ.

По враќањето на српските власти во Вардарска Македонија била извршена административна поделба на нејзината територија според плановите и потребите на српската власт, а преку војската, полицијата и бројните четнички одреди, српскиот режим се обидел да направи од македонскиот народ послушни „јужносрбијанци„ во што и не успеал.

На територијата на Вардарска Македонија дејствувале и врховистичките чети уфрлани од Бугарија. Меѓу нив и органите за безбедност на Кралството на СХС имало голем број на судири, а од нив најмногу штета имал македонскиот народ.

Во сето ова не смееме да го заборавиме и легалниот и илегалниот отпор што го давал македонскиот народ во најразлични форми против српскиот режим. Овој отпор покажувал вистинска жестокост против органите на српскиот режим кој со најразлични форми и методи се труделе да го скршат и да го асимилираат и

денационализираат македонскиот народ, кој пак со сите средства се спротиставувал на туѓата власт и на српската денационализација и асимилација. Во овој труд ќе се обидеме да ги откриеме и осветлиме сите специфичности во Кумановско-Кривопаланечкиот регион од 1918 до 1929 година.

# Глава I

# РЕЖИМОТ НА КРАЛСТВОТО НА СХС ВО КУМАНОВСКО- КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН (1918-1929)

## 1.1.Општествено-политичките прилики во Вардарска Македонија по Првата светска војна

Македонија во текот на Првата светска војна претставувала едно од главните боишта, каде што завојуваните страни имале концентрирано голем број војници. Тука била утврдена линијата на Македонскиот фронт, на која постојано се водела фронтовска, односна позициска војна помеѓу Централните сили и силите на Антантата.

Војните во и околу Македонија во втората деценија на XX век и приклучувањето на нејзините делови кон соодветните балкански држави и нанеле на Македонија огромни штети и човечки загуби. Материјалните штети претставувале значителен дел од националното богатство на Македонија. Голем дел од активното население настрадало за време на воените дејствија, или подоцна ја напуштило земјата во барање работа, или поради засолнување од потиснување и терор спроведуван врз него. Треба посебно да се истакне фактот дека, како ретко која друга територија во Европа, во периодот од 1912 до 1918 година, Македонија била арена на жестоки судири на бројни разновидни војски. Исто така не бил мал и бројот на човечки жртви, раселени лица итн.. Како резултат на насилните мобилизации, бегањата итн., бројот на населението до 1918 година значително се намалил. Сето тоа, мошне

негативно се одразило во лишување на Македонија од работоспособна сила и интелегенција. [1]

Економската и политичката положба на македонскиот народ и другите народности во новоформираната југословенска држава несоширливо се влошувала. Наместо долгоочекуваната национална слобода и рамноправност на македонскиот народ, од монархистичкиот режим народот бил прогласен за непостоен, не се признавала неговата национална индивидуалност и култура, а македонското име и јазик биле прогонувани. Во училиштата и администрацијата во Вардарска Македонија бил наметнат српскиот јазик, со крајна цел како што тоа станувало и во другите делови на Македонија, Егејскиот под Грција и Пиринскиот под Бугарија, национално обезличување и стопанска дискриминација врз македонскиот народ. [2]

Најстрого била забранета употребата на македонскиот јазик и печатењето на книги или било какви публикации на македонски јазик. Сето тоа било диктирано од асимилаторските стремежи на српската буржоазија, уште толку повеќе што постоеле очигледни манифестации, дека Македонците не се чувствуваат ниту Срби, ниту Бугари. За таквата политика, исто така, влијаеле и анексионистичките и реваншистичките замисли на Бугарија. Како во административниот апарат, така и во училишните институции, биле доведувани луѓе од другите југословенски земји. Во воените операции кои се воделе во Македонија неповратно биле искористени голем број на природни богатства, настапило општо назадување во севкупниот економски, политички и културен живот што оставило катастрофални последици кај македонскиот народ. Во текот на Првата светска војна Кумановско-Кривопаланечкиот регион се наоѓал

---------------------------------------------------

1) Историја на македонскиот народ, кн.III, Скопје, 1969, стр.7-8.

2) Исто, стр.11.

во составот на Кумановскиот воен округ. Секоја општина била управувана од општинска трочлена комисија, на чело со кмет, со задача да ја организира и утврди бугарската власт. Во овие делови, како и во цела Македонија, Бугарите, исто како и Србите во 1913 година, започнале да ја спроведуваат денационализаторската и асимилаторската политика кон македонското население. Се започнало со насилно менување на презимињата во книгите на родените и венчаните и во сите други административни акти за Македонците наместо „иќ„ се пишувало „ов„. Исто така, и во однос на националната припадност, довчерашните „Срби„ станале „Бугари„. Набрзо по воспоставувањето на бугарската власт се започнало со организирање на училишната мрежа. Така, во Крива Паланка до 1918 година работела една прогимназија и едно основно училиште, додека во селата со работа продолжиле основните училишта. [3] Програмата за работа имала бугарски карактер, се пишувало на бугарски јазик, а и учителите, скоро сите, биле донесени од Бугарија. Исто како и Србите, и Бугарите сакале да ја наметнат својата „национално„ определба врз Македонците, посебно залагајќи се тоа да го спроведат врз младата популација. Затоа биле донесени многу книги, списанија и друга пропагандна литература. Дури и тетратките и другиот пишан материјал биле отпечатени во Бугарија со одредени бугарски симболи. [4] Во текот на Првата светска војна Кумановско-Кривопаланечкиот регион директно не биле вклучени во борбените судири. Но значењето и улогата биле извонредно важни, најмногу за бугарската војска. За да ја зачуваат единствената и најкуса комуникација што ги поврзува со нивната

---

[3] Државен архив на Република Македонија (ДАРМ) - Скопје, ф. МВИО - Општинско управление - Крива Паланка, к. 54,нерег. мат.

[4] Исто

национална територија (патот Куманово-Крива Паланка- Ќустендил), Бугарите на овој простор организирале јака одбрамбена линија. По завшувањето на војната Крива Паланка била преполна со бугарски војници. Низ неа поминувале многубројни воени единици и товарни колони. Тоа дошло до израз уште повеќе при крајот на септември 1918 година кога сојузничките напади биле толку силни, што ја принудиле Бугарија на капитулација. Примирјето било потпишано на 29 септември 1918 година, а непријателствата престанале на 30 септември. [5] Во градот бил подигнат поголем воен стационар за ранетите и изнемоштени војници и офицери, а за нивните потреби била собирана храна и материјали од населението. Војниците и офицерите, за полесно движење, оружјето, муницијата и другата опрема ги оставале покрај патот и по нивите, а тоа го користело населението кое го собирало оружјето. Ова оружје, подоцна довело тие да се чувствуваат посигурни и да можат да се одбранат од зголемениот број на ограбувачки банди и други поединци од бугарската армија и од административниот апарат. Но, интересно е дека тоа оружје народот го користел и подоцна - за одбрана на своите имоти и куќи и од подоцнежните разбојнички банди што навлегувале од Бугарија и од српските сили кои делувале легално нешто подоцна. [6]

При повлекувањето на бугарските воени единици позначајните објекти во Крива Паланка биле скоро целосно уништени, а училиштата и други згради по селата руинирани. Според извештајот на Командата на Шумадиската дивизија бр. 13 388, од 5 октомври 1918 година низ градот дотогаш се поминати: 2. бугарска дивизија (со 10 полка), и два

---

[5] Гледевић Богдан и др., Први светски рат, Цетиње, 1977, стр. 366.

[6] Малковски Ѓорѓи, Михајловски Јордан и Крстевски Цоне, Крива Паланка и Кривопаланечко низ историјата, Крива Паланка, 1996, стр. 140.

пионерски баталјона, или низ градот поминале 31 478 војници, односно околу 788 офицери, 3 900 подофицири и 26 700 војници, што претставува огромна бројка и во сегашни услови. [7)]

Пред да ја напуштат Македонија, кога уште сметале дека ќе можат да ги изметат и така испразнетите амбари, во август 1918 година бугарските власти издале нова наредба во која пропишувале дека за зимата на сите видови на ситен добиток им следува 50 килограми добиточна храна (сено, слама и плева). Или оваа наредба била издадена токму поради тоа што знаеле дека морале да ја напуштат македонската земја и при одење да го понесат сиот остаток од добиточната храна, заедно со добитокот, којшто и без тоа го немало многу. Овие грабања дошле до таму што Кумановската околиска реквизициона комисија барала кметовите на општините итно да проверат дали воените единици некаде оставиле кожи од закланиот или пцовисаниот добиток, кои доколку ги имало веднаш да им се достават. Во народот се зборувало дека: „ Помалку огинот уништува кога гори шумата, помалку градот истолчува кога паѓа и по цел ден, помалку чумата поморува и кога трае со недели-најмногу однесува и најголема штета донесува Бугаринот кога носи„ [8)] Во Крива Паланка, исто така, бил уништен патот од големиот проток на луѓе и стока, трговијата била замрена, а занаетчиството живеело исклучливо од извршување на најосновните потреби. Земјоделските работи биле прекинати, а стоката, онаа што не била одземена, се наоѓала во очајна положба. Дури и издржувањето на војската, како на српските така и на француските колонијални единици, паднала на товар на населението, што претставувало инзвонредно

---

[7)] Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, г.1918, књ. 29, Београд, 1937, стр. 247.

[8)] Чушкар Боро, Борбено Куманово 1919-1941, Куманово, 1973, стр. 67-72.

тешка состојба. Инаку, 17. француската колонијална дивизија во Крива Паланка пристигнала на 20 октомври и на овој простор извесно време се стационирала. Заради неможноста таа целосно да се смести во градот, војниците биле принудени со „своите големи ножеви, во форма на сатари да ја сечат манастирската шума за да направат од дрвата привремени објекти за живеење„.[9] Забележани биле и случаи, дел од војниците, особено од редовите на африканската колонијална војска, да вршат насилнички акти врз населението, особено над женскиот свет.[10]

Во Вардарска Македонија според статистичките податоци од 1920/1921 година имало вкупно 782 278 жители од кои 630 000 биле македонци.[11] По завршувањето на војната во 1918 година Македонија била разбиена како стопанска целина. Со повлекувањето на границата меѓу Србија и Грција, Вардарска Македонија била отсечена од Солун, преку кој порано биле извезувани македонските сточарски и земјоделски производи на пазарите во други држави. Сточарството како важна гранка во голем дел било уништено, поради тоа што зимските пасишта, кои претежно се наоѓале во Егејска Македонија, со поделбата на етничко-географскиот простор на Македонија, останале недостапни за големите стада добиток од Вардарска Македонија. За време на војната и онака слабата индустрија била разорена, така што по војната во 1918 година, во Вардарска Македонија имало само 15 индустриски претпријатија и тоа со примитивна технологија. Надалеку познатата македонска чаршија со слабеење на занаетчиството и трговијата, постепено изумирала. Македонските семејства од разни причини, речиси секогаш биле

---

9) Николовски Славчо и Митев Бојан, Крива Паланка, Крива Паланка, 1969, стр. 34.

10) Малковски Ѓорѓи и др., Крива Паланка, стр. 141.

11) Катарџиев Иван, Време на зреење 1, Скопј, 1977, стр. 25.

принудени да ја напуштат својата земја и да побараат подобар живот во разни други страни во светот. Како главни фактори за овие иселувања биле воените операции во текот на војните од 1912/13 и 1914-1918 година, политичките судири и гонења итн. Во времето од 1912 до 1929 година само во Бугарија емигрирале околу 107 000 македонци. [12)]

Така на пример, од Кривопаланечката околија во овој период во Бугарија се иселиле 23 семејства и тоа: 1 во Видин, 3 во Враца, 2 во Ќустендил, 4 во Петрич, 1 во Пловдив, 3 во Плевен, 8 во Софија и 1 во Шумен, додека од Кумановската околија се иселиле 19 семејства и тоа: 3 во Бургас, 1 во Варна, 1 во Видин, 3 во Враца, 2 во Мастанли, 1 во Пашмакли, 2 во Петрич, 1 во Плевен, 1 во Русе, 3 во Софија и 1 во Стара Загора. [13)]

Исто така, поголем дел од македонската интелегенција под притисок на асимилацијата и денационализацијата што ја спроведувале српските власти, се иселувала од Вардарска Македонија. [14)]

Најважна гранка за егзистенција на македонскиот народ било земјоделството. Во Вардарска Македонија до 1920 година имало 756 955 хектари плодно земјиште за за земјоделска експлоатација или само 17,7% од вкупната површина. Од таа обработлива површина најголем дел отпаѓало на житните култури 403 762 хектари, на второ место биле угарите со 41 595 хектари, градинарските посеви биле застапени на 27 167 хектари, индустриските растенија на 7 373 и растенијата за сточна

---

12) Битоски Крсте: За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни ( до 1934 година ), Гласник на ИНИ година VI, бр.1-2, Скопје, 1962, стр. 98.

13) Исто, стр. 192.

14) Апостолов Александар, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, ГИНИ, год. XVI, бр. 1, Скопје, 1972, стр. 44.

исхрана на 243 хектари или вкупно 480 140 хектари со засадени култури во 1920 година. [15] Што се однесува до земјоделството во Македонија се уште имало остатоци од феудалните аграрно-производствени односи, кои биле во сопственост на чифликсајбиите од турска и албанска националност. Поради нерешеното аграрно прашање кај македонските селани се поизразен бил револтот од ваквата ситуација.

Со цел да го намалат незадоволството кај селските маси во Манифестот на регентот Александар Караѓорѓевиќ издаден на 06. 01. 1919 година за народите на Кралството на СХС се ветувало „ укинување на крепостништвото и големите земјишни поседи „ и разделување на земјата на сиромашните селани, но со „ правично надоместување на дотогашните нејзини сопственици„. [16] Во прилог на решавање на аграрното прашање владата на Кралството на СХС на 27 февруари 1919 година, донела т.н. „ Претходни одредби за подготовка на аграрната реформа„ , со која меѓу другото и селаните- чифчии во Вардарска Македонија биле прогласени за слободни сопственици на земјата што ја обработувале. [17] Но, и покрај овие законски акти до решавање на аграрното прашање во корист на македонските селани не дошло, туку било оставено да го решаваат српските колонисти.

Што се однесува до политичкиот живот, во Кралството на СХС имало над 40 партии, а Радикалната и Демократската партија како две најголеми партии, се користеле со гласовите на феудалните аги и бегови

---

[15] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912- 1937, Скопје, 1937, стр. 535-536.

[16] Палешутски Костадин, Македонският вЪпрос в буржоазна Югославия 1918-1941, София, 1983, стр. 19.

[17]. Историја на македонскиот народ..., стр.9.

во Вардарска Македонија со цел да обезбедат мнозинство во Скупштината. За возврат, владата на Кралството на СХС им давала разни привилегии преку нивната партија Џемиет и не се посегнувало по големите беговски и агини имоти, со што практично во Македонија се задржале феудалните односи. [18] Значајно е да се спомне дека на македонскиот народ не му било дозволено да формира своја национална партија.

Со поделбата на Македонија, најтешко било засегнато македонското национално-револуционерно движење. Македонските политички сили биле рацепкани не само политички, туку и физички. Тие се нашле пред вонредно тешки и сложени задачи, во борбата за ослободување и воспоставување на територијалната целина на земјата. [19] Затоа Македонците, било во Македонија или како емигранти во соседните балкански држави, отпочнале со прегрупирање на своите политички сили за да ја продолжат својата националноослободителна борба, организирани во јавни или тајни комитети и организации, со најразлични политички програми и проекти. [20]

---

[18] Палешутски Костадин, Македонският вЪпорс.., стр. 20.

[19] Катарџиев Иван, Време на зреење..., стр. 15.

[20] Апостолов Александар, Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на Кралството на СХС, Гласник на ИНИ, година VI, бр.1-2, Скопје, 1962, стр. 61.

## 1. 2. Административни и воено- полициски мерки во Кумановско-Кривопаланечкиот регион од страна на СХС

*а) Административен апарат*

По заминувањето на Бугарите, во Кумановско-Кривопаланечкиот регион била воспоставена воена власт од страна на Српската врховна команда, а набргу потоа започнало воведување и на цивилна власт. Се започнало со воведување на сите служби, а особено на оние преку кои побрзо се воспоставувала окупаторската српска власт (просветата и црквата).

Српската буржоазија, со обновувањето на својата власт, го обновува и режимот на специјалната Уредба од 1913 година. Оваа уредба за првпат била воведена во Вардарска Македонија по потпишувањето на Букурешкиот мир во 1913, а обновена во 1918 и важела до 16 август 1919 година, кога била укината и проширен Уставот на Кралството Србија од 1903 година и над Македонија. Воведувањето на оваа Уредба значело дека управата се разликувала во првите години од управата во старите граници на Српското Кралство. Подоцна, оваа уредба била формулирана и објавена како „Уредба за обединување на општествената безбедност во завојуваните земји„ , а тоа значело озаконување на режимот на воена диктатура во Вардарска Македонија. Со Уредбата биле укинати политичките и човечките права, народот се предавал на милост и немилост, бил подложен на казни, робија, стрелања и се забранувала секаква општествено-политичка активност, која не била одобрена од полициските власти. Воведувањето на оваа уредба за Стара Србија и Македонија уште во 1913 година предизвикало најостра реакција во прогресивните и либералните кругови на тогашна

Србија, бидејќи со неа не се признавала слободата на печатот, зборот, договорот и здружувањето, со еден збор, правата и основните слободи без кои не можел да се замисли граѓанскиот режим, а тоа, биле условите за слободен општествено-политички живот и напредок. Со оваа уредба, не постоела гаранција за сузбивањето на насилството и отпорот против корумпираните бирократи и пљачкашки банди и била создадена атмосфера на несигурност и страв. [21)]

По Првата светска војна Кралството на СХС, во административно-политичко територијален поглед, било поделено на седум покраини. Вардарска Македонија опфаќала дел од покраината, така наречена „Јужна Србија„ , територија во границите утврдени со Букурешкиот мир од 1913 година. Покраините биле поделени на окрузи (жупании), околии (срезови-котари), а во рамките на околиите, општини. Вардарска Македонија била поделена на седум окрузи Битолски, Кумановски, Брегалнички, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки. [22)]

Кумановско-Кривопаланечкиот регион во административно - управен поглед бил вклучен во Кумановскиот округ. Во окрузите, покрај државната управна власт, постоеле и органи на локалната управа: Окружни собранија и окружни одбори. Нивна задача била да водат грижа за чување и унапредување на просветните, стопанските, сообраќајните, санитетските и финансиските окружни интереси. Општините за вршење на општинските работи имале општински суд, а освен општинските во својот домен била должна да извршува и државни работи кои со закон ќе и биле одредени.

-----------------------------------------------------------------

21) Katargiev Ivan, KPJ vo Makedonija do Obznanata, Skopje, 1961, str. 9-13.

22) Simeunoviš Vladimir, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961.-Ukupno stanovništvo, polna i starosna struktura-. Beograd, 1964, str. 22.

Односот на работа и делување помеѓу окружната, околиската, општинската власт и државната власт била уредувана со специјални закони. [23)]

Со Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година (член 95) била укината дотогашната поделба на седумте покраини и биле формирани области, окрузи, околии и општини. Најголеми самоуправни тела во Кралството на СХС станале областите и биле предвидени да сочинуваат некој вид противтежа на административниот централизам, кој со Видовденскиот устав бил усвоен. Со Уставот, само во начело било определено поделбата на области да се изврши со закон, „спрема природните, социјалните и економските прилики„. Со цел да се спречело и исклучело секакво племенско групирање и да се раскрстело со дотогашните историско-политички индивидуалности, Уставот донел ограничување, „една област можела да има најмногу 800 000 жители„. [24)] Земјата била поделена на 33 области, меѓутоа, областите биле многу мали, некои не опфаќале ниту 400 000 жители. Таков бил случајот и во трите области на кои била поделена Вардарска Македонија и тоа: Скопската со 375 311 жители, Брегалничката со 109 416 жители и Битолската со 366 653 жители. По површина најголема била Битолската област со 11 969 км$^2$, потоа Скопската со 8 849 км$^2$, а најмала

---

[23)] Цветковска Надежда, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941), Прилог бр.4 „Историја„ год.XXXIV/XXXV, бр. 1-4, Скопје, 1998/1999, стр. 58.

[24)] Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија 1918-1929, Скопје, 1983, стр. 38.

Брегалничката со 4 956 км$^2$. [25)]

Скопската област ги опфаќала следните околии: Долни Полог (Тетово), Галичник (Ростуше), Горни Полог (Гостивар), Качаник, Кратово, Крива Паланка, Пореч (Јужен Брод), Прешево, Скопје, Велес и Жеглигово (Куманово). [26)]

На чело на секоја област се наоѓал Голем жупан. Него го поставувал Кралот, па според тоа, тој бил државен орган кој управувал со на државната управа во областа преку другите нему подредени пониски државни органи. Покрај управните органи во областите на чело со жупаните, биле предвидени и самоуправни органи избрани од народот. Самоуправните органи биле претставени од: обласните собранија и обласните одбори. Истата организација е воведена и во околиите - постоеле околиски управни органи со околиски началници на чело, односно со околиски поглавари, а исто така и самоуправни органи - околиски собранија и околиски одбори. [27)]

На 22 април 1922 година се донесени два закона со кои попрецизно се одредувала организацијата на локалната управа: Закон за обласната и околиската самоуправа и Закон за општинската управа. [28)] Во првиот закон не биле воведени окрузите како територијални управни и самоуправни единици, иако биле предвидени со Уставот од 1921 година, така што поделбата на целокупната државна територија, а во тој

---

25) Батовски Хенрих, Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка Република Македонија, Гласник на ИНИ, година XVI, бр. 1, Скопје, 1972, стр. 16.

26) Simeunoviš Vladimir, Stanovništvo Jugoslavije.., str. 118.

27) Цветковска Надежда, Локалната управа во Вардарскиот дел.., стр. 59.

28) Исто.

контекст и на Вардарскиот дел на Македонија, е изведена на области, околии и општини. Според Законот за обласната и околиската самоуправа, вкупно целото Кралство на СХС било поделено на 33 области со истиот број на околии. [29)]

Крива Паланка и Кривопаланечко според административната поделба биле формирани како посебна околија, со седиште во Крива Паланка. Според пописот извршен на 31 јануари 1921 година, Крива Паланка и околијата имале 5 982 куќи, со вкупно 38 921 жители. Според деталните статистички показатели бројот на населението и населените места, состојбата била следна:

| Име на општината | седиште | места кои ја составуваат општината | местото е | број на куќи | број на луѓе |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Градачка | Градец | 1.Градец | село | 137 | 1185 |
| | | 2.Габар | село | 117 | 795 |
| | | 3.Метежево | село | 63 | 471 |
| | | 4.Осиче | село | 68 | 482 |
| | | 5.Лозаново | село | 18 | 117 |
| | | | се | 439 | 3 050 |
| 2. Дурачко речка | Дурачка Река | 1.Кошаре | село | 12 | 93 |
| | | 2.Дурачка Река | село | 86 | 619 |
| | | 3.Станци | село | 69 | 497 |
| | | 4.Варовиште | село | 20 | 160 |
| | | 5.Мартиница | село | 30 | 194 |
| | | 6.Дрењак | село | 28 | 229 |
| | | 7.Костур | село | 14 | 112 |
| | | 8.Б´с село | село | 13 | 106 |
| | | | се | 272 | 2 010 |
| 3. Германска | Герман | 1.Герман | село | 142 | 991 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.Нерав | село | 91 | 688 |
| | | 3.Широка Планина | село | 54 | 369 |
| | | 4.Паклиште | село | 22 | 169 |
| | | | се | 309 | 2 217 |
| 4. Жиди-ловска | Жидилово | 1.Жидилово | село | 123 | 898 |
| | | 2.Кркља | село | 95 | 776 |
| | | 3.Узем | село | 59 | 429 |
| | | | се | 277 | 2 103 |
| 5. Крива Паланка | Крива Паланка | 1.Кр. Паланка | градче | 557 | 2 144 |
| | | 2.Дрење | село | 15 | 91 |
| | | | се | 572 | 2 235 |
| 6.Можднвња-чка | Можднвњак | 1.Псача | село | 188 | 1214 |
| | | 2.Можднвњак | село | 92 | 661 |
| | | 3.Борово | село | 24 | 243 |
| | | 4.Конопница | село | 192 | 1268 |
| | | 5.Тлминце | село | 27 | 189 |
| | | | се | 523 | 3575 |
| 7.Петраличка | Петралица | 1.Баратлија | село | 71 | 504 |
| | | 2.Петралица | село | 176 | 1241 |
| | | 3.Гиновци | село | 58 | 372 |
| | | 4.Милутиновци | село | 60 | 366 |
| | | 5.Криви камен | село | 16 | 120 |
| | | 6.Баштево | село | 39 | 312 |
| | | 7.Дубочица | село | 73 | 476 |
| | | | се | 493 | 3391 |
| 8.Подржи-коњска | Луке | 1.Луке | село | 136 | 872 |
| | | 2.Дубровница | село | 77 | 550 |
| | | 3.В.Црцорија | село | 77 | 493 |
| | | 4.Подржи коњ | село | 121 | 764 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 5.Огут | село | 133 | 904 |
| | | 6.Крстов Дол | село | 39 | 220 |
| | | 7.Жеравино | село | 28 | 197 |
| | | 8.Караманица | село | 52 | 389 |
| | | 9.Голеш | село | 22 | 149 |
| | | | се | 685 | 4538 |
| 9. Радовничка | Радовница | 1.Радовница | село | 196 | 1256 |
| | | 2.Црвен Град | село | 67 | 485 |
| | | 3.Црна река | село | 47 | 352 |
| | | 4.Пролесје | село | 45 | 179 |
| | | 5.Бабина Пољана | село | 45 | 350 |
| | | | се | 400 | 2622 |
| 10.Ранковачка | Ранковци | 1.Ранковци | село | 137 | 922 |
| | | 2.Радибуш | село | 121 | 820 |
| | | 3.Отошница | село | 84 | 622 |
| | | 4.Гулинце | село | 45 | 345 |
| | | 5.Станче | село | 31 | 201 |
| | | 6.Љубинце | село | 31 | 192 |
| | | 7.Ветуница | село | 14 | 293 |
| | | 8.Вржогрнци | село | 12 | 66 |
| | | | се | 475 | 3261 |
| 11. Стаевачка | Стаевац | 1.Стаевац (рибна) | село | 168 | 1141 |
| | | 2.Стаевац (гор) | село | 118 | 645 |
| | | 3.Сурлица | село | 102 | 718 |
| | | 4.Голочевац | село | 66 | 487 |
| | | 5.Глог | село | 34 | 274 |
| | | | се | 488 | 3265 |
| 12. Трговишка | Трговиште | 1.Трговиште | градче | 120 | 640 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.Д. Трница | село | 76 | 491 |
| | | 3.Церекарце | село | 66 | 353 |
| | | 4.Дејанци | село | 32 | 246 |
| | | 5.Зладовце | село | 30 | 219 |
| | | 6.Д. Козји Дол | село | 95 | 551 |
| | | 7.Г. Козји Дол | село | 62 | 350 |
| | | 8.Калово | село | 78 | 541 |
| | | 9.Г. Трница | село | 80 | 493 |
| | | 10.Г. Лесница | засел. | | |
| | | 11. Д. Лесница | село | 121 | 745 |
| | | | се | 760 | 4636 |
| 13. Трновска | Трново | 1.Трново | село | 153 | 1035 |
| | | 2.М. Црцорија | село | 54 | 590 |
| | | 3.Киселоца | село | 82 | 393 |
| | | | се | 289 | 2018 |
| Вкупно во околијата | | 75 | | 5 982 | 38 921 [30)] |

Според статистичките податоци територијалната поделба во Кумановскиот регион била следнава:

| Име на општината | местото е | број на куќи | број на луѓе |
|---|---|---|---|
| 1.Алгуња | село | _ | _ |
| 2.Арбанашко | село | _ | _ |
| 3.Бајловци | село | _ | _ |
| 4.Бељановце | село | _ | _ |
| 5.Биљановац | село | _ | _ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.Бучинце | село | _ | _ |
| 7.Ваксинце | село | _ | _ |
| 8.Вакуф | село | _ | _ |
| 9.Воиновиќ | село | _ | _ |
| 10.Војник | село | _ | _ |
| 11.Врачевци | село | _ | _ |
| 12.Горно Коњаре | село | _ | _ |
| 13.Градиште | село | _ | _ |
| 14.Дељадровци | село | _ | _ |
| 15.Доброшане | село | _ | _ |
| 16.Долно Коњаре | село | _ | _ |
| 17.Драгоманци | село | _ | _ |
| 18.Зубовце | село | _ | _ |
| 19.Јачинце | село | _ | _ |
| 20.Коњух | село | _ | _ |
| 21.Корабичане | село | _ | _ |
| 22.Куманово | град | _ | _ |
| 23.Кутлибегово | село | _ | _ |
| 24.Кучкарево | село | _ | _ |
| 25.Лопате | село | _ | _ |
| 26.Љубодраг | село | _ | _ |
| 27.Малино | село | _ | _ |
| 28.Малотино | село | _ | _ |
| 29.Матејче | село | _ | _ |
| 30.Младо Нагоричане | село | _ | _ |
| 31.Мршевци | село | _ | _ |
| 32.Мургаш | село | _ | _ |
| 33.Муталево | село | _ | _ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34.Никуљане | село | _ | _ |
| 35.Ново Село | село | _ | _ |
| 36.Опае | село | _ | _ |
| 37.Орашец | село | _ | _ |
| 38.Пелинце | село | _ | _ |
| 39.Петрово Село | село | _ | _ |
| 40.Проевци | село | _ | _ |
| 41.Речица | село | _ | _ |
| 42.Романовце | село | _ | _ |
| 43.Ропаљце | село | _ | _ |
| 44.Сопот | село | _ | _ |
| 45.Степенце | село | _ | _ |
| 46.Стрезовце | село | _ | _ |
| 47.Студена Бара | село | _ | _ |
| 48.Сушево | село | _ | _ |
| 49.Табановце | село | _ | _ |
| 50.Текија | село | _ | _ |
| 51.Тромеѓа | село | _ | _ |
| 52.Умин Дол | село | _ | _ |
| 53.Челопек | село | _ | _ |
| 54.Четирце | село | _ | _ |
| 55.Шупли Камен | село | _ | _ [31] |

---

[29] Исто.

[30] Малковски Ѓорѓи и др., Крива Паланка.., стр. 152.

[31] ДАРМ, ф. Врховно повереинство за Аграрна реформа (според аграрниот повереник во Скопје), книга 1, Скопје, 1939-1940. Податоците се дадени според Врховното повереинство за Аграрна реформа. Нема точни податоци за вкупниот број на население

Ваквата административна територијална поделба на Кралството на СХС се задржала се до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година. Тогаш се укинати Законот за обласната и околиската самоуправа, а на 3 октомври 1929 година е донесен Законот „за името и поделба на Кралството на управни подрачја „ , според кој „ ... државата на Србите, Хрватите и Словенците е наречена Кралство Југославија„. Извршена е нова административна поделба, според која Кралството Југославија е поделено на 9 бановини, а понатаму на околии и општини. Територијата на Македонија влегла во составот на Вардарската бановина со седиште во Скопје, која управно-административно територијална единица, освен вардарскиот дел на Македонија, опфаќала и дел од Јужна Србија и речиси цела Метохија. [32] Во тие граници Вардарска бановина (по некои промени) имала 36 642 км$^2$. Белградската влада намерно ги поврзала македонските и српските краишта во една администритивна единица за да може на тој начин, меѓу другото, да го негира постоењето на македонското население во државата. Бановите биле организирани како највисок облик на централизмот, претставувајќи административно-територијални единици подредени на централната власт. Со Диктатурата била зголемена централизацијата на власта одоздола нагоре, а сите важни директиви за нејзиното функционирање потекнувале од Кралот. Во бановините, а во тој контекст и во Вардарската бановина биле предвидени следните органи: бан, банска управа, бановински совет и бановински одбор. На чело на бановината стоел бан кого го поставувал Кралот со указ на предлог на министерот за внатрешни работи, а во согласност со претседателот на

---

во Кумановскиот регион, туку само за бројот на населените семејства опфатени со колонизацијата.

[32] Малковски Ѓорѓи и др., Крива Паланка... , стр. 154

Министерскиот совет. За банови во Вардарската бановина биле поставувани лица кои не биле Македонци туку Срби, и очигледно, ги познавале овдешните прилики. [33)]

Банот ја извршувал највисоката политичка и општествено управна власт на територијата на бановината-ги извршувал наредбите на Владата, управувал со бановинскиот имот, ги пропишувал бановинските даноци и го подготвувал бановинскиот буџет. Нему му биле потчинети сите органи на општата управа во бановината. Банот бил на чело на Банската управа која била поделена на одделенија, отсеци и оддели. При секоја банска управа, што значи и во Вардарска бановина, бил формиран бански санитетски совет, како стручен советодавен орган на банот. Со ретки исклучоци, на некои пониски чиновнички места биле поставувани и Македонци, но тоа било во многу мал број. [34)]

Територијалната поделба и локалната управа, воведени со Шестојануарската диктатура, се задржале се до донесувањето на Уставот од 3 септември 1931 година. И со новиот Устав останала истата територијална поделба, со таа разлика што сега, покрај управните, повторно биле воведени и самоуправните органи. [35)]

Според пописот на населението од 31 март 1931 година, Вардарска бановина била поделена на 44 околии и 453 општини. Бројот на населени

-----------------------------------------------------------

[33)] Цветковска Надежда, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000, стр 29.

[34)] Исто, стр. 30.

[35)] Бановините и понатаму се делеле на околии и општини, а покрај нив (т.е. покрај управните органи), била воспоставена и околиска и општинска самоуправа (собранија, совети и одбори). Во бановините, како и во 1929 година, биле предвидени истите органи на управата, со таа разлика што бановинскиот совет и бановинскиот одбор сега биле самоуправни органи.

места изнесувал 3 169. [36] Вардарскиот дел на Македонија што бил во составот на Вардарска бановина бил поделен на 29 околии и тоа: Галичка (Ростуше), Горнополошка (Гостивар), Долнополошка (Тетово), Кривопаланечка (Крива Паланка), Жеглиговска (Кумановска), Кратовска (Кратово), Битолска (Битола), Горнодебарска (Дебар), Кичевска (Кичево), Прилепска (Прилеп), Охридска (Охрид), Преспанска (Ресен), Струшка (Струга), Крушевска (Крушево), Мариовска (Битола), Поречка (Јужен Брод), Кочанска (Кочани), Малешевска (Берово), Овчеполска (Свети Николе), Радовишка (Радовиш), Царевоселска (Царево Село), Штипска (Штип), Велешка (Велес), Дојранска (Баландово), Гевгелиска (Гевгелија), Неготинска (Неготино), Кавадаречка (Кавадарци), Струмичка (Струмица), и Скопска (Скопје) - вкупно 949 958 или 60,34% од попишаните жители на територијата на оваа бановина. Во оваа бановина според пописот од 1931 година имало 271 873 домаќинства со 1 574 243 жители. [37]

Статистичките податоци коишто се однесуваат на Крива Паланка и Кривопаланечко како околија според дефинитивните резултати на пописот од 31 март 1931 година, состојбата со бројот на жители е следнава:

Околија Крива Паланка:

---

[36] Simeunoviš Vladimir, Stanovništvo Jugoslavije.., str. 18.

[37] Исто.

| општина | куќи | домаќинства | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Герман | 337 | 335 | 1 231 | 1 259 | 2 490 |
| 2. Крива Паланка | 1 238 | 1 266 | 4 016 | 3 635 | 7 651 |
| 3. Мождивњак | 533 | 529 | 1 726 | 1 874 | 3 600 |
| 4. Петралица | 465 | 459 | 1 528 | 1 577 | 3 105 |
| 5. Подржи Коњ | 692 | 692 | 2 157 | 2 392 | 4 549 |
| 6. Радовница | 404 | 409 | 1 389 | 1 453 | 2 842 |
| 7. Ранковец | 510 | 480 | 1 704 | 1 694 | 3 398 |
| 8. Стаевац | 532 | 531 | 1 818 | 1 904 | 3 722 |
| 9. Трговиште | 755 | 753 | 2 294 | 2 475 | 4 769 |
| 10. Жидилово | 638 | 638 | 2 137 | 2 269 | 4 406 |
| | 6 104 | 6 092 | 20 000 | 20 532 | 40 532[38)] |

Од горенаведеното може да заклучиме дека Куманово и Крива Паланка според административната поделба од 1929 година функционирале како посебни околии во составот на Вардарската бановина.

## *а) Полиција и жандармерија*

По завршувањето на Првата светска војна владеачката класа на Кралството на СХС настојува да изврши потполна

------------------------------------------------------------

38) Малковски Ѓорѓи и др., Крива Паланка.., стр. 155.

стабилизација на својот буржоаски систем и режим на класно владеење во Вардарска Македонија. Владеачките кругови во дадениот период најмногу се ориентирале кон целосно јакнење на воено-политичките позиции на војската и жандармеријата, како и на останатите економско-политички и државни фактори на кои требало безрезервно да се потпира власта на монархијата и на буржоазиите на југословенските народи на чело со големосрпската буржоазија.

Вардарскиот дел од Македонија по својата геополитичка положба и поради нерешеното национално прашање, и во 1919 година претставувал, еден од најсложените и најранливи проблеми во Кралството на СХС. Тука треба да се наведе и присуството на качачките арамиски банди во Западна Македонија, што упаѓале од Албанија, како и терористичката активност на четите на ВМРО на Тодор Александров, наречени „автономисти„ кои само ги предизвикувале српските власти да го засилат теророт врз македонскиот народ.

Со цел да се справи со овие проблеми големосрпската буржоазија, според своите прилики ја реактивирала и злогласната, специјална „Уредбата за јавна безбедност во ослободените области„ од 23 декември 1913 година. [39] Оваа „Уредба...„ , по се судејќи, претставувала типичен полициски акт со кој на српската полиција и жандармерија, како и на војската, и на сите органи на цивилните власти им се давале најшироки овластувања, поточно „сосема одврзани раце„ , општествениот ред и мир да ги обезбедуваат со најригорозни мерки и казнени постапки спрема сите граѓани во Вардарска Македонија, кои на било каков начин според толкувањата и наоѓањата на српските власти, би се огрешиле пред српските закони односно не би ја

---

[39] Јанев Јован, Режимот на специјалната уредба во Вардарска Македонија во текот на 1919 година, статии, Гласник на ИНИ, година XXVI, бр.2-3, Скопје, 1982, стр. 124.

прифатиле доброволно српската власт во Македонија. [40]

Министерството за внатрешни работи било централен орган на сите полициски структури, кое поради подобра координација на силите било поделено на четири одделенија: за државна заштита, јавна безбедност, самоуправа и управа. Во периодот од 1918 до 1929 година полициската управа во Јужна Србија ( и Вардарска Македонија ) биле поделени на обласни, окружни, околиски и општински полициски управи. [41] Во Вардарскиот дел на Македонија поради нестабилните државни граници министерството за внатрешни работи водело сметка и за граничната служба. Била основана гранична полиција и „гранични комесари„ , кои имале за цел да ги чуваат границите од сите оние кои во Кралството СХС влегувале како шпиуни, атентатори и комунисти. [42] Вардарска Македонија била во надлежност на Второта жандармериска бригада, а Скопје било седиште на 1.баталјонски штаб. Уште на самиот почеток на 1919 година, бројот на жандармериската формација во целата држава се наоѓал во процес на зголемување, при што, најголем дел бил испратен во Македонија, на Космет и во Војводина. Во еден извештај на командантот на целокупната жандармерија во Кралството на СХС се изнесуваат податоци за бројната состојба на 1. баталјон од Второта жандармериска бригада стациониран во Вардарска Македонија.

Во почетокот на 1919 година во вардарскиот дел на Македонија имало 1 136 жандари, кои вака биле распоредени по градовите: во Тетово-88, во Скопје-178, во Куманово-107, во Кавадарци-103,

---

[40] Исто.

[41] Jovanović Vladan, Jugoslovenskata drzava i Juzna Srbija 1918-1929, Beograd 2002, str. 86.

[42] Исто, стр. 88.

во Штип-176, во Битола-325 и во Охрид-159. [43] Нешто подоцна истата година овој број бил зголемен, така што во Скопскиот округ имало 283, во Битолскиот 328, во Тиквешкиот 169, во Брегалничкиот 361, во Кумановскиот 287, во Тетовскиот 112 и во Охридскиот 307 жандарми, или вкупно 1 847. [44] До 14 ноември 1919 дошло до зголемување на бројот на жандармеријата и тоа: во Скопскиот округ на 441, во Битолскиот на 423, во Брегалничкиот на 395, во Кумановскиот на 346, во Тетовскиот на 294, во Охридскиот на 348 и во Тиквешкиот 229. [45]

Во октомври 1919 година на територијата на Кумановскиот округ била распоредена В чета, која во својот состав имала 340 жандари и 4 офицери. Во нејзиниот состав влегувале 5 водови и тоа:

1. вод во Куманово 107 жандари и 1 офицер;
2. вод во Кратово 70 жандари и 1 офицер;
3. вод во Крива Паланка 50 жандари;
4. вод во Прешево 44 жандари и 1 офицер;
5. вод во Пезово 33 жандари и 1 офицер;

и четна резерва во Куманово. [46]

За бројноста на жандармериските сили во вардарскиот дел на

---

[43] Цветковска Надежда, Државните сили за безбедност во Вардарскиот дел на Македонија (1918-1929), Гласник на ИНИ, година 46, бр.2, Скопје, 2002, стр. 44.

[44] Јанев Јован, Режимот на специјалната..., стр. 127.

[45] Исто, стр. 131

[46] ДАРМ, ф ТАО, к. XXXV/3, бр. 320, (По наредба на командантот на II жандармериска бригада-распоред на чети на 1-от баталјон на 30 октомври 1919 година).

Македонија се изнесуваат различни податоци [47] но, сепак, може да се констатира дека тој изнесувал преку 70% од бројниот состав на југословенската жандармерија, односно, за воведување на ред и мир во Вардарска Македонија биле ангажирани околу 35 000 луѓе (војници, граничари, жандари, четници итн.), меѓу кои и 12 000 жандари (од вкупно 17 000), кои биле распоредени и употребувани за пацификација на Македонија. [48] Од ова може да се забележи дека во Вардарска Македонија се наоѓале 2/3 од вкупниот број на жандари во Кралството на СХС. Во 1928 година еден жандармериски стражар доаѓал во просек на 674 жители на Кралството на СХС, додека во Македонија еден стражар доаѓал на 102 жители. [49] Редовите на жандармеријата ги пополнувале доброволци , иако првенство имале „подофицирете од постојниот кадар„ , а жандарите морале да бидат помлади од 30 години, писмени, неженети и со „беспрекорно минато„. [50]

Всушност, вардарскиот дел на Македонија бил преполн со жандармериски станици. Жандармериските касарни биле градени со ангажирање на месното население (со кулук) и со материјални средства од двојно потекло. Имено, обласните управи во вардарскиот дел на Македонија за оваа цел

---

[47] Според Светозар Прибичевиќ, од 15 000 жандарми во Кралството на СХС, колку што ги имало во 1928 година, во вардарскиот дел на Македонија припаѓале 10 000. Според Михајло Апостолски, од 12 000 жандари во Кралството на СХС, околу 8 000 биле распоредени во вардарскиот дел на Македонија. Според буџетот за 1928 година, биле предвидени 20 000 жандари и 459 жандармериски офицери. Овој податок го потврдува излагањето на Воислав Лазиќ, министер за внатрешни работи, кога на собраниската седница одобрил јавна лицитација за набавка на 20 000 чивта чевли за жандармеријата. Цветковска, Надежда, Државните сили за безбедност..., стр. 44.

[48] Цветковска Надежда, Македонското прашање ..., стр. 32.

[49] Цветковска Надежда, Државните сили за безбедност..., стр. 44.

[50] Исто.

давале пари од своите буџети, иако со државниот буџет веќе била финансирана изградбата. Така, во 1928 година биле издвоени 1 ,6 милиони динари за изградба на жандармериски згради.

Кога станува збор за воспоставувањето и организацијата на полицискиот и жандармерискиот апарат, треба да нагласиме дека во вардарскиот дел на Македонија тој апарат главно бил регрутиран од добро обучени луѓе, по потекло Срби, дојдени од Србија или од Црна Гора, или од колонисти населени во вардарскиот дел на Македонија. Во вардарскиот дел на Македонија тие работеле според основните упатства, но и според посебно подготвени акти од Министерството за внатрешни работи. Полициските и жандармериските сили кај поголемиот дел од населението имале лоша репутација. Биле изнесени податоци дека во периодот од 1918 до 1929 година на работа загинале 11 жандармериски офицери и 816 жандарми. [51)]

### *в) Војска*

Во вардарскиот дел на Македонија, освен српската жандармерија и полиција, била ангажирана и војската на Кралството на СХС, за да ја обезбеди власта на големосрпската буржоазија. Територијата на Вардарска Македонија по 1918 година припаѓала на Третата армиска област, формирана во првата половина на 1919 година. Таа се состоела од неколку дивизиски области (Вардарска, Косовска, Брегалничка, Битолска). На територијата во вардарскиот дел на Македонија и по завршувањето на војната се уште биле стационирани воени единици од силите на Антантата (француски, италијански и грчки).

Со оглед на тоа дека се уште не биле решени политичките

---

[51)] Исто, стр. 45.

прашања од Првата светска војна (статусот на Струмица, границата со Албанија, нападите на комитите и качаците) војската се уште одржувала мобилна состојба. Во јануари 1919 година на границата кон Бугарија во делот на Крива Паланка била распоредена 25. чета со јачина од 2 офицери и 70 војници. [52)]

Хаотичната состојба во деловите кон Бугарија и Албанија во 1923 година довела до реорганизација на граничните чети. Сите овие чети припаѓале на Третата армиска област со седиште во Скопје. Имено, Граничната војска по 1918 година била составен дел на мирновременските формации на војската, но на 1 октомври 1922 година била укината, а нејзините претставници биле ставени во надлежност на Министерството за финансии поради планираното формирање на „финансиски стражи„. Но недостигот од безбедносни сили, особено во граничните реони, било причина веќе во 1923 година да започне организацијата на Граничната војска. Речиси сите 32 чети биле распоредени на територијата на III армиска област. Кон крајот на 1925 година Граничната војска броела 30 чети со околу 2 880 војници од кои 10 чети биле распоредени на границата со Албанија, 16 на границата со Бугарија и 4 на границата со Грција. Четите биле распоредени во 5 сектори: Призрен (5 чети), Охрид (7 чети), Струмица (4 чети), Кочани (11 чети) и Крива Паланка (3 чети). Секоја чета на границите кон Албанија и Бугарија имала по 3 официри и 100 војници, додека четите кон Грција имале по 70 војници. [53)]

Се почестите судири на жандармеријата и војската на Кралството со комитските чети, ја принудиле власта, во јули 1922 година, да ја

---

[52)] ДАРМ, ф. ТАО, (микрофилм 342), (Команда граничних трупа до команданта III армиске области, јануари 1919 година), бр. 393.

[53)] Jovanović Vladan, Jugoslovenskata drzava ..., str. 103.

засили Вардарската дивизиска област во нејзиниот источен дел со уште поголеми воени сили. Овие сили биле распоредени на три линии:

прва линија: Крива Паланка-Царев врв-Саса-Каменица-Драмче-Царево село-с. Панчарево-с. Црник-Пехчево-Берово- Ново село;

втора линија: Страцин - Кратово - Кочани - с. Шипковица - Радовиш-Струмица и

трета линија: Куманово-с. Павлешинци-Свети Николе-Штип-река Крива Лакавица. На првата линија биле распоредени III баталјон и две чети, II ридска батерија и еден ескадрон коњица. [54] Сето ова придонело за одобрување на вонредни кредити на војската, така за 1922/23 година биле одобрени 10 милиони динари за итно подигање караули и објекти за сместување на гарнизоните на III армиска област. Исто така, поголема сума била предвидена за адаптација на старите и изградба на нови гарнизонски објекти. [55]

Во Скопје бил сместен и штабот на 27. артилериски полк(за Источна Македонија), 4. хаубичка дивизија, 1. и 2. батерија (Струмица), 2. батерија (Кочани) и 3. батерија (Крива Паланка). [56]

Во вардарскиот дел на Македонија формацијата на пешадијата на југословенската војска на 1 јули 1928 година изгледала вака:

---

[54] Жежов Никола, Режимот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и отпорот на македонскиот народ во Брегалничкиот округ 1918-1924 година, (магистерски труд во ракопис), Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ , Филозофски факултет-Скопје, 2000, стр. 34.

[55] Цветковска Надежда, Државните сили..., стр. 48.

[56] Jovanović Vladan, Jugoslovenskata drzava ..., str. 99

---

| Пешади-ски полк | седиште на | седиште на | седиште на | седиште на | Митрале-ска |
|---|---|---|---|---|---|
| 12.п.п. | | | | | |
| Дебар | Дебар | Кичево | --- | Дебар | Дебар |
| 12.п.п. | Скопје | Скопје | Гостварт | Скопје | Скопје |
| Скопје | | | | | |
| 22.п.п. | Куманово | Куманово | Кратово | Куманово | Куманово |
| Куманово | | | | | |
| 28.п.п. | Велес | Велес | Гевгелија | Велес | Велес |
| Велес | | | | | |
| 46.п.п. | Битола | Охрид | Битола | Прилеп | Битола |
| Битола | | | | | |
| 49.п.п. | Струмица | Струмица | Струмица | Берово | Струмица |
| Струмица | | | | | |
| 50.п.п. | Скопје | Скопје | --- | --- | Скопје [57] |
| Скопје | | | | | |

---

Големите воено-полициски сили се покажале како недоволни за заштита на границата со Бугарија од навлегувањето на комитските чети на ВМРО. Главна причина заради неефикасноста на овие сили била слабата дисциплина, како и несодветниот распоред на гломазниот војнички и полициски апарат на теренот на овој регион. Бидејќи не можеле да се спречат комитските навлегувања, целокупното внимание на вооружените сили на режимот било насочено кон преземање

---

[57] Цветковска, Надежда, Државните сили..., стр. 46.

на репресивни мерки врз локалното население. Оваа тешка состојба придонела уште повеќе да се зголеми незадоволството кај народот, и да придонесе за создавање на уште поголема омраза на македонскиот народ кон режимот на Кралството на СХС.

# Глава II

# ФОРМИ И МЕТОДИ НА АСИМИЛАЦИЈА И ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА ВО КУМАНОВСКО-КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН ОД СТРАНА НА КРАЛСТВОТО НА СХС (1918-1929)

## 2.1. Просветната политика на Кралството на СХС во Кумановско-Кривопаланечкиот регион (1918-1929 )

По завршувањето на Балканските војни, Вардарска Македонија влегла во составот на Кралството Србија и српската власт веднаш презела мерки за отворање училишта на српски јазик. Тогашната власт, првин настојувала да отвори училишта во приватни и други згради во оние села каде пред тоа работела патријаршиски и егзархиски училишта. Во тоа време немало стручен училишен кадар, бил користен кадарот, каков-таков, од претходниот период од Кумановскиот крај, а училишниот инвентар бил минимален. Она што било преземено на планот на школството во Македонија ( и Куманово и Кумановско ) било прекинато за време на Првата светска војна.

По Првата светска војна Вардарскиот дел од Македонија влегол во составот на Кралството на СХС, формирано на 1 декември 1918 година. Владеачката буржоазија своето внимание главно го насочила кон зајакнување на својата власт и кон создавање на цврст чиновнички апарат и била обновена работата на основните и средни училишта ( гимназиите ). Со цел да се извршат овие нивни планови и

полесно да го асимилираат и динационализираат македонскиот народ тие пристапиле кон организација на просветата и школството врз основа на Законот за народни училишта од 1904 година, со измени и дополни од 23. јули 1919 година, [58] и Законот за средни училишта од 1912 година. [59] Вардарскиот дел од Македонија бил организиран како единствена просветна област составена од пет просветни окрузи ( скопски, кумановски, брегалнички, тиквешки и тетовски) кои пак понатаму се делеле на училишни срезови. Со школството во Кралството на СХС раководело Министерството за просвета, а учителите биле назначувани од министерот. До нормализирање на наставата дошло во школската 1922/23, а наредната година била извршена реставрација на поголем број на училишта, така што во Македонија работеле 130 училишта, со 143 одделенија и 49 полудневни училишта, со 94 одделенија, кај кои се чувствувал недостаток од просветен кадар. [60]

Така, Министерството за просвета на 6 март 1919 година го известило Военото министерство за големиот недостиг од овој наставен кадар. Било потенцирано дека во војната била изгубена 1/4 од квалификуваните наставници. И во поранешниот период се чувствувал голем недостиг од наставнички кадар. По завршувањето на војната, недостигот бил уште поголем, бидејќи голем број загинале на бојното поле, а и поради зголемениот број на ученици. Се сметало дека средните училишта во војната изгубиле преку 150 наставници. [61]

---

[58] Jovanović Vladan, Jugoslovenskata drzava ..., str. 134.

[59] Исто, стр. 137

[60] Исто.

[61] Јовановиќ Марија, Просветно-политичките..., стр. 121.

Големиот недостиг во квалификуван просветен кадар во средните училишта, просветните власти го решавале со тоа што голем број на Руси-емигранти од Царска Русија ги поставувале како контрактуални наставници по гимназиите и другите средни училишта. Овие наставници обично предавале во училиштата туѓи јазици, вештините и вероучение. Така, од еден извештај на пратеникот на Министерството за просвета, од прегледот на работата на гимназиите во Куманово и Тетово, за учебната 1921/22 година, се констатира дека 40% од наставничкиот кадар го претставувале Руси. Иако нивната стручност позитивно се оценувала при предавањето на одделни предмети, се констатирало дека тие поради незнаењето на српскиот литературен јазик, не биле погодни за извршување на србизацијата на Македонците во Вардарска Македонија, а која задача се сметала за примарна. Поради тоа и овие наставници биле преместувани во северните краишта на Србија. [62)]

Освен недостатокот на просветен кадар, тогашните училишта во Кумановскиот округ и пошироко биле многу слабо опремени со наставни помагала. Во најголемиот број на училишта, фондот на наставните средства и помагала се сведувал само на училишна табла, сметалка и понекаде карта, а за друго средство не станувало ни збор. Работата на учителскиот кадар во Кумановскиот регион, како и во останатиот дел на Вардарска Македонија била многу отежната и поради употребата на српскиот јазик во училиштата, што било дел од спроведуваната денационализаторска политика на големосрпската буржоазија во Македонија, кој бил неразбирлив за македонските деца, а уште повеќе за децата од албанската и турската националност. Тоа барало учителите да вложат вонредно многу напор во работата со учениците, бидејќи не го знаеле српскиот јазик и со тешкотии ја следеле

---

62) Исто, стр. 122.

наставата. [63)]

Како основа за ширење на српскиот јазик и култура како во Македонија, така и во Кумановско-Кривопаланечкиот регион служеле основните и средните училишта. Овие училишта работеле под контрола на Министерството за просвета и нивните претставници на теренот - инспектори, надзорници итн.. На Македонците им било скратувано правото да бидат училишни надзорници, што значи дека на таа должност можеле да дојдат само проверени и доверливи лица на големосрпската владеачка буржоазија, а не се поставувале надзорници кои имале стручни квалификации за тоа. Во Кумановскиот округ во учебната 1923/24 година на должноста училишен надзорник се наоѓал Михајло Николиќ. [64)] Во Кумановската училишна околија во 1918 година биле затекнати 24 основни училишта, а до 1929 година биле изградени уште 15 и нивниот број пораснал на 39 основни училишта, додека за Кривопаланечката околија недостасуваат податоци. [65)] Во учебната 1921/1922 година во основните училишта во Кумановскиот округ биле запишани вкупно 8 410 ученици.

Од средните училишта, во Кралството на СХС поголемиот број биле гимназиите. Во периодот од 1918 до 1929 година, во целото Кралство работеле 174 гимназии, од кои 15 во Вардарска

---

63) Наумовски Светозар, Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941), ИНИ, Скопје, 1992, стр. 86.

64) Јовановиќ Марија, Просветно-политичките..., стр. 153

65) Исто, стр. 302

66) Новитовић Јеротије, Средње школе у Краљевини С.Х.С. Јубиларни зборник живота и рата СХС 1. XII. 1918-1928, 1 део, Београд, 1928, стр. 400-402.

Македонија. [66] Многу голема била желбата на големосрпската буржоазија да се отворат што повеќе гимназии во Вардарска Македонија и се правеле напори што побрзо да се отпочне со работа. Меѓутоа, тоа било неостварливо бидејки со по два, три квалификувани наставници во местата во кои постоеле гимназии, тешко можело да се отпочне со работа. На пример, во непотполната Кумановската гимназија на почетокот на учебната 1918/1919 година имало 300 ученици, а само 3 наставници, па во врска со ова прашање началникот на Кумановската област испратил извештај до министерот за просвета во Белград со кое ја осудувал политиката на Кралството на СХС што настојувала кон отворање на поголем број на гимназии без да се обезбеди доволно квалификуван наставнички кадар. [67] Тој барал да се укинат одделни гимназии, а тие што ќе останат да работат да се комплетираат со наставнички кадар. Така било планирано да се укинат гимназиите во Крива Паланка и Кратово со цел да комплетира наставничкиот кадар во кумановската гимназија, [68] а учениците од овие гимназии биле испратени да ја завршат учебната година во гимназијата во Куманово. Државната гимназија во Куманово била формирана во 1913 година и во неа требало да работат 20 наставници со 638 ученици. Меѓутоа кумановската гимназија започнала да работи дури во учебната 1919 година и располагала со осум класови. Во учебната 1922/23 година кумановската гимназија е подигната во степен на полна гимназија, а во 1929 година дошло до укинување на горните класови и е сведена во непотполна, така што кумановските ученици морале да

-----------------------------------------------------------

[67] Исто, стр. 211

[68] Исто

одат во гимназиите во соседните градови. [69]

Во 1918/1919 година започнала со работа гимназијата во Крива Паланка, а уште веднаш била затворена непотполната гимназија поради немање услови за работа. [70] Во учебната 1920/21 година, на предлог на просветниот инспектор за Скопската област, а по наредба на началникот на Одделението за народни училишта, за учител во неполната гимназија е назначен Игњат Натевиќ (Натев), еден од првите месни учители во Крива Паланка. [71]

Во учебната 1923/24 година во Крива Паланка се намалил бројот на основните училишта од 22 на 18, а овие податоци зборуваат за посебната просветна политика која била спроведувана во источните региони на Вардарска Македонија што секако претставувало одраз на тогашната политичка состојба и лошата безбедност на земјата, како и немање на доволно училишен кадар и недоверба во кадрите по потекло од Македонија. [72] Во учебната 1928/1929 година во Крива Паланка било отворено граѓанско училиште . Со отворање на овие училишта во Кралството на СХС се започнало подоцна и овие училишта имале практичен карактер од типот индустриски, земјоделски или трговски. [73]

Со цел да се шири основното образование, да се градат училишта

---

69) Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопје 1937, стр.936

70) Документ за поставување од Министерството за просвета на Кралството СХС ( ОН. бр. 1267 од 16 јануари 1921 година, Београд).

71) Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики , стр. 213

72) Исто, 196

73) Исто, 237

и да се врши асимилација и денационализација преку нив, во 1925 година за 28 села во Кумановскиот округ биле издвоени 1 милион и 40 илјади динари, а во оваа учебна година полната кумановска гимназија имала 13 паралелки со 511 ученици. [74)]

Големосрпската владеачка буржоазија не престанала да се занимава со решавање на прашањето околу македонските учители. Таа не помислувала да отстапи од зацртаната просветна политика И понатаму продолжувала да ги смета македонските учители како сомнителни, несигурни и поставувала барања за нивно отстранување од родната земја и од сопствениот народ. Така, на 9 јуни 1927 година интервенирало и Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС, одделението за државна безбедност, со еден документ во кој се барало да се преместат во Северна Србија на превоспитување учители од македонско потекло од повеќе области и околии, меѓу кои и Кривопаланечката околија, со цел да се зацврстат таму со идејата за народно и државно единство и да научат што е слобода, а дури по две до три години да се испраќаат долу бидејќи не го научиле добро српскиот јазик, а децата ги учеле да зборуваат на лош дијалект т.е. македонски и дека не се срби, туку се изјаснувале како македонци. [75)]

Испраќаните учители - Македонци на „превоспитување„ во северните краишта на Србија, настојувале што побргу да се вратат на служба во Македонија. Јавувајќи се на распишаните конкурси, тие успевале одново да добијат учителско работно место во родниот крај. Штом ќе се нашле во својата средина тие продолжувале да зборуваат

---

[74)] Иван Катарџиев, Време на зреење, том 1, Скопје 1982, стр. 80

[75)] Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики..., стр. 164-165

на македонски јазик и истиот го употребувале и при изведувањето на наставата. Училишните надзорници строго воделе сметка и скоро секој збор го регистрирале, и во колку забележеле дека тој не е во духот на српскиот книжевен јазик, учителите веднаш ги повикувале на одговорност и од нив барале писмени изјави. Учителите во своја одбрана го истакнувале фактот, дека наставата ја изведувале на македонски јазик поради тоа што учениците не го разбирале книжевниот српски јазик и барале истата да се изведува на македонски јазик. Од надзорниците биле укорувани дека не смееле така да постапуваат и тоа им се препишувало за голема грешка. Овие просветни работници биле прогласувани како „непогодни за овие краишта„ и се барало нивно преместување. [76] Во еден од поретките документи во кои на Македонците не им се прилепува бугарска етикета, а кој потекнува од Генералштабното одделение при Министерството на војската и морнарицата, доставен како строго доверлив на 5 март 1928 година до министерот за просвета, Милан Грол, се предупредувало за опасноста која постоела од македонските чиновници во Кривопаланечката околија. Во текстот на документот меѓу другото се вели: „Македонците со своето држење јасно покажувале дека не се пријатели на големосрпскиот режим, туку напротив, во народот ја подржуваат антидржавната расположба и негуваат надеж за ослободување„. [77] Големосрпската владеачка буржоазија немала милост ни кон просветните работници-комунисти. Така училишниот надзорник во Жеглиговската ( Кумановска ) околија Љуб. А. Ковачевиќ, во доверливиот акт од октомври 1921 година доставено до инспекторот

---

[76] Исто, стр. 164.

[77] Исто, стр. 167

на Вардарската просветна област во Скопје, а од негова страна препратен до Министерството за просвета во Белград, јасно укажува на фактот дека просветните работници-комунисти не биле погодни за спроведување на денационализаторска и асимилаторска политика преку просветата на македонскиот народ и народностите во Македонија од страна на владеачката буржоазија во Кралството на СХС и затоа морале итно да бидат отстранети од оваа средина. [78)]

Просветните работници носители на комунистичките идеи, работеле по училиштата низ цела Вардарска Македонија. Може слободно да се рече дека не постоела околија во која немало по неколку просветни работници, кои ширеле комунистички идеи. Особено за време на изборите тие биле меѓу главните агитатори и организатори во народните маси. По оваа наредба, започнала масовна раздвиженост на претставниците на управните и полициските власти околу пронаоѓањето на што повеќе податоци за просветните работници-комунисти низ цела Македонија. Се вршеле сослушувања, се прибирале податоци и се давале мислења до Министерството за просвета во Белград. Се повикувале на сослушување и се барале изјави од осомничените и обвинетите за комунистичка дејност просветни работници. Потоа, надзорниците давале свое мислење за одделни кандидати и истите спрема пројавената активност ги категоризирале и барале за едни отпуштање од работа, за други пензионирање, за трети отстранување од средината во која дотогаш делувале и ги испраќале во „посигурни краишта„ на земјата. Такви се сметале окрузите во Шумадија, а посебно за таа цел бил нагласуван Крагујевачкиот округ.

Несомнено дека учителите - Македонци, кои работеле по

---

[78)] Пов..Акт.бр.11,17.Х.1921,.Куманово -ДАРМ 66-8-27 1921

градовите и селата низ Македонија, одиграле важна улога во зачувувањето на јазикот и обичаите. Тие многу придонесувале со тоа што на младото поколение му всадувале чувство дека се Македонци, кое било поткрепувано и од страна на родителите. Упорноста, дури и храброста која во дадени моменти ја пројавувале, била голема. На прашањето и забелешките за мерките на власта, зошто учителите ги воспитуваат децата дека се Македонци, а не Срби, бидејќи тоа не смееле да го чинат, тие смело одговарале дека за тоа немале напатствија и наредби. Опасноста по српската националистичка и шовинистичка политика во Вардарска Македонија била толку голема и постојано присутна, што властите сметале дека било подобро во едно село да нема училиште, отколку да има училиште и учител, кој ќе ги учи децата дека се Македонци. Затоа, и во текот на 1927 година, Министерството за внатрешни работи и Министерството за просвета, спроведуваат нова хајка против учителите Македонци. Проверувајќи ја во детали нивната дејност за изминатиот период и согледувајќи дека не успеале да постигнат тоа за што упорно се бореле на сите страни, единствено што им преостанувало било да го изведат во своја полза што побрзото отстранување на учителите Македонци од Македонија. И кон тоа остварување пристапиле усилно. Создадени се безброј досиеја на учители обвинети за пробугарска дејност. [79)]

Со цел да се спречат овие активности кои не оделе во прилог на политиката на владеачката буржоазија за асимилација и денационализација на македонскиот народ, биле подготвени специјални списоци на просветни работници кои припаѓале на Комунистичката партија по оделни окрузи. Прогонети

---

79) Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики..., стр. 164-165

просветни работници за комунистичка дејност во Кривопаланечко од 1919-1921 година биле: Александар Пауновиќ, учител во с. Радибуш, Боривое Златиќ учител од с. Отошница и Милиќ Раковиќ учител од с. Петралица и Милан Петровиќ учител од с. Станчевац. [80)]

Прогонети просветни работници за комунистичка дејност во Кумановскиот округ од 1919-1921 година биле: Милорад Јовановиќ, привремен предметен наставник во кумановската гимназија, Бранислав Антиќ, учител во с. Челопек, Светозар Живковиќ, учител во с. Старо Нагоричани, Данило Аруновиќ, учител во с. Градиште, Србислав Милошевиќ, учител во с. Жегљане. [81)] Така, учителот Србислав Милошевиќ бил преместен во Беочинската околија, по клевета од Околискиот началник за Кумановската околија, бидејќи „ постојано работел и се уште работел јавно и тајно на организирањето на Комунистичката партија, и ја критикувал работата и положбата на државата секогаш и на секое место, потикнувајќи ги со тоа народните маси на незадоволство спрема државата,,). [82)]

Исто така, било доволно учителите кои не припаѓале на политичката партија која во моментот била на власт, не само да бидат преместени „по потреба на службата,, туку и физички да бидат малтретирани. Така, учителот од Кривопаланечкото село Петрашинци Бранко Станимировиќ, бил претепан од страна на претседателот на општината и полицајците во присуство на полицискиот началник.

---

80) Николовски-Стојановиќ Стојко, Школството во Куманово и Кумановско 1805-2000, Куманово, 2001, стр. 29.

81) Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики , стр. 139-140

82) ДАРМ. Ф. „Министерство просвете Краљевине Југославије,, , фотокопии кут. бр. 1 (Барање на Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС, Пов. бр. 12770 од 12. 09. 1921 година, испратено до Министерството за просвета).

Притисоци над учителите од страна на режимот биле вршени во најголем дел за време на изборите.[83)]

За спроведување на зацртаната програма за асимилација и денационализација бил ангажиран посебен административен апарат на власта, кој се грижел за работата на народно просветување и надвор од училиштата. Според програмата биле предвидувани и спроведувани разни форми на народно просветување: описменување преку алфабетски курсеви, помошни страници, амбулантни училишта, одржување предавања за народот, отварање на библиотеки и училишта на српски јазик, издавање книги за народот, формирање на културно-просветни друштва и друго.[84)] Во основните училишта постоеле повеќе ученички организации, специјално организирани, со цел младината да ја воспитуваат во големосрпски дух. Меѓу овие организации најраспространети биле: Црвениот крст, Трезвена младеж, Соколското друштво и Јадранската стража. Во 1923 година во Куманово е формирано Соколското друштво.[85)] Кривопаланечко Соколското друштво било формирано 1924 година, а за младината да не се самоорганизира и да остане без контрола, во управата на паланечкото друштво влегувале луѓе од полицијата и војската.[86)]

Во учебната 1928/1929 година во Кумановската училишна околија, од овие организации најраспространето било хуманитарното друштво Црвен крст, во кое членувале 1591 ученик, потоа

---

83) Наумовски Светозар, Напредното учителство..., стр. 108.

84) Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики , стр.9

85) Малковски Ѓорѓи и др., Крива Паланка..., стр. 180.

86) Марковиќ Светозар, Школство Јужне Србије, 1937,стр. 1027

Соколското друштво со 100 ученици и Јадранска стража 397 ученици, или вкупно во овие организации членувале 2070 ученици од Кумановската училишна околија. [87] Од страна на овие друштва била спроведувана денационализаторска и асимилаторска политика на големосрпската буржоазија меѓу младата македонска популација.

Освен во основните училишта, и во гимназиите во Кумановскиот округ постоеле литературни книжни дружини кои претежно носеле имиња на српски писатели. Во кумановската гимназија постоела литературно театарска дружина „ Његош " и литературна дружина „ Радичевиќ ". Освен во литературните дружини, учениците членувале и во Колото на сојузот на трезвената младина ( К.С.Т.М. ), Спортскиот клуб „ Ловачко срце " и Феријалниот сојуз. [88]

Во библиотеките на основните и средни училишта се наоѓале главно книги од српската книжевност и историја. Меѓутоа овие библиотеки биле слабо користени, а главни причини биле недоволното разбирање на српскиот јазик и српските националистички тематики, како и неписменоста кај народот. За полесна асимилација и денационализација, покрај Министерството за просвета кое давало книги како подарок на народните, училишните и другите библиотеки со националистичка и друга популарна литература за народот, слични книги на подарок давале и разни националистички друштва, како што е „Св. Сава„ и др. Така, на пример, главниот одбор на друштвото „Св. Сава„ им испратило веднаш по Првата светска војна, извесен број книги на училишните библиотеки при средните и нижите гимназии и истите послужиле како основен книжен фонд при создавањето на училишните

---

[87] Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики , стр.380

[88] Исто, стр. 381-382

библиотеки во Македонија. Од 13 подарени фондови на училиштата во „Јужна Србија„ 10 биле наменети за училиштата во Македонија и тоа за следните места: Охрид, Битола, Велес, Скопје, Кавадарци, Прилеп, Тетово, Штип и Куманово. [89)]

Во народните библиотеки и читални се држани предавања со националистичка содржина во кој македонскиот народ е прикажуван како српски, величени се српскиот дух и култура и Македонија е прикажувана како српска земја. Овие предавања немале некое особено влијание кај широките народни маси. Поголем број на народни библиотеки и читални не само што не држале предавања со денационализаторски карактер, туку преку предавањата развивале значајна културно-просветна и марксистичка дејност.

Уште во почетокот на формирањето на Кралството СХС, во библиотеките и читалните што се наоѓале во склопот на народните, т.е. комунистичките клубови и домови се држани предавања со марксистичка содржина. Особено голема активност развила Кумановската библиотека и читална. Преку предавањата кумановското граѓанство се запознавало со сите прашања од општествено - политичкиот и културниот живот. Биле организирани предавања на следните тематски основи: „За постанокот на светот „ , „За постанокот на животот на земјата„ , „За раѓањето на религијата„ , „За социјалистичкиот реализам во книжевноста„ , „За нацијата и националното прашање„ , „За борбата против фашизмот„ , „За единството на сите прогресивни сили на народот во борба за негово ослободување„ , „За народниот фронт„ , „За оправданоста на борбата

---

[89)] Георгиевски Михајло: Културна-просветната и политичката улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ година XXVI, бр.1, Скопје, 1982, стр. 162.

на шпанскиот народ„ , „За социјалистичката демократија„ , „За социјалистичкиот реализам„ , и др. Со тоа е извршена значителна, напредна, културно-просветна и политичко-марксистичка улога кај широките народни маси во Македонија. [90]

Во 1926/1927 година, гимназијата во Куманово располагала со најголем број на книги и тоа 1 746, од вкупно 10 533 книги колку што имало во библиотеките во вардарскиот дел на Македонија. [91] Во училиштата и другите институции официјален јазик бил српскиот јазик. Македонскиот јазик не бил воведен во наставата, туку на учениците и на другите Македонци им било забрането да се служат со него на улица и на други јавни места, а им се препорачувало да не зборуваат македонски и дома. Полицијата ги прогонувала и претставниците на власта коишто со Македонците зборувале на нивното месно наречје. Така, народниот пратеник за Кривопаланечката околија се жалел пред Народната скупштина дека командирот на жандармериската станица во Крива Паланка му забранувал да зборува со селаните на месното наречје, велејки дека тоа е бугарски јазик. [92] Во помалите места српската пропаганда била поизразена, поголем бил контактот на месното македонско население со српскиот јазик, со што се создал интерес кон српското национално ориентирање на Македонците. [93]

---

[90] Чушкар Боро, Борбено Куманово 1919-1941 година, Куманово, 1971, стр. 469-471.

[91] Георгиевски Михајло: Културна-просветната и политичката улога..., стр.260.

[92] Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје 1966, стр. 88-89

[93] ДАРМ фонд РВСР, кут. 8/11, матр. бр. 21, Материјали за Жика Лазиќ ( Изјава на д-р Коста Тренчев), стр.2

Иако од страна на владеачката буржоазија била спроведувана силна просветна политика сепак таа не постигнала поголеми успеси во асимилацијата и денационализацијата на македонскиот народ.

## 2.2.Црковната политика на Кралството на СХС во Кумановско - Кривопаланечкиот регион (1918-1929)

Во 1919 година Вардарскиот дел на Македонија повторно потпаднал под српска власт, и бил поделен на четири црковни административни единици и тоа: Скопска митрополија и трите епархии: Охридска, Битолска и Злетовско-Струмичка. Црквата играла голема улога во обидите за асимилација и денационализација на македонскиот народ, а имала голема подршка и од српската владеачка буржоазија во остварување на хегемонија во вардарскиот дел од Македонија. Таа сиот свој црковно-административен апарат го ставила на располагање на српскиот режим. Светиот синод на Српската православна црква во соопштението од 4 ( 17 ) јули 1922 година, истакнал дека државната власт со закон треба да обезбеди материјални средства и своја заштита на Српската црква, бидејки таа со векови ја докажувала својата државотворна способност и останала и сега еден од најважните фактори за консолидирање со државата. [94] Скопската митрополија била поделена на осум намесништва: Скопје со 28 парохии, Куманово со 32, Крива Паланка со 25, Велес со 21, Кратово со 16, Тетово со 20, Горно-Полошка ( Гостиварска ) со 14 и Поречко

---

[94] Димевски Славко, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989, стр.892

наместништво со 6 парохии. [95] Според статистичките податоци од 1925 година во Скопската митрополија при крајот на 1924 година состојбата на парохии била следната:

| | цркви | | | парохии | |
|---|---|---|---|---|---|
| | парохии | помошни | вкупно | потполнети | празни |
| Куманово | 16 | 6 | 22 | 30 | 2 |
| Кр.Паланка | 17 | 4 | 21 | 21 | 4 |

Според верската припадност, населението во Кривопаланечко било речиси целосно македонско. Од вкупно 40 532 жители, како Македонци се изјасниле 39 978 жители, муслимани имало 448, католици 87 и 19 други христијани. [96]

Славата како домашен празник многу одамна е позната кај македонскиот народ. Се славеле домашни христијански светители како заштитници на семејството, селото, околината, народот итн. Како најраспростанета меѓу македонскиот народ, Српската црква настојувала да го искористи овој празник како средство за асимилација и денационализација, претставувајки ја славата како српски празник, дека таа е единствено српско обележје и преку славата се обележувале границите во кои живеел српскиот народ. [97]

Бидејќи во Источна Македонија се славел Илинден како општо македонски верски празник, Жика Лазиќ наредил секое семејство да слави „ српска слава на српски начин ” , а кој тоа не

---

[95] Костадиновски Драги, Вардарскиот дел на Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-1941), Скопје 1995, стр. 62

[96] Малковски Ѓорѓи и др., Крива Паланка.., стр. 156.

[97] Исто, стр. 80

го правел се сметал како „ македонствујушчи ” и бил казнуван со парична казна од 500 динари. [98)]

Македонскиот народ во овој период, иако се нашол во многу тешка положба, настојувал да си ги зачува своите обреди, црковно-народни традиции и обичаи. Народот често пати се спротиставувал кога претставниците на Српската православна црква воведувале нови обичаи. Со самото навлегување на СПЦ во вардарскиот дел на Македонија биле променети презимињата на Македонците, додавајки им ја наставката -иќ, а во црковните регистри каде имало рубрика за национално потекло, наместо Македонец се запишувало Србин, без прашање на странката. [99)] Била донесена одлука на новородените деца да им се даваат „ чисто српски ” народни православни имиња, а за неизвршување на наредбата од страна на свештениците се предвидувале најостри законски мерки. [100)] Македонскиот народ се спротивставувал на ваквата денационализација спроведувана од страна на Српската православна црква во разни форми и тоа:

Јавно се спротивставувале и не ги прифаќале имињата од списоците кои им биле понудени и ги принудувале свештениците на новородените деца при крштевање да им даваат имиња од македонско потекло. Кумановскиот окружен протојереј Божа Јокановиќ, при ревизија на црквите во Кумановската и Кривопаланечката околија во 1925 година, констатира и го предупредува Скопскиот митрополит во врска со посочениот проблем и

---

[98)] ДАРМ. фонд РВСР, кут. 8/11, матр. бр. 21, Материјали за Жика Лазиќ ( Изјава на д-р Коста Тренчев), стр. 1

[99)] Димевски Славко, Историја на ..., стр. 906

[100)] Костадиновски Драги, Вардарскиот дел на..., стр. 108

пишува: „ Крајно време е свештениците да ги извршуваат наредбите на претпоставените црковни власти и при крштевање на децата да им даваат имиња според именикот, кој благовремено им беше доставен„.[101)]

Македонскиот народ исто така давал отпор и на тој начин што при крштевањето децата биле заведувани под едно име, при упис во училиште под друго, за одење во војска под трето итн. Во ваквиот отпор учествувало и македонското свештенство кое ја застапувало волјата на народот. Согледувајки ја ваквата состојба, Српската православна црква настојувала да се ослободи од македонското свештенство преку разни пензионирања, преместувања и поставување во служба надвор од границите на Македонија. Така на пример, вакви преместувања биле извршени во Кривопаланешката околија и тоа: Ѓорѓе Младеновиќ, парох кукљански, Теодосије Поповиќ, парох петралички, Аритон Димчиќ, парох трновски, Ѓорѓе Алексиќ, парох крстовдолски и од Кумановската околија: Андон Даневиќ, парох градишки, Зафир Величковиќ, парох стрезовски, Арса Додиќ, парох младонагоричански, Теодосие Тадиќ, парох романовски итн.[102)]

Српската православна црква својата денационализаторска и асимилаторска мисија ја вршела преку разни манифестации и акции. Така, скопскиот митрополит одржувал т.н. „ Молебен " или „ Помен ", а народот, учителите со учениците од месните училишта и чиновништвото биле задолжително собирани да ги слушаат пораките на својот архипастир. Ваквата канонска визитација на скопскиот

---

101) ДАРМ Фонд Скопска митрополија, 1912-1941, кут. 11 фасц. 1, православен протојереј округа Кумановског, бр. 3574 од 13/26 X

102) ДАРМ - Фонд Скопска митрополија, 1912-1941, кут. 65 вариа ( Пов. М. бр. 12 од 20/II 1928 по нов стил, Скопје)

митрополит во 1922 година само во Кумановската околија траела 20 дена. [103] Парохиските свештеници биле задолжени за време на богослужбите јавно да ги произнесуваат молитвите за кралицата Марија, а особено за кралот Александар, со што индирекно се барало постојано да го потсетуваат македонскиот народ за неговото т.н. „ ослободување " од страна на Србија. [104]

Со приклучување на македонските епархии кон Српската православна црковна управа, најголемиот дел од материјалните потреби на српските црковни претставници во Македонија, директно или индирекно морало да ги подмирува месното население, односно македонскиот народ. По завршувањето на Првата светска војна како што може да се заклучи од поголем број на документи од тоа време, не било организирано прибирање на материјални средства за издршка на свештениците.

Така, државата наместо бир ( црковен данок ) одлучила на свештениците да им исплаќа по 90 динари месечно, или 6 динари дневно. На свештениците кои биле државни службеници, од старите и „ новите " краеви, што имале плата под 5 000 динари, ќе им исплатува по 6 динари, додека пак оние што имале плата над 5 000 динари ќе им исплатува по 8 динари дневно, [105] а нешто подоцна македонскиот народ бил задолжен да плаќа прирез на основниот данок за потребите на црквата. Српската црква помагала во асимилацијата и денационализацијата и преку колонизирање на црквите и манастирите.

---

[103] Костадиновски Драги, Вардарскиот дел на Македонија под јурисдикција.., стр. 89

[104] ДАРМ Куманово фонд: Окружен протопрезвитерат Куманово, кут. 3 Духовни суд епархије Скопљанске, бр. 7546 Скопје, 24 (7. X) IX. 1922 год.34)

[105] Исто.

Со префрлање на свештеници од другите епархии од Кралството на СХС во македонските парохии, и со нивното узбашување и доделување на земјиште, државата вршела колонизација на самото свештенство со единствена цел, да ја зацврсти големосрпската хегемонија во Македонија.

Живеејки во специфични услови, обесправени и постојано под нечиј надзор, свештениците од македонско потекло немале можности да се организираат и заеднички да истапат против политиката на Српската православна црква и нејзините цели. Истапувале индивидуално, онаму каде што не било впечатливо, и каде се истакнувале нивните несогласувања со официјалната политика на големосрпската буржоазија и Српската православна црква. И покрај сите овие мерки Српската православна црква доживеала неуспех и успеала да вклучи само мал дел од македонскиот народ во својата денационализаторска, асимилаторска и хегемонистичка политика.

Главно сите обиди на СПЦ наидувале на пасивен или активен отпор кај македонскиот народ поради суровите методи на нивно спроведување, а освен тоа и неуспех на српската асимилаторска политика било и се поголемото и почестото појавување на национална свест кај македонскиот народ.

## 2.3.Колонизацијата од страна на Кралството на СХС во Кумановско-Кривопаланечкиот регион ( 1918-1929 )

Со цел полесно да ја воспостави и зацврсти својата власт во вардарскиот дел на Македонија, владеачката буржоазија на Кралството на СХС вршела колонизација на овие краишта. Оваа колонизација била интезивно спроведувана во првите години меѓу двете светски војни.

Колонизацијата во вардарскиот дел на Македонија започнала веднаш по завршувањето на Првата светска војна во 1919 година со Уредбата за населување на новоослободените и присоединети области на Кралството Србија од 1914 година, со која се предвидувало само колонизација, без да биде решено чивчиското прашање, кое ќе започне да се решава дури со законот од 1931-33 година. [106] Најнапред колонизацијата ги зафатила северните области од Вардарска Македонија поради близината со другите краишта на државата од каде што главно доаѓале колонистите. Населувањето било спроведувано со Уредбата за населување на т.н. „ јужни краишта " од 24 септември 1920 година. Со таа Уредба биле одредени земјиштата за населување:

а) слободните државни земјишта

б) општинските и селски земјишта и утрини и

в) пустите земјишта и оние кои се трајно напуштени од нивните сопственици. [107]

При населување, колонистите имале право на бесплатен превоз на сите членови на семејството, стока и покуќнина, добивале бесплатен градежен материјал, биле ослободени од царина и од плаќање данок до 10 години итн. Ова право го искористиле голем број колонисти од Босанска Краина и од Лика. Колонистите имале право бесплатно да ги користат државните и општински шуми за подигнување на куќи, слободно да ги користат селските и општинските утрини за пасење на добитокот и други привилегии. [108] Од друга страна колонистите биле должни да ја обработуваат земјата, да се

---

106) Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија.., стр. 63

107) Крстиќ Ѓорѓо, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево 1928, стр. 3-4

108) Исто, стр. 4

зачленат во аграрните задруги, да не ја оутѓуваат земјата дури не станат нејзини сопственици ( за 10 години ), да ѕидаат куќи за себе и да одговараат за сите обврски од Уредбата ( член 24 ). Колонистот го губел правото врз земјата, ако одржувал врски со антидржавни елементи. [109)]

За да ја разбие етничката целина на македонскиот народ, како во вардарскот дел на Македонија, така и во Кумановско-Кривопаланечкиот регион, режимот на Кралството на СХС сакал со силни законски мерки да привлече што поголем број на колонисти - Срби во Македонија, со што би и дал српски етнички белег. Според законот за колонизација на „јужните краишта" како колонисти се предвидувале: сиромашни државјани на Кралството на СХС, занаетчии, доброволци во војните ( тука спаѓаат и четниците ), пониски државни чиновници кои вршеле служба во погранични региони, луѓе кои купиле земја според услови на Министерството за земјоделие, разни аграрни задруги, бегалци и други слоеви. [110)]

Со цел да ги подобри приликите за колонизација, Ѓорѓе Крстиќ, кој бил судија на Врховниот суд во Скопје од 1927 година бил назначен за главен аграрен повереник. Тој истакнал дека најпогодни за асимилација на македонскиот народ биле населениците од Врањскиот и Пиротскиот округ, бидејќи во менталитет биле слични со Македонците, а како непогодни за асимилација ги посочил Црногорците-колонисти. [111)] На прво место при колонизирањето во Македонија биле ставани доброволците од Солунскиот фронт во

---

[109)] Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија.., стр. 118

[110)] Исто ,стр. 64-65

[111)] Исто, стр. 91-92

Првата светска војна, четниците, а потоа оптантите и бегалците. Овие лица воопшто не се занимавале со земјоделство, туку земјата ја давале под наем на месното население, а тие живееле по градовите занимавајќи се со друга професија. На тој начин, колонистите се богателе за сметка на месното македонско население. [112)]

При населувањето на луѓе од другите краишта на Кралството на СХС во Вардарска Македонија, македонскиот народ активно се спротивставувал, бидејќи плодното земјиште им било давано на колонистичките семејства. Со колонизацијата се стеснувале и селските утрини, а слободните ливади им биле отстапувани на колонистите. Од вкупната површина опфатена со аграрната реформа во Македонија 52,44% добиле колонистите, 39,55% македонските селани, а остатокот од 8,01% им припаднал на училиштата, војската и жандармериите. [113)] Разместувањето на колонистите било различно. Првенствено се населувале околу главните сообраќајни комуникации и стратешки важни места, со што им обезбедувала подобра економска положба отколку што ја имале македонските селани. На тој начин големосрпската буржоазија создавала здрави упоришта на својата власт. Особено се водело сметка колонизирањето да се спроведува во пределите по текот на реката Вардар, а потоа да се форсира во пограничниот појас кон Бугарија. Честопати, овие настојувања останувале неостварливи. И односот на населението во одделни краишта, всушност бил еден од пресудните фактори за колонизирање

---

112) Исто, стр. 107

113) Бурзевски Ванчо, Колонизација и деколонизација на Македонија, Скопје 1997, стр. 44

на поголем или помал број на колонисти. [114]

Меѓу колонизираните семејства најмногубројни биле по потекло од Србија, потоа од Хрватска, Босна, Херцеговина и Далмација, а најмалку од Словенија.

Во Кумановско, колонизацијата започнува веднаш по завршувањето на Првата светска војна. Во селата кои се наоѓале блиску до Кумановско, биле населувани Личани и Банаќани во компактни маси, а во другите колонии доселениците биле измешани. Такви колонии се создадени во Табановце и Тромеѓа, каде што претежно доселениците потекнувале од Банат, потоа во Љубодраг, Умин дол итн. [115] Соогласно прописите според кои се вршела колонизацијата, се определувал минимум од 5 ха земја за едно населено домаќинство, потоа уште по 2 ха за секое машко лице член на семејството, ако има над 16 години, и уште по 3 ха за домаќинство што имало алат и добиток за обработување на земјата, па така населените семејства добивале над 10 ха плодна земја. [116]

За да привлечат што поголем број на колонисти во Македонија, нејзините природни услови и продуктивноста на земјата биле фалени од надлежните лица. Така, во 1924 година М. Мателијан, надзорник на колонијата Љубодраг ( кумановско ), за да ја популаризира колонизацијата ја покажува Македонија како „ цветна градина ”, истакнувајќи дека краиштата во нивната татковина не

---

[114] Бојаџиевски Ефтим, Колонизацијата во Македонија (1912-1941), Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 1961, стр. 208-209.

[115] Соколов Лазар, Општествено-економскита и национално-политичката положба во Куманово и Кумановско меу двете светски војни. Куманово и Кумановско во НОБ 1941-1942, Куманово 1979, стр. 447

[116] Исто

можеле да се споредат со неа. [117] Според статистиката на Милан Ившиќ, во Кумановско биле населени 360 семејства што претставувало најголем број на семејства населени во 1919 година од сите други окрузи во Македонија земени поединечно. [118] Околу Кумановско, најмногу биле населени Личани, кои не сакале да се одвојат, додека во другите колонии населениците биле измешани. Сите колонии во Кумановскиот округ биле добри, имало изградено куќи, населениците го поседувале потребниот инвентар и може да се каже дека биле потполно стабилизирани, освен 2 - 3 колонии. [119] Од колониите во Кумановско, најдобри биле Табановце, каде главно биле населени колонисти од Банат и Љубодраг, каде колонистите биле измешани. [120] Со помош на државните власти во 1921 година била основана колонијата Љубодраг. Оваа колонија името го добила по првото колонистичко семејство доселено од Банат. Старешината се викал Љубо, а неговата жена Драга. Набрзо потоа се доселиле и други колонистички семејства: 20 од Банат и Срем, 30 од Лика, Далмација и Србија, така што во 1925 година оваа колонија имала околу 50 куќи. [121] Друга таква колонија била Ново Село каде по Првата светска војна се доселиле главно две групи доселеници од областа Горна Пчиња и од околината на Пирот. Тие сочинувале околу

---

117) Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија.., стр. 86

118) Исто, стр. 119

119) Крстиќ Ѓорѓо, Колонизација..., стр. 20-21

120) Исто

121) Трифуновиќ Јован, Кумановска област (сеоска насеље и становништво), Скопје 1974, стр. 48

90% од вкупниот број на население. [122]

Со Уредбата за населување на „јужните„ нови краишта од 24 септември 1920 година се предвидувало да се создадат комисии за населување, (чл. 10) кои имале задача да ограничуваат на теренот комплекси земја за целите на колонизацијата. Чл. 11 од Уредбата им давал неограничено право на комисиите да опфаќаат во комплексите за населување и приватна земја, под услов на сопственикот да му се даде во замена земја со еднаква вредност на друго место. Овие широки овластувања, комисиите често пати ги злоупотрбувале на штета на месното население. Тие безобзирно ограничувале и цели синори на дадено место, а месното население залудно чекало со години да му се додели земја на друго место наместо неговата што му била ограничена за целите на колонизацијата. Така, комисијата за Кумановската околија со записник од 25 октомври 1925 година, го ограничила имотот на Ѓоше Димковиќ-Сопотски, касап од Скопје. Иако Ѓоше имал тапија на имотот, потврдена од Првостепениот суд во Куманово под бр. 5.234/23 од 25 мај 1923 година, истиот му бил даден на населеникот Рајко Благоевиќ, од с. Горњи Бродац, околија Биелинска. Цели 10 години Сопотски водел судски спор и најпосле, дури во 1933 година, го добил спорот. [123]

При ограничувањето на земјата за колонизација во Кривопаланечко, познато по својата пасивност, не се водело воопшто сметка за потребите на месното население и покрај барањето на народниот пратеник за тој крај да им се додели земја од пустите комплекси на селаните од с. Стаевац, Трговиште и Герман. [124]

---

122) Исто, стр.52

123) Апостолов Александар, Колонизацијата на.., стр. 110-113.

124) Исто, стр. 147.

Колонизацијата во Македонија се одвивала главно во три етапи и тоа: прва етапа од 1919-1923 година, втора од 1924-1928 година и трета од 1929-1941 година.

Во првиот период 1919-1923 година започнала колонизацијата „ без план", без потребниот административен апарат, без геометри и капитал. И покрај тешкотиите, сепак колонизацијата забележала извесни успеси. Според Ѓорѓо Крстиќ, вистинската организирана работа на колонизацијата започнала со создавањето на Министерството за аграрна реформа ( 12.02.1920 ), како и со формирањето на Аграрна дирекција во Скопје и окружни поверенства во Македонија. [125]
Во 1921 година, Државата отпушти 6 милиони динари за целите на колонизацијата, а за 1922/23 година биле одобрени средства од 23 295 000 динари, и од таа сума најголем дел бил употребен за „ Јужните Краишта " . [126] Од вкупниот број на доселени 2 139 семејства во Вардарска Македонија до крајот на 1923 година, најмногу семејства биле населени во Кумановскиот округ и тоа 525 семејства. [127]

Според статистичките податоци на аграрниот фонд за Кумановскиот регион земјата била разделена на следниот начин: во селото Зубовце биле ограничени 7,84 хектари, биле доделени 10,59 хектари на еден чифчија;
во село Сушево биле ограничени 93,81 хектари, од кои биле доделени 28,58 хектари и тоа 23,57 хектари на двајца чифчии и 5,01 хектари за утрини и испаша на стока;

=======================================================

[125] Исто, стр. 122

[126] Исто

[127] Исто, стр. 123

во село Вакуф биле ограничени 42,24 хектари;

во село Кутлибегово биле ограничени 85 хектари, од кои биле доделени 39,98хектари и тоа на 8 домашни семејства биле доделени 20,90 хектари, на еден сопственик без решение му било доделено 1,16 ха и за утрини и испаша на стока 17,92 ха;

во село Бељановце биле ограничени 4,35 ха наменети за колонизација;

во село Малино биле ограничени 7,46 ха;

во село Јачинце биле ограничени 16,99 ха, на две домашни семејства биле доделени 9, 78 ха;

во село Пелинце биле ограничени 6,00 ха, од кои на две домашни семејства биле доделени 5,87 ха;

во село Војник биле ограничени 68 ха, од кои за колонизација биле предвидени 15 ха;

во село Младо Нагоричане биле ограничени 392,05 ха, од кои на 3 колонистички семејства им биле доделени 54,50 ха, на 4 доброволци и четници им биле доделени 26,86 ха, на 12 сопственици без решение 22,85 ха, на 1 жандарм или војник 0,55 ха, на 32 домашни семејства 96,73 ха, на една јавна установа 2 ха, за утрини и испаша на стока 2,55 ха, за патишта 0,81 ха;

во село Тромеѓа биле ограничени 763,19 ха, од кои за 84 колонистички семејства биле доделени 548,51 ха, на еден доброволец 14,75 ха, на 2 сопственици без решение 5,60 ха, на 18 домашни семејства 99,44 ха , за патишта 0,62 ха;

во село Шупли Камен биле ограничени 139 ха, од кои на 3 колонистички семејства биле доделени 20,42 ха, на еден доброволец 8,20 ха, на 2 сопственици без решение 3,73 ха, на еден жандарм или војник 1,00 ха, на 11 домашни семејства 40,28 ха , за утрини 7,48 ха, за патишта 0,46 ха и на едно основно училиште 1,03 ха;

во село Алгуња биле ограничени 376,31 ха, од кои на 11 колонистички семејства биле доделени 101,53 ха, на еден доброволец 5,00 ха, на 56

домашни семејства 92,73 ха , на две основни училишта 3,00 ха, за патишта 1,66 ха, за утрини 37,18 ха, на една јавна установа 1 ха, а за колонизација биле наменети уште 34,02 ха;
во село Муталово од 300 ха за колонизација биле предвидени 300 ха; во село Челопек биле ограничени 348 ха, од кои на 8 домашни семејства биле доделени 42,66 ха, за патишта 0;10 ха, а за колонизација биле наменети уште 0,38 ха;
во село Биљановац биле ограничени 232,80 ха, од кои на две домашни семејства биле доделени 6,43 ха, а на 5 сопственици без решение 15 ха;
во село Долно Коњаре биле ограничени 282,62 ха, од кои на едно колонистичко семејство биле доделени 7,62 ха;
во Куманово биле ограничени 418,22 ха, од кои за 16 колонистички семејства биле доделени 43,85 ха, на 11 доброволци или четници 37,57 ха, на 16 сопственици без решение 40,84 ха, на еден жандарм или војник 1,43 ха, за патишта 1,24 ха и на едно основно училиште 1,46 ха и на една јавна установа 0,13 ха;
во село Проевци од 9,97 ха за колонизација биле предвидени 8,42 ха;
во село Љубодраг биле ограничени 468 ха, од кои за 53 колонистички семејства биле доделени 382,66 ха, на 3 доброволци или четници 34,71 ха, на 8 домашни семејства биле доделени 31,30 ха, на 3 сопственици без решение 11,13 ха, за патишта 7,29 ха, на едно основно училиште 2,02 ха и на една јавна установа 1,69 ха;
во село Лопате биле ограничени 134,30 ха, од кои за 8 колонистички семејства биле доделени 44,19 ха, на 5 доброволци или четници 32,31 ха, на 7 домашни семејства биле доделени 34,03 ха, за патишта 8,43 ха и за утрини 5,25 ха;
во село Опае биле ограничени 17,30 ха, од кои за едно основно училиште 0,63 ха, за утрини 0,96 ха и за колонизација биле наменети уште 0,03 ха;
во село Речица биле ограничени 625,37 ха, од кои за 41 колонистичко семејство биле доделени 237,96 ха, на 3 доброволци или четници 24,52 ха,

на 4 домашни семејства биле доделени 25,93 ха, за патишта 5,28 ха и за утрини 4,11 ха, на две јавни установи 1,27 ха и за колонизација биле наменети уште 1,30 ха;

во село Ропаљце биле ограничени 222,54 ха, од кои за 8 колонистички семејства биле доделени 82,90 ха, на 21 домашно семејство биле доделени 131,81 ха, за патишта 5,49 ха и за утрини 19,75 ха, на 2 сопственици без решение 2,99 ха, за колонизација биле наменети уште 1,94 ха;

во село Матејче биле ограничени 219 ха, од кои за 9 колонистички семејства биле доделени 42,91 ха, на 41 домашно семејство 167,11, на 3 сопственици без решение 0,21 ха, на еден жандарм или војник 0,94 ха, за патишта 5,22 ха и на едно основно училиште 1,00 ха;

во село Ваксинце на едно домашно семејство било дадено 6,61 ха;

во село Воиновиќ биле ограничени 283,62 ха, од кои за 14 колонистички семејства биле доделени 99,53 ха, на 2 домашни семејства 6,98 ха, на 6 сопственици без решение 30,03 ха, на 10 доброволци или четници 81,90 ха, за патишта 14,54 ха;

во село Горно Коњари биле ограничени 127,40 ха, од кои за 5 колонистички семејства биле доделени 37,23 ха, на 10 домашни семејства 38,70 ха, на 2 доброволци или четници 14,92 ха, за утрини 12,52 ха и на еден угледен економист 60 ха;

во село Сопот биле ограничени 78,65 ха, од кои на 1 домашно семејство биле доделени 0,18 ха, за утрини 26,73 ха и на 1 сопственик без решение 0,19 ха;

во село Табановци биле ограничени 187,40 ха, од кои за 26 колонистички семејства биле доделени 148,62 ха, на 11 домашни семејства 19,34 ха, на 1 доброволец или четник 4,99 ха, за патишта 4,42 ха, на две јавни установи 1,63 ха и за колонизација биле наменети уште 0,75 ха и на едно основно училиште 1,28 ха;

во село Четирце биле ограничени 24,75 ха, од кои за колонизација биле наменети 1,30 ха;

во село Корабичане биле ограничени 497,03 ха;

во село Бучинце биле ограничени 708,93 ха, од кои за 3 колонистички семејства биле доделени 272,56 ха, на 18 домашни семејства 60,89 ха, на 2 доброволци или четници 31,44 ха, на еден жандарм или војник 1 ха, за патишта 12,16 ха, на 1 јавна установа 2 ха и за колонизација биле наменети уште 26,98 ха и на 2 основни училишта 3 ха;

во село Дељадровци биле ограничени 201,74 ха, од кои за 8 колонистички семејства биле доделени 122,93 ха, на 33 домашни семејства 103,28 ха, на еден жандарм или војник 23,43 ха, на 15 сопственици без решение 107,57 ха, за утрини 25,39 ха, за патишта 11,15 ха, на 1 јавна установа 40 ха и за колонизација биле наменети уште 1,28 ха;

во село Доброшане биле ограничени 19,08 ха;

во село Мршевци биле ограничени 615,49 ха, од кои за 56 колонистички семејства биле доделени 528 ха, на 3 доброволци или четници 25,27 ха, за утрини 46,70 ха, за патишта 12,58 ха, на 1 јавна установа 0,25 ха и на едно основно училиште 1,81 ха;

во село Петрово Село биле ограничени 241,5 ха, од кои за 19 колонистички семејства биле доделени 133,98 ха, на 6 доброволци или четници 10,84 ха, на 8 домашни семејства 19,21 ха, на 1 сопственик без решение 3,24 ха за утрини 2,68 ха, за патишта 2,50 ха, на 1 јавна установа 0,40 ха и за колонизација биле наменети уште 13,26 ха;

во село Романовци биле ограничени 61,05 ха, од кои на 2 домашни семејства биле доделени 5,53 ха и за колонизација биле наменети уште 1 ха;

во село Студена Бара биле ограничени 323,57 ха, од кои за 4 колонистички семејства биле доделени 29,39 ха, на 1 доброволец или четник 5 ха, на 43 домашни семејства 98,94 ха, за патишта 3,23 ха и за колонизација биле наменети уште 7,15 ха;

во село Текија биле ограничени 14,40 ха, од кои за 10 домашни семејства биле доделени 3,13 ха, за утрини 1,70 ха, за патишта 0,35ха;

во село Умин Дол биле ограничени 731,74 ха, од кои за 72 колонистички семејства биле доделени 496,44 ха, на 11 домашни семејства 96,99 ха, за утрини 93,65 ха, за патишта 22,56 ха, на 3 јавни установи 1,40 ха и за колонизација биле наменети уште 0,79 ха; [128)]

Според статистичките податоци на аграрниот фонд за Кривопаланчкиот регион, земјата била разделена на следниот начин:
во село Дурачка Река биле ограничени 248 ха, од кои на 73 домашни семејства биле доделени 163,07 ха и за патишта 2,16 ха;
во село Гиновци биле ограничени 16,48 ха;
во село Криви Камен биле ограничени 60 ха;
во село Ветуница биле ограничени 85 ха, од кои на 9 домашни семејства биле доделени 27,11 ха и за патишта 0,73 ха;
во село Псача биле ограничени 11,32 ха;
во село Конопница биле ограничени 3,69 ха;
во село Мала Црцорија биле ограничени 37,92 ха;
во село Станци биле ограничени 75 ха, од кои на 62 домашни семејства биле доделени 81,14 ха и за патишта 0,30 ха;
во село Градец биле ограничени 151,16 ха од кои на 2 домашни семејства биле доделени 6,38 ха и за колонизација биле ненаменети 62,83 ха;
во село Метежево биле ограничени 250 ха, од кои за утрини 119,46 ха и за патишта 0,85 ха;
во село Дрење биле ограничени 24,30 ха, од кои за колонизација биле наменети 20,40 ха;
во градот Крива Паланка биле ограничени 118 ха, од кои на 25 домашни семејства биле доделени 5,73 ха, за утрини 110,53 и за колонизација биле

---

128) ДАРМ, ф. Врховно поверенство за Аграрна реформа (според аграрниот повереник во Скопје), книга 1, Скопје, 1939-1940.

ненаменети 3,61 ха; [129)]

Од ова можеме да наведеме дека во Кумановско бројот на населени колонистички семејства е следниот: Тромеѓа 85, Умин дол 73, Мршовце 59 ( сега припаѓа на град Скопје), Љубодраг со 56 семејства, Речица со 44, потоа три маали во село Табановце ( Воиновиќ, Киселица и Сланиште ) со 51 семејство. Во град Куманово биле населени 53 семејства. [130)] Останатите семејства биле населени во пооделни села и тоа: Лопате 13 семејства, Алгуња 12, Ропаљце 8, Младо Нагоричане 7, Горно Којнаре 7, Матејче, Студена Бара и Бучинце (сега припаѓаат на Скопје ) по 5 семејства, Шупли Камен 3, Проевци 2, Долно Којнаре 1 семејство итн. [131)] Од вкупниот број на колонизирани семејства, 58 добиле земја како привилегирани колонисти-доброволци. Колонизацијата била најинтензивна во периодот од 1920-1925 година, а потоа била со послаб интензитет и поединечно населување се до пропаѓањето на Кралството Југославија во 1941 година. Најмногу биле колонизирани сиромашни селани и колонисти кои не поседувале земја и тоа од сите краеви на Кралството на СХС, освен Словенија, додека најголем број биле од Србија и помал број

---

[129)] Според Врховно поверенство за Аграрна реформа (според аграрниот повереник во Скопје), книга 1, Скопје, 1939-1940, во Кривопаланечко може да се забележи дека нема населено колонисти, додека од приогот 1 (карта на колонизација во Македонија од 1919 до 1. 1. 1929, стр. 208) кај Апостолов, Александар, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје, 1966, може да се види дека во Кривопаланечко постосле колонии.

[130)] Михајлова Филимена и Стојмановски Иванчо, Населениците во Куманово и акција на партиската организација против нивното иселување. Куманово и Кумановско во НОБ 1941-1942, Куманово 1979, стр. 224

[131)] Исто, стр. 224

Црногорци и Хрвати. [132] Доселеници од Србија најмногу биле од Горна Пчиња, Врањско-Прешевската област, околината на Гилане, Пиротскиот крај итн. Сепак најмногу доселеници имало од Горна Пчиња и тоа во следните села: Алгуња, Арбанашко, Лопате, Љубодраг, Малотино, Нагоричани, Ново Село, Рамно, Сопот, Степинце, Сушево, Табановци, Умин Дол итн. [133] Доселеници од околината на Гилане имало во селато Никуљане, од околината на Врање имало во селата: Старо Нагоричани, Четирце, Корабичане, Градиште, Кучкарево, Мургаш, Кутлибегово, и доселеници од други краеви на Србија во селата: Бајловци, Врачевци, Драгоманци, Којинце, Пелинце, Коњук, Стрезовци, Опае итн. [134] Меѓу доселениците во кумановско имало и помал број на словенски доселеници од Арбанија, потоа српски доселеници од Хрватска ( Лика, Банија ) во селата Орашец и Жегљане. [135] Во вториот период од 1924-1928 година колонизацијата била со нешто послаб интензитет. Во првите месеци од 1924 година на територијата на Вардарска Македонија биле населени 456 семејства, од кои 194 во Кумановско. Во наредните години колонизацијата била скоро запрена, бидејќи државата не располагала со капитал потребен за создавање на нови колонии. [136] Колонистите најмногу се населувале и добивале земја на беговските утрини и ораници и во однос на домашното население биле привилегирани,

---

132) Исто

133) Трифуновиќ Јован, Кумановска област.., стр. 205

134) Исто, стр. 206

135) Исто

136) Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија.., стр. 123

добивале материјал за изградби на куќи, а некои и готови куќи. Исто така, преку аграрната заедница нејзините членови можеле добијат заем за семе, жито за прехрана, облека и други артикли, потоа добиток, земјоделски алатки, градежен материјал, а за кое враќање биле предвидени подолги и покуси рокови. Привилегии имало и дел од домашното население кое добивало земја како дополна за својата докажана лојалност кон династијата и „ заслугите за српството ". [137] Исто така, треба да се има предвид дека и кога некои македонски селани добиле земја, критериум за тоа не била нивната материјална и социјална положба, туку пак некои „национални чувства„ и слично. За тоа говори самиот врховен повереник за аграрната реформа, кој во 1928 година пишува дека треба да се обрне некое внимание и на домашните селани, но не на сите. Поконкретно тој вели: „Треба да се знае дека северно од Скопје се најдува нашиот најнационален крај, така наречена Скопска Црна Гора. На нив како на чувари на нашето име и на големата идеја, во прв ред треба да им се помогне„. Така се постапувало и со одделни селани во околиите на Пчиња, Порече и Крива Паланка. [138]

Големосрпската буржоазија настојувала со промена на топонимите да врши асимилација на македонскиот народ. На новосоздадените колонии им се давале имиња на историски личности од српската историја или имиња на лица заслужни за тогашните режими. Како на пример, селото Воиновиќ (Кумановско ). [139]

---

[137] Михајлова Филимена и Стојмановски Иванчо, Населениците во Куманово.., стр. 224

[138] Бурзевски Ванчо, Економската положба на македонските селани меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ година XXVI, бр.2-3, Скопје, 1982, стр. 101.

[139] Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија.., стр. 90

Иако со колонизацијата и аграрната реформа добивале земја и месни аграрни интересенти, нивната површина била помала од површината што им била доделена на колонистите, со полош квалитет, и ни од далеку не можела да ги задоволи потребите на македонскиот селанец. Бидејки не можеле да ја прехранат својата фамилија, мажите морале да бараат работа надвор од местото на живеење, па дури и надвор од својата татковина. Врз основа на една анкета што ја направил Растко Пуриќ, се гледа дека од печалбарство живееле 89,2% од целокупниот број на населението, во Дебарската околија 62,2%, во Струшко 42,6%, во Кривопаланечко 45,48% и др. [140)]

Главна цел на колонизацијата во вардарскиот дел на Македонија била да изврши асимилација и денационализација на македонскиот народ. Во Кумановскиот округ најмногу колонисти биле доселени од Србија и најчесто биле населувани покрај важните стратешки места и им била доделувана најплодната обработлива земја за штета на македонското население. Поради сето ова, македонското население немало симпатии кон колонистите. Така, во почетокот тешко воспоставувало некои пријателски односи, а помеѓу некои од нив доаѓало и до поостри судири.

Борбите меѓу комитските чети и државните власти, во врска со спроведувањето на колонизацијата во Вардарска Македонија, најлошо се одразиле врз македонскиот народ, кој трпел неподнослив терор и уништување, како од едните, така и од другите. Неправдите спрема македонскиот народ со колонизацијата, предизвикувале омраза спрема владеачката буржоазија. [141)] Големата огорченост на населението била и поради фактот, дека со колонизацијата била опфатена

==========================================================

[140)] Бурзевски Ванчо, Економската положба на македонските..., стр. 99.

[141)] Апостолов Александар,Колонизацијата на Македонија ..., стр. 205-208.

голема површина на обработлива земја и земја користена за заеднички потреби, како пасишта, утрини и шуми. Спроведуваната колонизација претставувала голема политичка афера, која најмногу му нанела штети на земјоделството и на селското население. Но, и покрај сите негативности од колонизацијата, иако како одделни примери, некои од колонистите со своето умеење и повисоко културно ниво на развиток, позитивно влијаеле на позаостанатата македонска средина, главно во обработувањето на земјата и во промената на навиките во секојдневниот живот. [142] Како позитивност може да се истакне и контактирањето на македонскиот народ со другите југословенски народи, макар преку формата - колонизација, кое влијаело врз менувањето на целокупниот живот на населението.

На крај би можеле да заклучиме дека колонизацијата во овие делови била поуспешна за разлика од другите области, како на пример, Брегалничкиот округ каде имало потешкотии во колонизирањето, бидејќи многу не одговарала климата, а исто така и биле почести влегувањата на четите на ВМРО од Бугарија.

## 2.4. Формирање на одреди и контрачети за борба против ВМРО

За одржување на власта во Вардарска Македонија не само што биле стационирани воени единици и жандармерија, туку биле формирани и специјални четнички единици под раководство на луѓе,

---

[142] Бојаџиевски Ефтим, Колонизацијата во Македонија..., стр. 230-238.

кои со својата активност биле познати од порано во периодот на српските четнички акции во Македонија, во време на османското ропство. Во една дискусија во Народното собрание се истакнало дека „Тие чети се формирани од српското и домашното население, чија единствена должност е да шетаат од село до село заради добри и бесплатни ручеци и вечери и заради пљачкосување и рачистување на старите сметки од турскиот период„.[143)]

Инаку овие вооружени формации во вардарскиот дел на Македонија ги составувале командирите на жандармериските чети, а не окружните началници како што пропишувал законот. Така, во составот на т.н. „летечки чети„ влегувале поранешни робијаши од Србија кои, наместо да ги гонат комитите, често биле домашна послуга во куќите на командирите.[144)]

Особено значење за спроведување на големосрпските интереси во вардарскиот дел на Македонија имале формираните одреди од доброволци што учествувале на Солунскиот фронт. Ваквите четнички одреди биле формирани на барање на окружните началници во 1919 година, за да се засили внатрешната безбедност, а исто така биле искористени за да ја искоренат „бугарштината„ , при што вршеле разни своеволија меѓу населението. Меѓу овие чети била и четата на познатиот четнички војвода Јован Бабунски. Оваа чета имала задача, заедно со полициските органи на власта, да го контролира политичкото расположение на населението во Македонија, особено на селското население. Формирањето на четничкиот одред било извршено поради настанатата анархична положба на територијата на Третата армиска

---

[143)] Цветковска Надежда, Државните сили за безбедност..., стр. 52.

[144)] Исто.

област од левата страна на реката Вардар, по појавувањето на бугарските комитски чети, а од десната, поради упадите на пљачкашките банди од Албанија. За кусо време, додека во Македонија „владеел„ одредот на Бабунски, Македонија личела на „востаната област„ во која непријателот свирепо се пресметувал со населението. Стотици луѓе избегале во шума за да се спасат од теророт на четничките одреди. Овие луѓе потпаѓале под влијанието на „Исполнителниот комитет„ на Тодор Александров и тој ги користел и од нив формирал чети кои вршеле терор во Македонија и Бугарија.

Јован Бабунски со неговата чета бил во постојано движење, така што во текот на месец мај 1919 година ги обиколил околиите: Кратовска, Штипска и Овчеполска, а до септември ја поминал цела Вардарска Македонија. Бројот на четниците во неговата чета постојано растел. Во септември 1919 година, воените власти барале од Бабунски да го зголеми одредот. По еден месец барале истиот да изнесува 200 луѓе. Тоа се барало поради заострување на внатрешнополитичките односи и навлегувањето на разни чети и групи од надвор. [145)]

Во септември 1919 година, поради се позагрозената јавна безбедност предизвикана од навлегувањето на комитски чети од Бугарија, од страна на властите на Кралството се иницирало формирање на 4 летечки одреди, кои требало да дејствуваат во реоните кои српската власт ги сметала загрозени. Било планирано овие одреди да бидат помогнати и од регуларна војска со тешко вооружување: митралези, пушки со тромблонски бомби и друго вооружување. [146)]

==========================================================================

145) Катарџиев Иван, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје, 1961, стр. 24.

146) Архив на Институтот за Национална историја (АИНИ), ф. ТАО, к.XXXV/2, кут. 2, ред. Бр. 212, (Телеграма Министерства војне-команданту III армиске области, 22 09 1919) л. 1.

За масовните злосторства на одредот на Бабунски се почесто стигнувале поплаки од македонскиот народ до соодветните органи на власта на Кралството, по што министерот за војна побарал од командантот на III армиска област, генералот Милош Васиќ, да го расформира одредот на Бабунски, без образложение, освен што се наведувало дека состојбата налагала расформирање на истиот. [147)]

Меѓутоа, и покрај декларативното залагање за растурање на овој летечки одред, тој продолжил да дејствува со знаење и одобрување на белградскиот режим за што сведочело и писмото од Командата на Третата армиска област до командантот на Вардарската дивизиска област, во кое се барало инто испраќање на 10 000 динари кредит за четниците на Јован Бабунски. [148)]

До фактичко растурање на одредот на Бабунски дошло дури кон самиот крај на 1919 година и тоа не само под притисок на јавното мислење и многубројните жалби, туку и под влијание на некои народни пратеници, кои поради извршените злосторства и терор на одредот, поднеле интерпелација во Привременото претставништво на Кралството на СХС. [149)]

Врз основа на решението на Министерскиот совет од 5 септември 1922 година, од „ доброволно пријавениот кадровски состав, т.е. војниците„ , биле формирани 20 „летечки одреди„ за гонење на одметниците (качаците) и комитските чети. Секој одред се

---

147) АИНИ, ф. ТАО, к.XXXV/3, кут. 2, ред. Бр. 342, 17 11 1919, л. 1.

148) АИНИ, ф. ТАО, к.XXXV/3, кут. 2, ред. Бр. 342, 17 11 1919, л. 1.

149) Апостолов Александар, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974, стр. 503.

состоел од 30 луѓе меѓу кои имало 5 жандармериски подофицири, или „стари жандари„. За создавање на овие единици биле ангажирани 40 офицери, 80 подофицери и 420 каплари и редовни (обични војници). [150)]

Треба да се напомене дека III армиска област имала специјални обврски кон скопската жандармериска бригада. Имено, таа била должна да ги снабди со 20 пушкомитралези (по еден пушкомитралез за секоја чета) и соодветен број на шаторски крила, а за секоја пушка требало да обезбеди по 150 куршуми. Исплатата на дневниците за овие одреди ја вршела жандармеријата, а Министерството за внатрешни работи давало парични награди „ за оној што ќе пронајде или уништи чета на комитите„. Овие 20 „летечки одреди„ биле распоредени по најзагрозените населби и места во вардарскиот дел на Македонија, и тоа во: 1. Скопскиот округ (Сушица, Мојанце, Црн Врв); 2. Кумановскиот округ (Пезова, Стањевац, Влашки Колиби, Г. Станце, Вакаф); 3. Брегалнички округ (Почивало, Мичако, Доброштинци, Барбарево); 4. Битолски округ (Ресен). [151)]

Во втората половина на 1923 година зачестиле упадите на комитските терористички групи од Бугарија. Секоја од нив имала по три, а најмногу по седум до девет луѓе. По она што го работеле на теренот може да се заклучи дека основната задача им била тероризирање на македонското население: некого би го претепале, убиле или опљачкале, оправдувајќи ги своите злосторства со борба против „српски привrзаници и шпиони„. Тоа било испробан метод на познатите злосторници Протогеров и Александров. По нивното одење, доаѓала жандармеријата, упаѓала во куќите на другите селани и

---

[150)] Цветковска Надежда, Државните сили за безбедност..., стр. 53.

[151)] Исто.

повторни претепувања и ликвидации биле на дневен ред.

Постоеле и такви кои за свои лични или други интереси ги менувале страните на штета на македонскиот народ. Во Кумановскиот крај (и не само во него), посебно со својата грубост се истакнувал Стојан Мишев, доскорашен припадник и еден од командирите на пробугарските врховистички чети, на чие чело упаѓал во македонските села, палел по нив за сметка на бугарското царство, а од август 1923 година, бидејќи со четата им се предал на српските власти, станал еден од најголемите поборници на големосрпската држава и со истата чета се движел по теренот на неколку окрузи, вршејќи насилства какви што само тој можел да смисли. [152] Требало да им се додвори на новите господари, па според тоа морал да изрази многу поголема грубост и немилосрдност, бескруполозност и перфидност во постапките. Требало да ги окрвари рацете до таа мера, за сите времиња да му нема враќање на некое друго предавство. Четата крстосувала по мирните македонски села, а за неговите злосторства во септември 1923 година, органот на Независната работничка партија „Радник-Делавец„ го донел следниот документиран напис: „Само во селото Павлешинце четата претепала 20 селани од кои петмина до смрт, а на лице место е убиен Танас Јовановски„. Во Градиште се претепани 16 селани, во Кучкарево 14, во Габреш 28, од кои од ќотекот умреле: Јован Ристевски и Заре Пертевски; во селото Колицко страотно тепање на 18 селани и три жени-убиени се: Саво Димовски и Јане Петровски; во Живање се претепани 23 селани; во Малино страотно тепање, а полицискиот писар Бранковиќ со камшик и кундак изнудувал млеко од жените бидејќи

---

[152] На многу документи на бугарското Околиско началство во Куманово од времето на окупацијата од 1915 до 1918 година се наоѓаат потписи на началникот Стојан Мишев. Веројатно се работи за исто лице.

друго немало; во Мургаш тепани 13 селани, а убиен е Стојан Савевски...„ итн. Весникот го завршува натписот со зборовите: „Така се управува со Македонија...„. [153)]

На 9 септември 1923 година во Штип бил организиран голем народен собир на кој било создадено „ Здружението против бугарските бандити„. На чело на здружението застанал штипскиот трговец Михајло Каламатиевиќ. Дури се отишло дотаму, што од страна на Главниот генералштаб на Министерството на војската бил изработен и воен план кој предвидувал, во случај на интензивирање на комитските акции, воените трупи да навлезат во Бугарија и да го заземат Ќустендил и другите места. [154)]

Во периодот на постоење на ова Здружение (септември 1923-мај 1934)вкупниот број на вооружени луѓе изнесувал 25 000, од кои 2/3 се наоѓале на левиот брег од реката Вардар. [155)] Здружението за борба против „бугарските„ бандити, според членот 4 од програмата за неговото дејствување, ги имало следните цели: а) да работи на елиминирање на акцијата на „бугарските„ комити на целата територија на „Јужна Србија„ , б) кај народот да ја развива „националната„ свест, в) да работи на издигање на деловите на „Јужна Србија„ во „културен„ и „национален„ поглед, г) да работи за запазување на „честа„ на татковината (Србија б.м.), д) да работи за придобивањето сатисфакција за сите „невини„

---

153) Чушкар Боро, Борбено Куманово ..., стр. 213-214.

154) Аврамовски Живко, Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918-1925, ГИНИ, г. XVI, бр. 1, Скопје, 1972, стр. 188.

155) Апостолов Александар, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974, стр. 545.

луѓе во „Јужна Србија„ и ѓ) да работи за искоренување на секое „зло„ во краиштата на „Јужна Србија„ , без оглед на тоа од каде доаѓало. [156)] Овој член ги покажува вистинските цели и стремежи на Здружението за целосно негирање на самобитноста и идентитетот на македонскиот народ.

Во Кривопаланечко, покрај огромниот број на војска и жандармерија, била формирана и „ Организација за борба против бугарските бандити„ , по иницијатива на Глигор Циклев, од Св. Николе. За да му даде поголема важност на настанот, тој населението го повикал во црковниот двор при што ја образложил потребата од постоењето на друштвото. Истовремено била формирана и една „ комитска;„ чета од страна на српската власт во с. Дурачка Река, на чело со селанецот Ѓорѓи. Оваа чета требало да биде како противтежа на бугарските чети. Но во суштина четата, што броела околу 30 души четници во црни комитски униформи, многу малку се ангажирала за борба против бугарските комити, туку највеќе се ориентирала кон малтретирање и физичко ликвидирање на населението од околните села. Под изговор дека бараат комити и нивни јатаци, слободно влегувале во села и куќи за кои наводно имале сознанија дека соработуваат со бугарските комити, при што не се срамеле да крадат и малтретираат невини лица. Во селата им се „приредувале„ пречеци, а бидејќи не одговарале за своите постапки, вршеле самоволија, па затоа населението се плашело од нив. [157)]

Таква една чета постоела и во Кратовско, со која раководел Мино

---

156) Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II, Скопје, 1981, стр.17.

157) АИНИ- Скопје, Ф. Трета армиска област, к. 29, Г. 25, 26-27.

„војвода„. Тој со своите 50 четници, облечен во македонска овчеполска носија и вооружен, еднаш дошол на соборот во манастирот „Св. Јоаким Осоговски„ на 29 август. Четниците се втурнале во народот и ги кинеле сите шапки на селаните кои не биле „шајкачи„. Налутен од оваа постапка на Мино, околискиот началник Јоксиќ наредил да се разоружа четата и да се протера од оваа територија. Тоа народот со задоволство го примил. [158)]

Основна цел на Здружението била да се бори како против инфилтрирањето на врховистичките чети од границите на Бугарија во Вардарска Македонија, така и против македонското национални-ослободително и класно движење, против секаква македонска национална и прогресивна мисла. Големосрпскиот режим во Вардарска Македонија очекувал дека со помошта на ова крајно реакционерно терористичко здружение ќе го забрза процесот на денационализација и асимилација на македонскиот народ. Методите со кои се служело здружението биле крајно жестоки. Иако, Здружението во првите 2-3 години од неговото постоење постигнало поволни резултати за режимот,тоа наишло на жесток отпор и довеле до спротивни ефекти поради што дејноста на Здружението не траела долго.

---

158) Николовски Славчо и Митов Бојан, Крива Паланка, 1969, стр. 37.

# Глава III

# ОТПОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО КУМАНОВСКО-КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН ПРОТИВ РЕЖИМОТ НА КРАЛСТВОТО НА СХС

## 3.1. Отпорот за време на парламентарните и општинските избори

Кралството на СХС, претставувало држава со многу различно законодавство. На територијата на потесна Србија важеле едни закони, а во Македонија специјални уредби. Во Хрватска и Славонија други закони, а сосема други во Црна Гора, Словенија и Босна и Херцеговина. Првите мерки на буржоаската влада ја регулирале положбата и задоволувањето на воено-полицискиот и бирократскиот апарат како столбови на кои се потпирало Кралството на СХС. Изедначувањето на сите закони, законски прописи и уредби, не било извршено, ниту до изборите за Конституантата (Уставотворната скупштина), во ноември 1920 година, а ниту до донесувањето на Видовденскиот устав, во јуни 1921 година. Класната солидарност на буржоазијата, од сите краишта на Југославија се исткнувала во донесувањето на сите мерки и проекти, кои во прв ред се однесувале на работничката класа. [159)]

---

159) Vrčinac Julijana, Kraljevina Srba, Hrvata I Slovenaca od ujedinjenja do Vidovdanskog procesa, Beograd, 1956, str. 56.

Несигурната положба на буржоазијата, поради општото незадоволство и стравот од движењата на работниците и селаните, доведувало до зголемување на бројот на воениот и жандармерискиот апарат. Меѓу првите одлуки на Министерскиот совет, во јануари 1919 година, била донесена одлука за реорганизација на жандармеријата и нејзиното бројчано зголемување на 10 000 луѓе. Истовремено им биле зголемени принадлежностите и им било обезбедено сместувањето. [160)]

Сите воени, полициски и други вооружени групи, како и целокупниот административен апарат, имале основна задача да го денационализираат и асимилираат македонскиот народ. За таа цел бил подготвен опширен план, кој бил разгледан од страна на окружните началници, во јуни 1920 година, во Скопје. Меѓу другото, во овој план биле забележани следниве работи: засилување на војската и жандармеријата во Македонија; одвојување на селското од градското население, заради влијание на градот врз селото; испраќање на што повеќе чиновници во „јужните краишта„ , и на истите забранување да се бават со политика; веднаш отварање на училишта, со цел просветување на народот и национализирање; веднаш отстранување на учителите егзархисти и комунисти; младите учители што ја завршувале Јагодинската учителска школа ги сметале за опфатени од комунизмот; за назначените чиновници во „јужните краишта„ , се предвидувало најмалку две години да проведат во овие краишта; да се предвиделе награди и одликувања за работа во „јужните краишта„ ; населување на српски елементи и национализирање на „побугареното„ население; додатокот што се исплатува во висина од 25% да се зголемел на 50% од сите примања, а на припадниците на граничните гарнизони тој да

---

160) Исто, стр. 54-55.

изнесувал 100%. [161)]

Во политичкиот живот на Вардарска Македонија активно дејствувале следниве буржоаски партии: Радикалната, Демократската, Националната муслиманска турска организација „Џемиет„ и донекаде и Републиканската партија. Во Македонија не постоела „домашна„ буржоаска партија, поради подредената улога во која се наоѓала македонската буржоазија спрема буржоазиите кои со неа владееле, а најмногу поради фактот, дека македонската нација не била призната. И на изборите за Уставотворната скупштина овие четири буржоаски партии пројавиле поголема активност и излегле со свои кандидатски листи.

Радикалната партија, во Кралството на СХС, била инструмент на дворот и на крупната српска буржоазија. Таа била и автор на Видовденскиот устав. Радикалите претставувале заштитници на интересите на српската крупна индустриска, банкарска и трговска буржоазија.

Втората буржоаска партија, која делувала во Вардарска Македонија, била Демократската партија. Таа била составена од хетерогена буржоазија, ситна буржоазија и полуфеудалци, и претставувала силен ривал на Радикалната партија. Демократската партија била особено привлечна за слабо развиената буржоазија. Таа развила широка активност уште во периодот на изборите за Привременото претставништо 1919 година. Оваа партија му служела на дворот и во нејзината програма го застапувала принципот на монархизмот и централизмот. Во предизборната кампања за

---

161) Апостолов Александар, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за Конституантата- 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот, кн. 13, Скопје,1962, стр. 60.

Уставотворното собрание и Демократската и Радикалната партија остро истапувале против Комунистичката партија на Југославија.

Републиканската партија била формирана во 1919 година, со издвојување на група од Демократската партија. Составот на оваа партија ја сочинувале интелегенцијата, средниот и сиромашниот слој на селаните. [162)]

Во Вардарска Македонија дејствувала и реакционерната верска организација „Џемет„ , создадена од Радикалната партија, а која всушност била нејзин заменик. Оваа организација постоела со цел да се издвојат Турците и Албанците од широките слоеви на македонскиот народ и да послужат како орудие на владеачкиот апарат. Џемиетот бил главно раководен од бегови, аги и оџи, кои имале силно влијание меѓу сиромашното муслиманско население. [163)]

Кога правиме анализа на активноста на Комунистичката партија во Крива Паланка, веднаш треба да кажеме дека таа не била масовно спроведена како во повеќето други места во Македонија. Тоа се должи највеќе на незаинтересираноста на населението за политичките прилики и неговата грижа првенствено за сопствениот економски опстанок, со оглед на фактот што скоро 80% од него било селско. Овде влијаела и бугарската граница што подразбирало ангажирање на повеќе воени и полициски сили во реонот и неминовно пасивизирање на каква и да било поширока акција за време на изборите. Немало организирано ниту групи, ниту поединци да ги растураат пропагандните материјали и весникот „Социјалистичка Зора„ , орган на Социјалистичката партија на Југославија (комунисти) за Македонија, што излегувал во 1920 година.

---

162) Апостолов Александар, Струи, влијанија, организации..., стр. 91-93.

163) Историја на македонскиот народ, кн.Ш, стр.38-39.

Затоа во весникот од 7. IV. 1920 година се вели: „ ... Нема кој да го растура весникот во овие места: Крива Паланка, Прешево, Кратово, Св. Николе, Радовиш, Крушево, Гостивар. Ако сака некој во овие места весникот да му се испраќа во повеќе примероци, нека се обрати до администрацијата на „ Социјалистичка Зора „... . Властите од Крива Паланка секој број од весникот го задржувале или пак, доколку имале сознанија дека таков се наоѓа кај одредена личност, веднаш го одземале. [164)]

Инаку, разнесувањето на весникот и другите пропагандни материјали, што главно доаѓале од Куманово, било организирано исклучиво преку поединечни врски. На тој начин со многу значајни статии и прогласи од весникот се запознавал поголем дел од населението, меѓу кои посебно значаен бил примерокот од весникот каде бил отпечатен прогласот со кој се повикувал народот од Македонија да излезе на изборите и да го даде својот глас за кандидатот на Комунистичката партија на Југославија. Во 1920 година, според некои сознанија, во Крива Паланка било формирано и партиско поверенство на Комунистичката партија, како и Организација во с.Дренак. [165)]

Согледувајќи ја опасноста од се поголемото влијание на Комунистичката партија, која со својот став за еднаквост меѓу луѓето, за давање на земјата на селаните, за слободата на јазикот и верата и за полната национална рамноправност помеѓу народите, масовно го привлекла населението на своја страна, владеачкиот режим преземал мерки за целосно елиминирање на таквата активност. За да ја блокираат активноста на КПЈ во округот

---

164) Историски архив на Комунистичка партија на Македонија, Т. I, Скопје, 1951, стр. 189.

165) Чушкар Боро, Борбено Куманово ..., стр. 119.

режимските партии преминувале кон макијавелистичките методи при елиминирањето на своите политички противници. Буржоаските партии, по својот стар обичај при агитација, се служеле со демагошки ветувања, изборни трикови, разни шпекулации, поткупувања и слично. Комунистите биле прогонувани, апсени, подложувани на мачење и др. Буржоазијата преку воените власти, ги терала комунистите на воена вежба и ги испраќала во опасни погранични зони. Оваа мерка на буржоазијата, била најмногу применувана во Македонија. [166)]

При ваква ситуација, многу тешко можеле да се користат легалните можности за дејствување. Владеачкиот режим им го одземал прокламираното општо право на глас на сите граѓани. Не постоеле средни гласачки списоци. Општинските власти се труделе да состават што понепотполни гласачки списоци, а со тоа, особено ги лишувале од право на глас своите противници. Иако изборите биле распишани со демократски пароли тие фактички биле недемократски спроведувани. Во овие услови КПЈ тешко можела насекаде да ги истакне своите кандидатски листи. Судските и полициски власти гледале на секој начин да ги оневозможат народните маси, да го искажат своето политичко расположение. [167)]

И покрај сето тоа, буржоазијата не се чувствувала многу сигурна, поради што се сугерирала, во некои нејзини кругови, потребата од обединување во заеднички фронт. До обединување на сите буржоаски партии во Македонија не дошло, освен меѓу Радикалната партија и беговската организација - Џемиетот. Овие две партии се договориле за заеднички настап на изборите. На тој начин радикалите сакале да привлечат на своја страна, преку беговите и оџите, неколку стотици

---

166) Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики..., стр. 47.

167 ) Исто, стр. 47-48.

верски фанатизирано муслиманско население. Комунистите, спротивставувајќи на овој создаден буржоаски блок, ја спроведувале својата пропаганда, скромно и едноставно по набележаната програма. Во изборната пропаганда, особено важна улога одиграле и културно-уметничките друштва. [168)]

Во Кумановскиот округ, како и во останатите краишта на Вардарскиот дел на Македонија, македонското комунистичко движење во текот на 1919-1920 година, а посебно во времетраењето на предизборните и изборните борби за општинските и парламентарни избори, од страна на радикалите и демократите било етикетирано како „бугарашко„ движење. [169)]

На овој план во Кумановскиот округ најмногу се истакнувале органите во војската и жандармеријата, кои „за скапи пари„ плаќале шпионски извештаи во кои би стоело дека некои села се поврзани со комити преку граница. Поради нив доаѓало до неконтролирани акции, кои во својата суштина биле засновани на пљачкање имоти на осомничените луѓе како јатаци и бугараши. [170)]

За преземените мерки на режимот пред одржувањето на изборите против движењето на „автономистичката„ ВМРО, во други документи се среќаваат податоци дека во „долните краеви„ , односно во Вардарскиот дел на Македонија и покрај „немањето„ на жандари во земјата, сепак од другите краишта биле испратени околу 300 жандари,

---

168) Катарџиев Иван, КПЈ во Македонија..., стр. 116-117.

169) Статистички преглед избора народних посланика, од 28 ноември 1920, Београд, 1921, книгата не е нумерирана.

170) ДАРМ-Скопје, Ф. Министерство за внатреши работи на СХС, к. 1.

а посебно за Кумановскиот округ се наведува дека бил формиран „еден летечки одред„ , под команда на четничкиот војвода, поручникот Коста Ковачевиќ од Прешево. [171] Одредот на Коста Ковачевиќ им бил познат на кумановци само по зло. Тие оделе во села, упаѓале по домовите на членовите на КПЈ и на нејзините симпатизери, ги врзувале, тепале и им се заканувале со палење на куќите и одземање на имотот. За кратко време посеале толку омраза спрема режимот и нивните кандидати, што ниедна агитација тоа не можела да го направи за далеку подолг временски период. Тие внеле и страв кај поединци, но се видело дека не го познаваат македонскиот човек...„. Ваков терор вршеле главно по селата. Во градот имало притисоци, апсења и закани, но тоа биле поединечни случаи. Тука не смееле да настапуваат така како што работеле на село. [172] Појавата на некоја вооружена група во пограничните села во тоа време можела да значи и доаѓање на некои емигранти-селани во посета на своите семејства. Се случило само двапати или трипати, вооружени групи од 7 до 10 лица, да престојувале во некои села во Кривопаланечко и Кратовско и да се вратат назад. Но, властите реагирале жестоко на тие појави: ги затворале целите семејства каде претстојувале комитите и претепувле на лице место селани, така што селаните не биле волни ни конак да им пружат, а камоли да им помагаат на комитите. На сето тоа Партијата реагирала преку своите пратенички кандидати, а најмногу преку Ѓорѓе Ступаревиќ, како и преку претседателот на Кумановската општина. Тие протестирале усно, но многу често поднесувале и писмени протести, со опишување на настаните за

---

[171] Јанев Јован, КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел од Македонија (1919-1921), ИНИ, Скопје, 1992, стр. 93.

[172] Чушкар Боро, Борбено Куманово..., стр. 165.

малтретирањето што го извршиле жандармите на срезот или злогласниот „летечки одред„ на Коста Ковачевиќ-Трговишки. [173)]

Исто така, кон крајот на април 1920 година целата брегалничка област заедно со Кратово и Крива Паланка, власта ги прогласи за „воена зона„ , во која не смеела да се толерира политичка партија која има превратничка и антидржавна програма. Врз основа на еден ваков став, власта презела мерки да ја загуши оваа активност со тоа што најпрво ги повикувала на воена вежба на неопределено време најактивните членови, додека на дел од занаетчиите им се изрекле полициски казни за разни прекршоци врз основа на реферати од џандари. Со сите овие незаконски средства понатамошната активност на Партиското поверенство била загушена. [174)]

Односот на режимот кон другите партии бил далеку поодмерен. Тоа се однесува пред се за работата на Радикалната и Демократската партија. Тие, отворено пропагирале во градот и селата на Кривопаланечката околија народот да гласа за нивните кандидати, додека за кандидатите на Комунистичката партија велеле дека се припадници на „бугарашкото движење„ . Со таа квалификација власта ги заплашувала сите оние кои имале симпатии кон комунистите и кои им давале подршка, велејќи за нив да не гласаат или дека, доколку гласаат, лесно може: „...главата да им летне„. Тоа се правело со единствена цел да се исплаши населението и да се отргне од влијанието на

-----------------------------------------------------------------

[173)] Исто, стр. 166-167.

[174)] Зографски Г. Тодор и Зографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје, 1974, стр. 41-42.

Партијата. [175] Во тоа овие партии во Кривопаланечко донекаде и успеаја, но не во целост.

Сите овие заплашувања, звечкања со оружје, апсења и други физички тортури што ги правела власта во Кривопаланечко, сепак, не ги дале очекуваните резултати. Под силно влијание на Кумановската партиска организација и раширеното мислење меѓу населението во Кривопаланечко дека единствено „комунистите со својата справедливост и правилен став за еднаквост и национална рамноправност„ можат да ја подобрат економската и социјалната положба и националното угнетување на македонскиот народ од страна на српскиот режим. [176] За работата на национално турската организација-Џемиетот, на овој терен малку се знае, зошто нејзината дејност била слаба.

За време на парламентарните избори, одржани на 28 ноември 1920 година, Кумановскиот округ бил поделен на 4 главни избирачки одбори, кои ги опфаќале околиите Кумановска (Жеглиговска), Кратовска, Кривопаланечка и Прешевска. Во составот на округот биле истакнати 4 кандидатски листи, и тоа: на Радикалната партија, на Демократската партија, на Национално-турската организација-Џемиетот и на КПЈ. На листата на Радикалната партија биле: Јован Алексиќ од Куманово, Илија Вукотиќ од Куманово, Милан Протиќ од Бујановец и Младен Трајковиќ од Герман. Од страна на Демократската биле предложени: Ѓорѓи Денковиќ од Куманово, Трајко Поп Арсиќ од Крива Паланка, Јован В. Караџиќ од Бујановец и Стеван Симиќ од Велес. Од Џемиетот- Махмуд Јумеровиќ од Прешево, Фехим М. Ташкарановиќ од Крива Паланка, Ибраим Љатиф од Куманово и Шефќет Ќамил од

---

[175] ДАРМ-Скопје, Ф. Министерство за просвета Краљевине СХС, к. 1 -VIII.

[176] ДАРМ-Скопје, Ф. Министерство за внатреши работи на СХС, к. 1.

Куманово. На Комунистичката листа биле: Коста Т. Дајлевиќ од Куманово, Ловро Клеменчиќ од Љубљана, Божин Анѓеловиќ од Куманово и Богдан Т. Стојадиновиќ од с. Орах. [177)]

Од вкупно запишаните 33 190 гласачи во Кумановскиот округ, гласале 17 398 или 53.61%. Во Кривопаланечката околија на гласање излегле уште помалку, односно, од вкупно запишаните 8 526 гласачи, бројот на тие што гласале бил 3 942, односно 46.23%. Табеларно состојбата била оваа: [178)]

| реден број | општина | број на бирачи | број на гласачи | Радик. | Демок. | Џемиет | КПЈ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кривопаланечка | 602 | 341 | 51 | 181 | 90 | 19 |
| 2. | Градачка | 674 | 328 | 8 | 132 | 6 | 182 |
| 3. | Дурачко Речка | 327 | 276 | 3 | 79 | 4 | 190 |
| 4. | Германска | 473 | 215 | 11 | 118 | 5 | 81 |
| 5. | Мождивњачка 1 | 344 | 219 | 1 | 60 | 2 | 156 |
| 6. | = 2 | 445 | 252 | 24 | 154 | 4 | 70 |
| 7. | Подржикоњска | 706 | 240 | 14 | 222 | 1 | 3 |
| 8. | Петраличка | 471 | 215 | 17 | 134 | 4 | 60 |
| 9. | = 2 | 436 | 142 | 3 | 51 | - | 88 |
| 10. | Жидиловска | 436 | 304 | 8 | 98 | 4 | 194 |
| 11. | Стајевска | 756 | 365 | 10 | 200 | 4 | 151 |
| 12. | Трговишка 1 | 540 | 217 | 25 | 28 | 2 | 162 |
| 13. | = 2 | 537 | 200 | 5 | 27 | 1 | 167 |
| 14. | Ранковачка | 794 | 303 | 90 | 195 | 3 | 15 |
| 15. | Радовничка | 596 | 199 | 5 | 28 | 2 | 164 |
| 16. | Трновска | 416 | 126 | 4 | 51 | 1 | 70 |
| | вкупно | 8.526 | 3.942 | 279 | 1.758 | 133 | 1.722 |

[177)] Треба да дообјасниме дека сите презимиња на предложените кандидати завршуваат на „иќ„ , односно и тие што се Македонци поради неможноста да се декларираат за Македонци, по сила на законот морале да ги променат презимињата.

Резултатите од изборите за Конституантата од 28. X. 1920 година, за Кумановскиот округ, според официјалните статистички податоци што биле направени од почетокот на 1921 година, за целата земја, во секој случај кога се работи за податоците кои се однесуваат на вардарскиот дел на Македонија, биле на повеќе места дотерувани и преправани. Таквите чекори биле презмени според потребите на режимот и можностите на владеачките големосрпски буржоаски партии и подземни терористички организации, иако во споменатиот округ изборите завршиле во знак на полна победа на КПЈ. И колку да биле преправани податоците и присуството на сите изборни махинации на владеачките буржоазиски партии, сепак поголемиот дел од резултатите на изборите големосрпската буржоазија пред широката југословенска јавност не можела да ги сокрие. Така, на пример, според сите официјални статистички податоци за изборите на Конституантата што се однесуваат на овој округ, а посебно во Кумановската околија, листата на Партијата однела полна победа. Од вкупно запишаните 12 054 бирачи, гласале само половината, или 6 631 гласач, од кои листата на КПЈ добила 3 246 гласа. [179)]

Во третата, Кривопаланечката околија, силите на КПЈ наспроти Демократската партија, биле изедначени. Од 8 526 бирачи, своите гласови ги дале 3 942 гласачи, од кои за листата на Партијата биле 1 772 гласа, додека Демократската, добила 1 758 гласа. [180)]

Листата на КПЈ во Кумановскиот округ добила 3 мандата и тоа: според чл. 14 од Законот за изборите, бил избран Ѓорѓе Ступаревиќ,

---

[178)] Малковски Ѓорѓи и др. Крива Паланка..., стр. 159.

[179)] Јанев Јован, КПЈ во парламентарните..., стр. 99-100.

[180)] Исто, стр.101.

адвокат од Куманово, а според чл. 13 од истиот закон биле избрани:Коста Дајлев, кројач ок Куманово и Ловро Клеменчиќ од Љубљана. [181)]

На седницата од Верификациониот одбор во Белград за добиените пратенички мандати на листата на КПЈ во Кумановскиот округ, била разгледувана и жалбата против избирањето на Коста Дајлев и Ловро Клеменчиќ, поднесена од страна на Ј. Стојановиќ и „неговите другари„ од Крива Паланка, со образложение, дека „комунистичката агитација не била дозволена„ во истата околија, каде што комунистичката пропаганда влијаела на „резултатот од изборите„. [182)] Меѓутоа, споменатата жалба, според оценката на Верификациониот одбор и неговиот извештај поднесени пред Уставното собрание, била отфрлена и пратеничките полномоштва на комунистичките народни пратеници се сметале за „неоспорни„ , со образложението, дека во жалбата „не се наведува содржината на недозволената комунистичка агитација„ , ниту во изборните акти не е изнесено било каква друга неправилност за изборите во Крива Паланка. Во врска со изборите за Конституантата, во Кумановскиот округ се појавуваат и некои противречни факти и тоа во содржината од статистичките податоци направени за целото Кралство СХС, а кои се однесуваат на овој округ. Така, на пример, во сите официјални статистички податоци направени од страна на режимот во 1921 година, за овој округ се наведува состојба за законски запишаните 33 190 бирачи, од кои своите гласови ги дале само 17 398 гласачи. [183)] Наспроти горните посочени податоци, во друг,

---

181) Исто, стр.107.

182) Исто.

183) Исто, стр. 107-108.

„строго доверлив„ извештај на Министерството за внатрешни работи наведени се податоци, дека во Кумановскиот округ всушност биле запишани 38 261 бирачи, а гласовите ги дале 17 350 гласачи. [184)]

Следејќи ја понатаму политичката ситуација на теренот, каде што дејствувале претставниците и следбениците на КПЈ во периодот по завршувањето на првите општински избори, па се до одржувањето на повторните избори, во Кумановскиот округ и понатаму се повеќе се заострувале судирите помеѓу органите на режимот и четите на „автономистичка„ ВМРО. Таквата појава се потврдува и од наредбата на министерот за внатрешни работи доставена до началникот на Кумановскиот округ, кој побарал „...најенергично да продолжи, овие бугарски чети во тој округ да се уништат„. Превземените мерки на режимот против терористичките акции на „автономистичката„ ВМРО, истовремено биле свртени и против припадниците и следбениците на КПЈ, зашто воените и полициските власти, веднаш по завршувањето на општинските избори направиле список од 360 лица, кои требало да бидат повикани на воена вежба. Мнозинството од нив биле прогресивно ориентирани или припаѓале на работничкото и комунистичкото движење. Карактеристично е да се наведе дека победата на КПЈ на повторните општински избори во Куманово, според написот на в.„Социјалистичка Зора„ прераснала во грандиозна манифестација, во која зеле учество повеќе од 3 000 лица. [185)]

Со победата на општинските избори доаѓа до создавање на црвени комуни во Куманово, Велес, Кавадарци, а подоцна и во Скопје. Ова

---

[184)] Исто, стр. 109.

[185)] Исто, стр. 91.

довело до неочекување изненадување на владеачката буржоазија во Македонија. Реакцијата им правела севозможни пречки на комунистите, да им ги отстапи општините. Откако општините биле отстапени, реакцијата продолжила да пречи во изведувањето на определената дејност по набележаните програми. Општо земено, работата на црвените комуни се состоела во преземање мерки околу подобрувањето на материјалната и здравствената положба на работните маси. Иако комунистичките комуни во Македонија постоеле само неколку месеци, тие успеале да постигнат видни резултати. Посебно, за истакнување е односот на општините спрема обичниот граѓанин. Набргу по објавувањето на Обзнаната, биле ликвидирани комунистичките општини. [186)]

Резултатите од општинските избори, ја натерале буржоазијата да преземе што подрастични мерки во Вардарска Македонија. Со наближувањето на денот на изборите за Уставотворно собрание, теророт врз населението станувал се посилен. Дошло до отворено обновување на режимските четнички акции, кои имале задача спречување на комунистите да добијат на изборите. Буржоазијата се служела со антикомунистичка пропаганда, и во тоа не бирала средства. Се создавала многу непријатна атмосфера на страв и несигурност, а со единствена цел населението да се одвлече од комунистите и да се придобие за радикалите или демократите. [187)]

Со наметнувањето на централистичкиот режим во Кралството на СХС уште повеќе се заостриле и влошиле општествено-политичките прилики во Вардарска Македонија. КПЈ била ставена надвор од Законот, а со тоа и отстранета главната и единствената организирана

---

186) Исто, стр. 158.

187) Катарџиев Иван, Време на зреење..., кн.1, стр. 26-28.

изразувала нивните суштествени интереси и барања. Сето тоа довело општествено-политичка сила, што имала корени во масите и ги до дезориентација на масите во јавниот политички живот, со што на српските граѓански партии им било овозможено да ја претворат Македонија во свој политички полигон. [188)]

Успехот што го извојувала Комунистичката партија во Кривопаланечко, била причина теророт од страна на власта во овој крај да стане пожесток. Под изговор дека се „бугарски јатаци„ или антирежимски луѓе, затворени се поголем број лица. Посебна жестокост појавиле т.н. „летечки чети„ или жандармериски одделенија кои под изговор дека спроведуваат истрага, без суд убивале или затварале „сомнителни лица„. Една од тие чети, со 40 четници, ја водел Крсто Ковачевиќ. Кај луѓето завладеал страв и несигурност. Народот бегал од своите имоти и домови само ако се споменело идењето на овие чети, и се засолнувал на посигурни места. Воведени биле посебни дозволи за патување од едно до друго место. Бројот на жандармите и другите погранични служби е зголемен. Поради таквата состојба, и во дел од белградските весници, како што е на пример весникот „Борба„ се пишувало со крупни наслови и се барало одговор за тоа „Што се случувало во Македонија„. Но, никој не давал одговор. А положбата во Кривопаланечко уште повеќе се влошувала. Како гранична област била воведена строга контрола и се дозволувало извршување само на неопходните потреби. [189)]

По Обзнаната, по изгласувањето на Видовденскиот устав и по донесувањето на Законот за заштита на државата, настапил нов период на општествено-политички прилики во Кралството на СХС, кој од 1921

---

[188)] Историја на македонскиот народ..., кн.III, стр.24.

[189)] ДАРМ, ф. МВР на Кралството СХС, к. 1.

до 1929 година значително се разликувал од периодот што уследил подоцна, кога целокупниот политички живот, во прво време, бил скоро наполно оневозможен, а потоа врзан за монархистичка диктатура. Со воведувањето на централистички режим во државата, владеачката буржоазија упорно се борела да го зачува Видовденскиот устав, онаков, каков што бил изгласан. Централистичкиот режим, со примената на разни репресивни методи, станувал се повеќе и повеќе безобзирен. Комунистичката партија на Југославија била забранета и принудена да води борба во илегални услови. Се развил многу бурен политички живот кај граѓанските партии и релативно слободна политичка борба меѓу нив. Меѓутоа, постојаната и непомирливата борба меѓу централистички и федералистички ориентираните политички партии, негативно се одразувала врз целокупниот општествено-политички живот во земјата. [190] Во повеќето партиски организации бил прекинат секаков организационен живот и врските со масите се губеле. Во Македонија главно дејствувале двете партиски организации, во Куманово и Велес. Партијата во 1927 и 1928 година скоро и не постоела како фактор во политичкиот живот во Македонија. КПЈ се повеќе го губела своето огромно влијание меѓу македонските маси, а сето тоа најмногу, поради нејасниот став по националното прашање кој траел до 1923 година. Недостигот од една правилна и јасна политика по националното прашање, го искористувале буржоаските партии. [191]

Во Куманово по забраната на легалната КП дотогашното

---

190) Čulinovič Ferdo, Jugoslavija između dva rata (1918-1941),knj. 1, Zagreb, 1961, str. 258-259.

191) Колишевски Лазар, Политички извештај на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија, Реферат одржан на I конгрес на КПМ, Скопје, 1949, стр. 37-38.

раковотство се распаднало. Комунистичкиот народен пратеник Ѓоко Ступаревиќ дал изјава пред власта дека се откажува од Комунистичката партија. Мнозина други, порано активни членови, се повлекле исплашени од строгоста на законот за заштита на државата, избегавале секаков меѓусебен контакт. Кон крајот на 1921 година, неколку души постари членови занаетчии, а имено: Трајко Илиев Кмет, Владо Ивановски, волнар, Петре Јакимовски, самарџија, Божин Ангеловски, кафеџија, Ангел Тасевски, кафанџија, Игнат Димитровски, воденичар и судскиот приправник Коста Тасев ја составуваат првата илегална група која постепено се проширува на тој начин што секој од групата прибира околу себе неколку души со кои сочинува ќелија. Именуваните 7 души го сочинуваат месното раковотство. За секретар бил избран Коста Тасев. Така оформена организацијата се поврзува и со приврзаниците од некои села, а потоа воспоставува врски и со Скопје, со Ангоние Грубишиќ, и подоцна со Стефан Поп Иванов, кога тој станува покраински секретар за Македонија. Стефан го посетува Куманово и одржува состаноци со раководството. Оваа раководство на чело со Коста Тасев, работи успешно на прибирање нови членови, проширување на мрежата од организациони единки и активно дејствува меѓу работниците и граѓаните за запазување на влијанието на Комунистичката партија и непотклекнување пред реакцијата. Коста работел неуморно се до неговото службено преместување од овој град. Во почетокот на 1923 година, откако е дозволено формирање на Независна работничка партија, раководството ги вршело сите подготовки за формирањето на легална организација од поширок круг членови и симпатизери на Партијата, а комитетот останал да дејствува и понатаму запазувајќи го

своето раководство и во легалната НРПЈ. [192]

За време на парламентарните избори од 18 март 1923 година скоро и да немало агитација, како што беше за време на изборите од 1920 година. Во Кривопаланечко, тогаш во борбата за пратенички места се вклучиле само Радикалната, Демократската, Џемиетот и Џемиетот - десидентска партија. Според статистичките показатели, состојбата и резултатите од гласањето била оваа:

| Ред. број | гласачко место | Вкупен број гласови | Радик. | Џемиет | Џемиет десиден. | Демократ. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градец | 375 | 31 | 1 | 9 | 334 |
| 4. | Жидилово | 284 | 15 | 2 | 3 | 264 |
| 5. | Конопница | 180 | 5 | 2 | 1 | 172 |
| 6. | Кр. Паланка | 405 | 84 | 86 | 2 | 233 |
| 7. | Луќе | 251 | 37 | 1 | 4 | 209 |
| 8. | Петралица 1 | 184 | 23 | 1 | 2 | 158 |
| 9. | = 2 | 177 | 15 | 1 | 4 | 157 |
| 10. | Подржикоњ | 212 | 5 | 1 | 1 | 205 |
| 11. | Псача | 226 | 21 | 5 | 8 | 192 |
| 12. | Радовница | 335 | 27 | 2 | - | 306 |
| 13. | Ранковец | 404 | 238 | 3 | 4 | 159 |
| 14. | Стаевац | 377 | 21 | 1 | 6 | 349 |
| 15. | Трговиште | 241 | 20 | - | 3 | 218 |
| 16. | = 2 | 251 | 155 | 2 | 3 | 91 |
| 17. | Трново | 232 | 4 | - | 1 | 227 |
| | Вкупно: | 4.659 | 746 | 114 | 60 | 3.738 [193] |

---

[192] Зографски, Г. Тодор и Зографски, А. Димче, КПЈ и ВМРО..., стр. 66-67.

За време на парламентарните избори од 18 март 1923 година, во Кумановскиот округ изборите биле спроведени во 4 изборни околии и на 65 гласачки места. Од вкупно 35 270 запишани избирачи гласале 20 810 гласачи. Од тој број, Радикалната партија освоила 4 985 гласа или 23,9%, Џемиет - 2 055 гласа или 9,9%, Џемиет - десидентска 3 613 гласа или 17,4% и Демократската партија 10 157 гласа или 48,8%. Биле избрани 3 народни пратеници, сите од Демократската партија (Димитрије Трајковиќ, поп Трајко Арсиќ и Младен Д. Николиќ). [194)]

Веднаш по добивањето на првите директиви од Белград, се основаа организации на НРПЈ во Скопје, Велес, Куманово и во други градови на Македонија. Се отвориле клубови и почнле да се држат легални конференции. Се обновила и организацијата на работничка младина и заедно со независните синдикати почнало работничкото движење со нов подем.

Гледајќи опасност од ширењето на комунистичката пропаганда, режимот постојано ја пречел дејноста на НРПЈ на сите начини, додека најпосле не извршил нов удар на 11 јули 1924 година и ја забранил НРПЈ. Биле растурени Независните синдикати и Сојузот на работничката младина на Југославија и бил запленет нивниот имот. Една од причините за оваа постапка на режимот, било и обвинението дека Партијата пропагирала национални судирања и отцепување на делови од државната целина. Големите апсења што се извршиле потоа насекаде, па и во Македонија, ги проретчиле редовите на Партијата. Условите

---

[193)] Костић, Лаза, Статистика избора народних посланика Краљевини СХС, одржаних 18 марта 1923 године, Београд, 1924, стр. 32.

[194)] Цветковска Надежда, Политичките партии..., стр. 150.

на длабока илегалност ја растроиле врската на Партијата со масите. Тоа се одразило на сите партиски и младински организации, но некаде порано, некаде подоцна се обновила илегалната работа, а во тој однос предничеле Велес и Куманово. Ударот бил особено тежок за синдикатите. Со нивното затворање се пресекувала секоја легална дејност со работниците. Но, скоевската организација во тоа време покажувала најголема активност меѓу работниците одржувајќи контакт преку приредување излети, вечеринки, фудбалски натпревари и други, а во исто време спроведувала идеолошка и политичка агитација. [195)]

По парламентарните избори во 1923 година, бил направен обид кај одделни македонски пратенички групи да се создаде независна политичка партија. Во средината на 1923 година, група македонски пратеници во Демократската партија на чело со Глигор Атанасов и Трајко Арсиќ (Арсов) пристапила кон организирање на една македонска политичка организација, или според некои „Македонска партија„ , која би имала задача „да ја собере сета политичка сила на Македонија„ и со тоа и во Собранието и на теренот да работи на решавањето на економските и на политичките проблеми, во прв ред, на националната рамноправност, на граѓанските слободи и на подигање на економскиот и на културниот напредок. [196)] Со оглед на жестокиот притисок на режимот и на режимските партии, може да се претпостави дека оваа иницијатива не била дочекана со воодушевување. А и постапката на избраните пратеници од вардарскиот дел на Македонија за групирање во македонска парламентарна група, без оглед на листата на

---

195) Зографски Г. Тодор и Зографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета) ..., стр. 115

196) Цветковска Надежда, Политичките партии ..., стр. 175-176.

која биле избрани, во целина, не успеала. Меѓутоа, четворица пратеници од вардарскиот дел на Македонија, Глигор Атанасов, Трајко Арсов, Димитар Трајков и Ристо Насев, се „издвоиле во посебна парламентарна група. Но, ако работата на малата парламентарна група, како дел од заедничкиот парламентарен клуб, во Собранието не го привлекла вниманието на јавноста, тоа не значи дека нејзината дејност престанала. Имено, оваа македонска парламентарна група ќе преземе посебни активности за време на парламентарните избори од 8 февруари 1925 година. Тоа го потврдува и пишувањето на режимскиот печат во вардарскиот дел на Македонија, а посебно заслужува внимание пишувањето на в. „Наша Стара Србија„ по тоа прашање. Така во еден натпис, објавен во овој весник, меѓу другото, се вели: „Освен комунистичките постојат уште еден вид на типови (се мисли на членовите на македонската парламентарна група, н.з.), чии број е исто така безначаен, но чии цели дирекно ја засегнуваат самата држава поради што е и препорачливо на нив да им се обрне внимание. Тие типови се собираат околу неколку свои прваци и настојуваат да создадат македонски листи.„ [197] Од пишувањето на овој весник се гледа дека режимот бил вознемирен од продолжувањето на акцијата за политичкото обединување на македонското граѓанство. Но, сепак македонска кандидатска листа, чии носител бил Глигор Атанасов, била истакната само во Тиквешкиот изборен округ. Никаде на друго место не се појавила самостојна и уште помалку „Македонска листа„ и фактот дека на изборите не бил избран ниту Глигор Атанасов, доволно говори за притисокот на режимските власти да се оневозможи натамошната активност за политичко обединување на македонското граѓанство. [198]

---

[197] Исто, стр. 179.

[198] Цветковска Надежда, Политичките партии ..., стр. 180.

Парламентарните избори од 8 февруари 1925 година, во Кумановскиот изборен округ биле спроведени во 4 изборни околии и на 66 гласачки места. Од вкупно 37 108 запишани избирачи гласале 24 083 гласачи. Од тој број, Земјоделската партија освоила 1 610 гласа или 6,7%, Демократската партија 6 835 гласа или 28,4%, Радикалната партија 12 930 гласа или 53,7%, НРПЈ 885 или 3,7%,Самостојната демократска партија 1 317 гласа или 5,4%, Републиканската партија 504 гласа или 2,1%. Биле избрани 3 народни пратеници и тоа: од Демократската партија-1 (Младен Николиќ) и од Радикалната партија-2 (Илија Вукотиќ и Јован Алексиќ). [199)]

На овие избори, победа однела Радикалната партија со помош на своите добро испробани методи. Посебно е интересно дека во Кумановскиот округ покрај зголемениот број на полицајците и жандарите, за заплашување на граѓаните била користена четата на Мино Станковиќ (составена од 32 луѓе), кој 15 дена пред изборите бил одликуван со орден „Св. Сава„ V степен. Околискиот началник отворено му наредил на Мино Станковиќ со сите средства да ги принуди луѓето да гласаат, па на крајот успеал во некои делови да натера 93% од населението да излезе на изборите и да гласаат за радикалите. На чуварите на опозиционите кутии им порачувал дека „ ќе загинат во понеделник, ако во неделата ги чуваат кутиите на предавниците„. На денот на изборите во Куманово експлодирале две рачни бомби. [200)]

Режимот на претседателот на владата Веља Вукиќевиќ, кој воедно бил и министер за внатрешни работи, распишал нови парламентарни избори за 11 септември 1927 година. Буржоазијата и

---

199) Исто.

200) Исто, стр. 164.

монархијата не ризикувале ништо. Тие ја повториле фарсата на изборите од 1923 и 1925 година. Комунистичката партија била надвор од законот, немало ни легална Независна работничка партија и требало да бидат избрани повеќе од 300 пратеници. Ако народот не сакал со добро, на гласање ќе оди присилно „за кралот и татковината...„.

После неколку месеци остра и безобзирна борба, пресметување на собирите, апсења, забрана на опозиционите весници, изборите од 11 септември 1927 година ги покажале резултатите кои сведочеле за определената положба и распоредот на политичките сили. Во Кумановскиот изборен округ изборите биле спроведени во 4 изборни околии и на 68 гласачки места. Од вкупно 39 613 запишани избирачи, гласале 23 495 гласачи. Од тој број, Радикалната партија (Влајко Коциќ) освоила 7 075 гласа или 30,1%, Земјоделската партија освоила 3 477 гласа или 14,8%, Самостојно демократската партија освоила 552 гласа или 2,3%, Демократската партија освоила 6 450 гласа или 27,5%. Биле избрани 3 народни пратеници и тоа: од Радикалната партија 2, Илија Вукотиќ и Јован Протиќ, и од Демократската партија 1, Младен Николиќ. [201)]

Положбата во Кривопаланечко била скоро иста, како и во 1923 година. Надмоќно победила Демократската партија со добиени 2 422 гласа. Според статистичките показатели, од вкупниот број 9 597 избирачи, колку што во оваа година биле евидентирани, гласале 4 602, од кои за радикалот Влајко Коциќ гласале 593 гласачи или 12.9%, а за претставникот на Земјоделско-работничката партија Јован С. Довезенски, 426 или 9.3% од гласачите. Помалку гласови од првите двајца освоил Јован Алексиќ, претставник на Радикалната партија со

---

[201)] Исто, стр. 238.

вкупно 232 гласови или 5.0%, додека уште помалку гласови и од него освоил претставникот на партијата на Самостојните демократи Ќазим М. Мејлиќ, само 126 гласови или 2.7%. Милан Грол, како претставник на Демократската партија освоил највеќе гласови во Кривопаланечката околија, вкупно 2 422 гласови или 52.6% од вкупниот број гласачи, додека претставникот на Радикалната партија Милош Ст. Бобиќ освоил 803 гласови, или 17.5% од гласовите. [202)]

Резимирајќи ја севкупната политичка ситуација до воведувањето на Шестојануарската диктатура, евидентна е големата нетолерантност на власта кон се што било против неа. За некаква слобода на политички план, не станувало збор.

Социјалната структура на кандидатите за народни пратеници од вардарскиот дел од Македонија не се разликувала многу од структурата на кандидатите за пратеници во целото Кралство на СХС. Според преофесијата и сталешката припадност, таа структура била многу шаренолика. Тоа биле, главно, богати социјални слоеви, режимски истомисленици, луѓе од власта или блиски до неа, претседатели на општини, земјосопственици, чиновници, трговци, адвокати, лекари, земјоделци и пензионери, кои порано биле на повисоки државни функции. Мнозина од нив не биле од македонско потекло, или не живееле во вардарскиот дел на Македонија, така што и не ги познавале потребите на македонскиот народ.

Своето незадоволство од формалната застапеност на кандидатските листи, а и во Народното собрание, како и незадоволството од својата положба, народот во вардарскиот дел на Македонија го изразувал со пасивен отпор или гласајќи за КПЈ, особено

---

[202)] Костић Лаза, Статистика избора народних посланика Краљевини СХС, одржаних 11 септембра 1927 године, Београд, 1928, стр. 34.

првите години од изборите: гласовите кои Македонците ги давале за српските граѓански партии секогаш биле добивани под притисок, со примена на насилство какво што не владеело во другите краеви на Кралството на СХС.

Општо кажано, иако парламентарните избори од 1920 до 1929 година во вардарскиот дел на Македонија биле „демократски„ , сепак на македонскиот народ не му била дадена можноста да гласа за македонска политичка партија, бидејќи политичкиот живот морал да се движи во правецот кој го диригирал Белград. Така, македонскиот народ и покрај тоа што непосредно учествувал на парламентарните избори, сепак тој бил принуден да гласа за туѓи партии и програми.

Треба да се спомене и фактот дека во Кривопаланечко никој, со исклучок на ентузијазираните членови на Комунистичката партија, не се обидел да му помогне на населението. Дури и агитационите членови на партиите ја „избегнувале„ Кривопаланечката околија поради несигурносните услови, кои посебно се усложнувале во времето кога на овој простор навлегувала и делувала со своите чети ВМРО.

## 3.2.Форми на легален и илегален отпор

Македонскиот народ во Кумановско-Кривопаланечкиот регион на најразлични начини се спротивставувал на режимот на Кралството на СХС. Најчесто тој отпор бил невооружен, во одредени моменти бил поединечен или во група, спонтан или организиран, со национално политички задачи и идеи, во зависност од формите преку кои тој отпор се изразувал. Најчести облици на отпор биле: бојкот на регрутацијата, дезертирањето од војската на Кралството на СХС, неодзивањето на повиците за воени вежби, бегствата по шумите, планините или преминување во Бугарија, отпорот против разните давачки, одбивање на

учителите и свештениците од регионот да бидат преместени во други места, особено во Србија итн.

Бегањето на населението од регионот во Бугарија, како израз на незадоволство од новиот режим, била честа појава и се случувала веднаш по воспоставувањето на власта на Кралството на СХС во Вардарска Македонија. Од Кумановскиот крај најмногу емигрирале од пограничните области (Крива Паланка и Кратово), а од Куманово главно само оние што биле вмешани во злосторства и полна соработка со бугарските власти за време на нивното владеење. Така на пример, од Кривопаланечката околија во периодот по војната, 1918 година, во Бугарија се иселиле 23 семејства , додека од Кумановската околија се иселиле 19 семејства. [203)] Во 1919 година, според извештаите на воени и цивилни органи на власта на Кралството, имало обратен процес, односно дел од Македонците се враќале од Бугарија во Вардарска Македонија, при што властите се сомневале дека се работело за агитација од страна на Бугарија и дека тие луѓе што се враќале доаѓале со задача да организираат отпор против Кралството на СХС во Македонија. [204)]

Македонскиот народ во Кумановско-Кривопаланечкиот регион остро се спротиставувал и на военото обврзување, од самиот факт што новодојдената војска ја сметал за туѓа, а не за своја. Наместо новата власт да го земе во предвид тоа што Македонците во овие краишта со

---

203) Битоски Крсте: За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни..., стр. 192.

204) АИНИ, ф. ТАО, к. XXXV/1, кут.1, ред. бр. 96, (Писмо од началника среза Скопског-команданту III армиске области), л.1.

години служеле во различни војски, таа веднаш по војната почнала да повикува регрути и обврзници на вежби. По завршувањето на Првата светска војна, нерешените политички прашања, на пример, Статусот на Струмица, границите со Албанија, грабежите и разбојништвата на качачките банди, наложувале одржување мобилна состојба уште извесно време, особено во периодот од 1918 до 1921 година. За таа цел, воениот министер наредил на територијата на вардарскиот дел на Македонија, почнувајќи од 20 јули 1919 година, да се спроведе регрутација, при што се очекувале околу 25 000 регрути. Од Вардарската дивизиска област било предвидено да се регрутираат 7 098 регрути, а од Брегалничката 1 168 регрути. [205)]

Но, регрутацијата не ги дала очекуваните резултати. Тоа го потврдуваат и извештаите на командите на воените единици во составот на III армиска област. Така, во Кумановската полкова окружна команда се известува дека „одзивот на регрути не бил задоволувачки бидејќи повеќето регрути биле стражарно доведувани на регрутација. Се предвидувале најостри казнени мерки со цел да се подобри регрутацијата на воени обврзници„. [206)]

Големата воена вежба од септември 1920 година предизвикала интерес и кај раководните структури на ВМРО на Тодор Александров. Началникот на Кривопаланечката околија соопштил дека на тромеѓето меѓу неговата и Кратовската и Кочанската околија, се наоѓал „бугарскиот„ комита Тодор Александов со четата. Тој со свои 4 четници бил во селото Конопница, Кривопаланечко, со цел организирање на

---

[205)] Jovanović Vladan, Jugoslovenskata drzava..., str. 95.

[206)] АИНИ, ф. ТАО, XXXV/5, бр.596, ( Извештај од Кумановската полкова окружна команда).

месното население во месен комитет, а и ги наговарал селаните да бегат од вежбата. [207)]

Под притисок на јавното мислење и протестите од страна на КПЈ и на другите опозициони антирежимски сили, регрутацијата била прекината, а оние офицери и војници-резервисти кои веќе биле на воена вежба, биле отпуштени. Во извештајот на Командата на III армиска област од 14 октомври 1920 година се велело дека биле ангажирани полициски органи за спроведување на регрутите на определените места. Во истиот извештај српските воени власти признале дека мобилизацијата била избрзана, дека имало пропусти, корупција, но дека пропаѓањето на истата било и поради расположенито на народот против воената обврска и против државата, поради што многу регрути побегнале преку граница или побегнале во шумите и планините, каде се криеле или се одале на пљачкање. [208)]

Може да се констатира дека речиси во сите извештаи што датираат од 1918, 1919 и 1920 година секогаш се зборувало дека македонското население имало врски со Бугарија, дека бегало од служба во војската, дека се готвело за бунт, дека не се одѕивало на поканите од воените и цивилните власти и не и било приврзано на новата власт. Несомнено, во сето тоа имало вистина, но и се претерувало токму од луѓето на власта што се наоѓале на должност во вардарскиот дел на Македонија, кои сакале да ја прикажат положбата во која работеле како многу поопасна и за тоа да добијат унапредувања, награди

---

[207)] ДАРМ, ф. ТАО, (микрофилм 344), (Команда граничне трупе Пов.-бр.1501-до команданта III армиске области, 24 09 1920), стр.1.

[208)] Жежов Никола, Режимот на Кралството на Србите..., стр. 111.

и пофалби. [209)]

Отпор на мерките на српските власти давале и учителите и свештениците во Кумановско-Кривопаланечкиот регион. Тие одбивале да бидат преместени во други краеви, особено во Србија иако имале ветувања дека ќе имаат поголеми приходи и ќе живеат подобро.

Легалниот отпор на македонскиот народ во Кумановско-Кривопаланечкиот регион, иако бил повеќе стихиен, имал и поорганизирани форми, а посебно големи размери зел отпорот против мобилизацијата и военото обврзување, како и отпорот против реквизиција на добитокот, како и другите форми на отпор кои сепак биле во помал обем. Пред се, отпорот против воената обврска ги разбил илузиите кај белградскиот владеачки режим дека може да ги претвори Македонците во послушни „јужносрбијанци„ , бидејќи со самиот факт на одбивањето да служи во војската на Кралството, македонскиот народ јасно му ставил до знаење на српскиот режим, дека таа војска не ја чувствува како своја туку како завојувачка и окупаторска.

Од сето ова може да се забележи дека од овие форми на отпор, кои имале антисрпски, антирежимски и антидржавен карактер, се создава јасна слика за посебноста на македонскиот народ, така што сите обиди на големосрпскиот режим за негово потчинување останувале неуспешни и неизбежно пропаѓале.

---

[209)] Цветковска Надежда, Државните сили за безбедност..., стр. 51.

## 3.3. Вооружената дејност, организација и пропаганда на ВМРО во Кумановско-Кривопаланечкиот регион

Во Кумановско-Кривопаланечкиот регион, од Обзнаната до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година, од страна на српската власт била спроведувана денационализација и обид да се србизира македонскиот народ. Кон сите, кои се спротивставувале на оваа денационализација, власта преземала ригорозни мерки. Во 1926 година во Варадарска Македонија со ист мотив биле убиени, без суд и иследување, околу 1600 лица, претежно Македонци, преку 30 000 поминале низ затворите, а во 1927 година во нив се наоѓале дури 7 000 Македонци. Сето ова укажува со каков бескруполозен метод се служеше официјалната власт за остварување на својата цел. Српската власт тоа го мотивирала со фактот за борба против „Бугарашите„ , како што ги нарекувала сите свесно национално определени Македонци, кои не сакале да се потчинат на србизирањето и насилното асимилирање. За постигнување на оваа цел, а во зависност од конкретната политичка состојба и време, се употребувале нај различни сретства. Најмногу до израз тоа дошло во првите две-три години по донесувањето на Обзнаната, кога и завладеал неподнослив терор. Тоа било време непосредно поврзано со засилените комитски акции, кои по раководството на врховизираниот дел од македонската емиграција во Бугарија и предводени од Тодор Александров, а за наводна „борба за автономна Македонија„ , се развиле масовно во источниот дел од Вардарска Македонија. Како изгледала и како се спроведувала оваа тактика на самиот терен, најдобро знае македонското население, а во тој склоп и населениeто во Кумановско-Кривопаланечкиот регион.

Четите на „автономистичката„ ВМРО, под раковотство на Тодор Александров и Протогеров, а нешто подоцна и на Ванчо Михајлов, биле организирани во Пиринска Македонија. Тие, преку свои истомисленици

и јатаци, спроведувале организирани акции и вршеле политичка пропаганда. Повеќе пати тие навлегувале во Вардарска Македонија, а уште во 1919 година Тодор Александров откако претходно се состанал со Стојан Мишев, Славе Иванов, Иван Брло, Глигор Циклев, Мите Соколарски и други постари членови на ВМРО, формирал јадро за развивање на „револуционерна дејност„. Со нивна помош, Александров започнувал да врбува комити и да формира чети, за потоа да ги испраќа во Македонија. Базата каде што се собирале комитските чети, се наоѓала во пограничното место во околината на Ќустендил. Според некои податоци, при крајот на 1919 година во Македонија се наоѓале околу 15 чети со по 10-15 души. Нивното снадбување со оружје и облека паднало на товар на бугарската војска. [210)]

Раздвиженоста на ВМРО околу формирањето на комитски чети и нивното навлегување во Вардарска Македонија, а со тоа и во Кумановско-Кривопаланечкиот регион, го регистрирале и разни служби и органи на Кралството на СХС. Така според извештаите на разузнавачките служби на Кралството, комитските чети што се уфрлувале во Вардарска Македонија броеле од 20-30 луѓе на чие чело стоеле војводи. За Скопскиот и Кумановскиот округ тоа биле Крсто Коњушки [211)] и Величко Стојанов, за Брегалничкиот Иван Брло, Панчо Михајлов и Стефан Пантелејски, за Тиквешкиот Георги В´ндев, за Битолскиот и Охридскиот Петар Чаулев, Ангел Василев и

---

[210)] АИНИ- Скопје, Ф. Трета армиска област, к. 35/2, бр. 208.



Крсто Лазаров (Коњушки), (од десно) со својот соборец Цветко Думановски

---

211) Кумановскиот војвода Крсто Лазаров (Коњушки) е роден во селото Коњух, Кривопаланечко, 1844 година, поради што во често во историската литература може да се сретне како Крсто Коњушки. Уште од својата 17 годишна воздраст станал борец во четата на војводата Коста Нунков. Не бил образуван човек, но поседувал силна природна интелегенција. Во редовите на ВМРО влегува во 1900-та година и дејствува

Стефан Хаџи Димко. [212)]

Големиот број на извештаи од разузнавачките служби на Кралството на СХС, пред јавноста во државата ја истакнувале растечката опасност по државата од зголемениот број на комитски чети што се групирале на границата помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Додека касата на ВМРО се пополнувала со значителни суми од злато и динари, таа се повеќе ја ширела својата организациона мрежа во Македонија под српска власт ,и тоа најмногу во Кочанско и Кратовско. [213)]

За префрлување на четите во Вардарска Македонија, ВМРО воспоставила специјални канали на бугарско-српската граница, а на територијата на Македонија биле прифаќани од месното население. Во писмото од Кумановската полковска окружна команда до Командата на Вардарската дивизиска област се известува за преминување на бугарски комитски чети на оваа полкоска команда од Софија до Ќустендил, кој бил седиште на комитите. На самата граница од бугарска страна постоела една куќа , на некој селанец, каде комитите морале да застанат за да добијат информации за состојбата на границата, и потоа ја поминувале истата ноќе. Преминувале кај Китка и Султан-тепе на српско-бугарската граница во близина на селото

---

како четник во четите на повеќе војводи. Како војвода на чета во Кумановско дејствува од 1907 до 1912 година, кога се бори против турската власт. За време на српскиот режим, 1913-1915, , познат е по извршувањето на динамитните атентати долж железничката линија меѓу Скопје и Куманово, влегувајќи во многу судири со српските војски. Борејќи се против српската пропаганда во Вардарска Македонија, станува омразен од српските власти заради што постојано бил прогонуван, а го малтретирале и целото негово семејство. Бил убиен во 1944 година од припадниците на ОЗНА.

212) Жежов Никола, Режимот на Кралството на Србите..., стр. 117.

213) ДАРМ, ф. РСВР, матр. Бр. 18, Павел Шатев, стр. 445.

Кркља, Кривопаланечко, потоа оделе по долината на на Дурачка Река. Од Дурачка Река земале некој кој добро ја познавал околината да ги води, а понатаму оделе преку планината Лисец и на конак-преноќиштето кај „Влашки колиби„ каде се снадбувале со храна и ги добивале потребните информации за движењето на воените и полициски патроли. Понатаму се движеле кон село Нежилово, кое било главна комитска станица и од каде заминувале кон извршување на поставената задача. Од таму, преку Страцин и Руѓинце се спуштале во Младо Нагоричане и Куманово. Постоеле активни и месни чети. Активните доаѓале од Бугарија по разни задачи, убиства и пљачкање, биле вооружени со модерни пушки, револвери, бомби и ками и добивале помош од Бугарија. Месните чети не носеле оружје. На секои 5 или 10 куќи се одредувал по еден десетар. Тие главно се грижеле активните чети да не дојдат во судир со војската и полицијата. [214)]

За да ги забрза на подготовките за вооружените судири на четите на ВМРО со органите на власта на Кралството, Александров решил и самиот да замине во Македонија. Во месец април 1919 година, Тодор Александров и Славе Иванов, со уште 4 курири тргнале преку Ќустендил-Ѓуешево, ја минале границата и пристигнале на територијата на Кралството на СХС, кај селото Станци, Кривопаланечко. [215)]

---

214) АИНИ, ф. ТАО, к. XXXV/1, кут.1, ред. Бр. 19, (Кумановска окружна пуковска команда-команданту Вардарске дивизиске области, 17, 21 02 1919), л.1.

215) ДАРМ. Ф. РСВР, к-2, матр.бр.20, (Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 15 11 1949), стр. 3.



Дел од врховистичка чета во Источна Македонија

Почетоците на комитските навлегувања во Кривопаланечко датираат уште во почетокот на 1919 година, кога во Ќустендил започнале да се собираат некои војводи и да подготвуваат чети за преминување во Вардарска Македонија. Така, Командата на Кумановската полковска команда известува дека: „ војводата Гавро помеѓу 10-15 февруари 1919 година ја поминал границата кај село Жеравино срез Кривопаланечки со 10 четници. Во Ќустендил се вршела поголема агитација за српските безредија и убиства во Македонија. Се предвидувало востание во Македонија на пролет и да се убијат сите српски чиновници и војници сместени кај

населението„. [216)]

Исто така, во еден од извештаите на командата на Третата армиска област се известува дека ноќта помеѓу 8 и 9 јули 1919 година преку граница кај Крива Паланка поминала една вооружена група од 8 до 10 луѓе водена од Глигор Цветанов(иќ) од село Конопница, Кривопаланечко. Оваа група била забележана од двајца војници кои отвориле оган. При судирот, еден војник бил убиен и му била одземена пушката, куршумите, 600 динари и часовникот. Потоа, групата се упатила преку с. Мождивњак кон Кратово, за што биле известени властите во Кратовско со цел да ја ликвидираат. Меѓутоа групата не била забележана и се претпоставува дека најверојатно ја поминала границата и се вратила во Бугарија. [217)]

За целта на Организацијата во Македонија, ЦК на ВМРО на 11 јуни 1920 година објавил посебна директива во која меѓу другото се вели: „...основната намера е извојување на слободата под форма на автономија или независност на Македонија во нејзините етнографски и економски граници„. Набргу по издавањето на директивата на 24 јуни 1920 година во Вардарска Македонија доаѓа Тодор Александров, а заедно со него доаѓаат и Славе Иванов, Симеон Георгиев и уште 4-5 комити. Тодор Александров во Македонија останува шест месеци, а најмногу се задржува во пограничните области во Кривопаланечко, Кочанско, Кратовско и Штипско. [218)]

---

[216)] АИНИ, ф. ТАО, к. XXXV/1, кут.1, ред. Бр. 24, (Кумановска окружна пуковска команда-команданту Вардарске дивизиске области, 1919), л.1.

[217)] АИНИ, ф. ТАО, к.XXXV/2, кут. 2, ред.бр.177, (Извештај до командата на ТАО од 19 07 1919), л.1.

[218)] Палешутски Костадин, Македонският вЪпрос в буржоазна Югославия 1918-1941, София, 1983, стр. 118.

Во еден од извештаите на началникот на Кумановскиот округ испратен до Министерството за внатрешни работи кон средината на септември 1920 година, во кој се наведуваат податоци за состојбата во Кривопаланечката околија, меѓу другото се наведуваат и податоци дека во с. Стар Дрвен во Бугарија, три километри до Деве Баир се наоѓале, според извештајот доставен од страна на српскиот „повереник„ , околу 40 комити, кои по неколку дена требало да влезат во Кумановскиот округ. На овој начин интерпретираните и пренесувани гласови и податоци од теренот до највисоките државни и партиски органи, се правдале и поради присуството на Тодор Александров во дел од Кумановскиот округ, скоро еден месец пред одржувањето на изборите на Конституантата. Тој се движел на тромеѓата меѓу Кривопаланечката, Кратовската и Кочанската околија. [219)]

Вести за дејствувањето на „автономистичката„ ВМРО на чело со Тодор Александров, биле доставени и од командантот на Третата армиска област со напомена, дека и во останатите погранични делови од Бугарија спрема Кралството СХС се забележувале одредени промени кај војската и цивилното население. [220)]

Поголема активност Организацијата развила во другите околии, а најмала во Кривопаланечко. Тоа е и нормално со оглед на фактот што градот и околијата се наоѓале во гранична зона. Не е забележан посериозен обид ниту, пак, е оформена група на чело со војвода во овој крај. Но, реонот на Кривопаланечко бил најмногу користен за доаѓање и заминување на комитите на Тодор Александров. А она што е важно за Кривопаланечката околија, и што е непосредно

---

219) Јанев Јован, КПЈ во парламентарните изборни борби ..., стр. 92.

220) Исто, стр. 92-93.

поврзано со активноста на ВМРО во овој период е големата реакција од страна на српската власт во неутрализирањето на уфрлените комитски чети и нивните приврзаници. Во еден извештај од Командата на V граничен одсек до командантот на III армиска област се вели дека седиштето на комитите во Кривопаланечко и неговата околина е село Конопница, а за Кумановско и̂ неговата околина е село Градешница. [221)]

Во текот на 1922 година многу зачестиле комитските акции, организирани и уфрлувани од Бугарија. Како центри каде се формирале комитски чети, се спомнуваат: Ќустендил, Дупница, манастирот Рила, Цумаја и Петрич. На чело на четите стоеле наименувани по уставот војводи, а над сите нив се наоѓал Тодор Александров, кој давал тон и директива во изведувањето на комитските акции во Вардарска Македонија. [222)] Не биле ретки судирите меѓу четите и органите на власта. Се вршеле и ѕверски убиства. Населението доставувало поплаки до органите на јавната безбедност, кои биле немоќни да им го осигураат животот на државни чиновници. Во врска со тоа, Министерството за внатрешни работи презело мерки за зголемување на бројот на жандармите и војската, а исто така издало наредба и упатство за преземање на поостри и поорганизирани мерки за воведување на ред и мир во Вардарска Македонија. За извршување на оваа задача бил назначен посебен комесар, со седиште во Скопје. Тој располагал со посебни права и овластување, а најважна и основна задача на овој комесар била обединување на акцијата на полицијата, жандармеријата и

----------------------------------------------------------------------------

[221)] АИНИ, ф. ТАО, к.XXXV/4, ред.бр.596, (Извештај до командата на V граничен одсек до Командантот на ТАО), л.1.

[222)] Јовановиќ Марија, Просветно-политичките..., стр. 68.

војската, како и вршење на непосреден надзор на подрачните власти и органи.[223]

Во 1922 година, на територијата на Вардарска Македонија се разгорувала борбата меѓу четите на ВМРО и вооружените формации на Кралството на СХС. Во тие случувања се вклучувале и разни безбедносни и други служби на одделни европски држави, кои со свои доверливи податоци ја помагале едната или другата страна. Според строго доверлива информација од британскиот Скотланд јард, предочена на органите на власта на Кралството на СХС, „Бугарско-македонскиот„ комитет го препорачал човекот наречен Марјан Калифаски како погоден човек до го убие српскиот крал Александар на неговата венчавка. На извесниот Калифаски за таа цел му било речено да контактира со „српските комунисти„.[224] Но, за овој потфат на ВМРО нема достапни изворни податоци кои би ја потврдиле оваа информација.

Жестокоста на вооружените судири меѓу комитските чети и силите на режимот на Кралството на СХС, го натерале Министерството за внатрешни работи како мерка да ги зголеми паричните награди за фаќање или убивање на одредени комитски војводи. За оној којшто ќе го фател, убиел или помогнел во убиството на штипскиот војвода Иван Брло, се предвидувала парична награда од 50 000 српски динари, додека за оној кој ќе го сторел истото со кумановскиот војвода Лазар Велков од

---

[223] Исто.

[224] АИНИ, ф. Посланство у Лондону, к. XXXVII/15, ред.бр.8, (Телеграм Посланства у Лондону-Министерству спољних послова у Београду, 4 06 1922), л.2.

село Дивле, му се нуделе 30 000 динари. [225)]

Во организациски поглед, во почетокот на 1924 година, напорите на ВМРО биле насочени кон собирање на оружје, облека, муниција и парични средства, со цел започнување напролет на четничка активност од поголеми размери во Вардарска Македонија. Подготовките на ВМРО за нов офанзивен настап во Кралството на СХС претежно се извршувале во Пиринска Македонија под бугарска власт. Таму, речиси целата власт била во рацете на ВМРО. Месните чиновници верувале дека Пиринскиот дел од Македонија ќе влезе во состав на идната независна Македонија, како што дознавало Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС. Според истото Министерство, воените лица и власти и членовите на офицерската лига во Бугарија со душа и срце биле оддадени на, како што се вели „македонската работа„. [226)]

Министерството за надворешни работи на Кралството исто така дознало дека во Пиринска Македонија се формирале 40 чети со околу 10 000 луѓе, кои требало да ги заземат Петрич, Џумаја и Мелник, со што би предизвикале привиден судир со бугарската војска. Потоа бугарските војници би преминувале на страна на комитските чети и тие заедно требало да ја нападнат Вардарска Македонија. Со помош на македонскиот народ, во овој дел од Македонија би предизвикале немири, атентати и влегување на војските на големите сили, со што би се остварила

---

[225)] Жежов Никола, Режимот на Кралството на Србите..., стр. 130.

[226)] АИНИ, ф. Посланство у Лондону, к. XXXVII/17, ред.бр.164, (Писмо од Министарство спољних послова-Краљевском посланство у Лондону, 25 01 1924), л. 1.

македонската автономија.[227] Истото Министерство имало информации дека во Ќустендил имало 1 000 Македонци под оружје. Тие имале ново оружје и комитска облека. Сите жандарми во градот Ќустендил биле заменети со Македонци, а лицата што влегувале во градот строго се прегледувале. [228]

Од друга страна во Петрич дошле 600 комити-пешаци, 50 коњаници, 2 топа артилерија и 4 митралези. На 11 април 1924 година, Тодор Александров во Петрич донел 5 000 000 лева, 3 000 пушки, 75 машински пушки, кои ги разделил на комитите. При тоа Александров одржал силен говор против Кралството на СХС и зборувал за претстојниот напад врз Кралството. [229]

На 8. IX. 1924 година на пругата Прешево-Куманово, една бугарска атентаторска група имала намера да изврши атентат на меѓународниот воз. Притоа биле откриени и во меѓусебна борба со полицијата биле убиени 4 комити, а другите кои ги предводел Крсто Коњушки побегнале на бугарска територија. [230]

На политичката сцена на Македонија и во илегална активност од 1925 година се јавува како фактор уште една нова политичка организација-Внатрешна Македонска Револуционерна Организација (Обединета). Основањето на ВМРО (Обединета) дошло како резултат

---

[227] Жежов Никола, Режимот на Кралството на Србите..., стр. 123-124.

[228] АИНИ, ф. Посланство у Лондону, к. XXXVII/16, ред.бр.109, (Извештај од Министарство спољних послова-Краљевском посланство у Лондону, 11 03 1924), л. 1.

[229] АИНИ, ф. Посланство у Лондону, к. XXXVII/16, ред.бр.109, (Извештај Министарства иностраних дела-Краљевском посланство у Лондону, 21 04 1924), л. 1.

[230] АИНИ, ф. ТАО, к.XXXVII/13, ред.бр.1, (Кумановска окружна пуковска команда-команданту Вардарске дивизиске области, 8. 9. 1924), л.1.

од сознавањето на потребата од прекратување на меѓусебните триења и струења и за поврзување и обединување на разните струи и фракции во македонската емиграција и револуционерното движење. Преговорите помеѓу Тодор Александров, Александар Протогеров, Димитар Влахов и Петар Чаулев завршиле со спогодба за обединување на ВМРО и Македонската федеративна организација врз т.н. Платформна декларација, за што на 30 април 1924 година бил потпишан Протокол за обединување на македонското револуционерно движење. [231)]

Кон крајот на 1925 и текот на 1926 година, започнала илегално да дејствува во Македонија, Внатрешната Македонска Револуционерна организација-ВМРО (Обединета). Уште пред тоа, на 6 мај 1924 година, ЦК на ВМРО донесува свој манифест, познат како Мајски манифест. Во него ВМРО се изјаснила дека се бори и ќе се бори со сите средства на револуционерната борба: за ослободување и обединување на распарчените делови на Македонија во една целина; за демократизирањето на соседните балкански држави, на Македонија, и нивното сојузување во една Балканска федерација, која единствено можела да го гарантира политичкото постоење на независна Македонија и независноста на останатите балкански народи; за задоволување на економските и културните интереси на сите балкански народи, поврзани со излегувањето на трите балкански мориња; за парализирање на анексионистичките стремежи на големите европски држави, а исто така, за гарантирање на правилното разрешување на сите национални спорови, обезбедувајќи културен развиток на сите етнички малцинства. За извојување на оваа своја замисла ВМРО се надевала пред

---

231) Историја на македонскиот народ..., кн.III, стр. 51.

се на обединетите револуционерни сили на целото македонско население, без разлика на вера и народност, а во тесна соработка со револуционерните сили на работните маси во другите балкански држави. [232)]

По убиството на Тодор Александров во крајот на август 1924 година, по серијата убиства во септември 1924 година на македонските револуционери, приврзаници на Мајскиот манифест и убиството на вториот член на ЦК Петар Чаулев во Милано во декември 1924 година, од атентатор испратен од Иван Михајлов, од трочлениот ЦК на ВМРО останал само Александар Протогеров. Тој се поочигледно бил потиснуван од наметнатиот, по нестатутарен пат, Иван Михајлов во раководството на ВМРО. Тој се прогласил за секретар на ЦК ВМРО, иако таа функција не постоела според Правилникот на Организацијата. На VI конгрес на ВМРО одржан од 9 до 12 февруари 1925 година Иван Михајлов успеал и со конгресна одлука да стане член на ЦК заедно со постарите А. Протогеров и Георги Поп Христов. [233)]

Новата вооружена стратегија подразбирала праќање на чети со помал број на комити и во помали групи на теренот, поради тоа што големите чети потешко се движеле и бргу биле откривани од државните власти. На тој начин, традиционалниот метод на дејствување со вооружени чети бил заменет со терористички акции преку конспиративни групи, т.н. „тројки„ или „петорки„ . Според образложението на ЦК на ВМРО, дотогашното вклучување на населението во вооружените активности на Организацијата

---

[232)] Катарџиев Иван, Време на зреење..., кн.2, стр. 14-17. Историја на македонскиот народ..., кн.III, стр. 51.

[233)] Тодоровски Зоран, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997, стр. 23-35.

било напуштено за да не им се даде можност на окупаторските државни власти да го тероризираат населението. [234)]

Главните вооружени акции и натаму биле вперени против државните, воените и полициските власти на Кралството на СХС во вардарскиот дел на Македонија. ЦК на ВМРО со своите решенија, писма и апели ја повикувала Организацијата своите акции да ги насочува против „српската окупаторска власт„ , а особено кон убивање на српските виши државни чиновници кои го измачувале населението, а исто така и кон уништување на ренегатите. [235)]

Во летото, 1925 година, раковотството организирало голема акција за навлегување на поголем број комитски чети во вардарскиот дел на Македонија. Четите веднаш по преминувањето на границата, биле брзо откриени од државните воени и полициски власти и приморани да се вратат назад во Бугарија. Покрај овие повремени навлегувања на организирани четнички групи, во текот на 1925 и 1926 година, во вардарскиот дел на Македонија подолго време престојувале Кочанската чета на војводата Ефтим Полски, Царевоселската на Дончо Христов, Кратовската на Мите Опилски, Кривопаланечката на Стојан Врбенов, Кумановската на Крсто Лазаров и Скопската на Величко Велјанов. Овие чети преку пунктовниот началник на Ќустендил, Владимир Куртев биле во постојана врска со Иван Михајлов и дејствувале по негови инструкции. [236)]

---

[234)] Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993, стр. 173-174.

[235)] Исто, стр. 174.

[236)] Исто.

На крајот на октомври 1925 година била одржана Обласна конференција на ВМРО (Обединета), таканаречена основачка во Велес. На оваа конференција присуствувале делегати од повеќе места на Македонија. Конференцијата се одржала под претседателство на Панко Брашнаров, член на ЦК на ВМРО (Обединета). На конференцијата била постигната согласност за основање и организационо поставување на ВМРО (Обединета) во Македонија под Кралството на СХС. Изборот на Обласниот комитет бил одложен за подоцна, поради нестабилната положба во Скопје, кое требало да стане седиште на Комитетот. Дотогашниот Иницијативен одбор бил овластен да ја врши функцијата на Обласниот комитет и негово седиште било во Велес, со надлежност за Вардарска Македонија. [237)] Привременото раковотство на Обласниот комитет имало задача да работи на проширување на мрежата на Организацијата на ВМРО (Обедината) низ цела Вардарска Македонија. Така биле создадени организации и групи на ВМРО (Обединета) во Куманово, Штип, Скопје, Прилеп, Кавадарци, Струмица, Гевгелија и други места. Во раковотствата честопати се наоѓале членови на месните комитети на КПЈ, што довдувало до паралелизам и дуплирање со партиската работа. [238)]

Во меѓувреме не престанувале терористичките акции. На 5 октомври 1927 година околу 18 часот беше извршен атентат на генералот Михаило Ковачевиќ пред портата на куќата во која тој живееше со своето семејство во Штип. Атентатот беше извршен од

---

237) Зоографски Г. Тодор и Зоографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета)..., стр. 147-148.

238) Историја на македонскиот народ..., кн.III, стр. 53.

двајца терористи, Епикрат Развигоров, родум од Штип и Благој Кралев, родум од Куманово, испратени од Софија од терористичката организација на Ванчо Михаилов. [239)]

Во еден апел од македонските граѓани до југословенската јавност по атентатот на генералот Михајло Ковачевиќ се наведува дека: „Народот е во очајна положба, од една страна Протогеров ги праќа своите чети да вршат атентати, како резултат на што секогаш страдаат невините Македонци; од друга страна, денешниот режим ја користи секоја атентаторска акција, успешна или неуспешна за да сее поголем терор. Од октомври наваму царува во цела Македонија вистинска воена положба. Сите села, кога ќе почнеш од Куманово, на југ до Штип и Гевгелија, крваво се пропиштени од полициските ужаси. Се земаат селани во потерите без да си понесат храна и облека, едни од нив го чуваат селото, други патиштата и железниците, а трети жандарите ги влечат со себе да гонат комити. Тие биле наречени доброволни милиционери. [240)]

На тема на индивидуален терор, веднаш по атентатот на генералот Ковачевиќ во Штип, загрепска „Борба„ се осврнува со една принципиелна статија, во која меѓу другото се вели: „...На Македонците им се одземени сите основни граѓански и политички права и од страна на хегемонистичкиот режим најстрашно национално се угнетувани. Пред судот, во училиштата, пред управните власти - тие немаат право на свој јазик. Нивните деца дури не смеат да му се молат на господа на свој јазик... а Македонија ја поплавиле најлошите полицајци и управни службеници, па не била осамена појава за поедини такви управници да

---

[239)] Зоографски Г. Тодор и Зоографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета)..., стр. 186-187.

[240)] Исто, стр. 199.

се утврдило и во печатот јавно пишувало дека се бивши робијаши и обични злосторници... [241)]

Во она време, 1927-1928 година најмногу затвореници како жртви на реакцијата имало во Штипско, Велешко, Кумановско и некои други места. Помош им се давало на семејствата на наши приврзаници и тоа на најзагрозените, а им е давано и на пострадани од злосторствата на контрачетите на Циклев, Мино и други жандармски потери. Така, на пример, помогнати се семејствата на некои селани од селата Орашец, Живина, Пезово, и други во Кумановско, чии куќи биле запалени, а домаќините убиени. На Богдан Старчески од с. Сув Орав, на кого жандармите му ја запалиле куќата (тој во 1920 година бил народен пратеник на листата на КП за Кумановската околија) му била дадена помош од ЦП. За ова се сеќавал Владо Иванов, волнар од Куманово, којшто лично им ја однесол помошта од по 500 динари на околу 20-25 семејства. [242)]

На 10 јануари 1928 година, патниците од Крива Паланка за Куманово гледале како жандармите спроведуваат двајца и по патот ги тепале со кундаци. [243)]

Во втората половина на 1928 година, во некои градови, како Скопје, Куманово, Велес и други, бројната положба на членството била, подобрена, главно поради вклучувањето на нови членови од синдикатите и од СКОЈ. За точната бројна состојба на организациите на КПЈ во Македонија, како и на организациите на ВМРО (Обединета),

---

[241)] Чушкар Боро, Борбено Куманово..., стр. 298-299.

[242)] Зоографски Г. Тодор и Зоографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета)..., стр. 195-196.

[243)] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за ...,стр. 30

немало писмена евиденција поради строгата илегалност, но сепак, според некои сеќавања можело да се каже за бројната состојба во годините 1927 и 1928 во Куманово. Во организацијата на КП членството се движело од 12 до 15, од нив работеле во организацијата на ВМРО (Обединета) околу 6 души, а последната имала околу 10 души. [244)]

Српскиот режим од своја страна, пак, преземал дополнителни мерки за засилување на контролата на границата и во пограничните места од вардарскиот дел на Македонија. Така во летото 1928 година, била преземена голема акција за сечење на шумата и проширување на граничниот појас по целата должина на границата од Крива Паланка до Струмица. За овој потфат биле собрани поголем број мажи да ја исечат шумата во пограничниот појас. Меѓутоа, и оваа акција била искористена од некои младинци да поминат преку ноќ на територијата на Бугарија. На границата, од српска страна, на секои 500 метри се наоѓале бетонски и железни утврдувања за војниците, а овој пограничен систем и понатаму се доградувал, така што, многу тешко можела да помине чета незабележана од граничните стражи. [245)]

Во периодот од 1925 до 1928 година во вардарскиот дел на Македонија биле извршени 149 вооружени комитски акции и поединечни терористички атентати. Во овие акции биле убиени 43 а ранети 76 официјални лица на државната власт; 90 убиени и ранети цивилни лица; 25 убиени и 23 ранети војници жандари

---

[244)] Зоографски Г. Тодор и Зоографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета). стр. 213-214.

[245)] Пачемска-Петреска Даринка, Малешевијата низ историјата 1912-1945, кн. 2,Берово, 2003, стр.142.

и државни четници; додека 9 комити биле убиени, а 15 ранети. [246)]

Од крајот на 1928, до мај 1934 година, ВМРО, на чие чело сега се наоѓал Ванчо Михајлов, извршила повеќе терористички акции и поединечни атентати. Посебно во 1930 година се извршени поголем број на атентати и тоа во Кочани, Крива Паланка, Струмица и Пирот, каде што се убиени или ранети околу 40 души. Во Кривопаланечко тоа биле најмногу луѓе од власта, жандарми и офицери. Токму, тоа била и причината во граничниот реон спрема Бугарија српската власт да ги зголеми своите гранични единици за над 50%, а за подобро следење на состојбата во Крива Паланка и околијата да се вработат тројца полициски агенти во известителна служба. [247)]

Ситуацијата се влошила до крајни граници. Се до 1934 година, кога дефинитивно претстанале навлегувањата на ВМРО на територијата на Вардарска Македонија и во Кумановско-Кривопаланечкиот регион, односно до нејзиното забранување во Бугарија, состојбата била воена во овие области. Со активноста на ВМРО во овие краеви ништо не се променило, туку напротив биле убиени и ранети стотици лица, а голем бил бројот и на затворените и малтретирани лица.

---

[246)] Златна книга-100 години ВМРО..., стр. 175.

[247)] Тодоровски Зоран, Внатрешна Македонска Револуционерна..., стр. 158.

# Заклучок:

По завршувањето на Првата светска војна биле потврдени одредбите од Букурешкиот мир 1913 година со што Македонија останала поделена на три дела помеѓу Србија, Бугарија и Грција. Вардарскиот дел од Македонија влегол во составот на Кралството на СХС каде Србија имала доминантна улога.

Војните, во и околу Македонија во втората деценија на XX век и приклучувањето на нејзините делови кон соодветните балкански држави и нанеле на Македонија огромни штети и човечки загуби. Материјалните штети претставувале значителен дел од националното богатство на Македонија. Голем дел од активното население настрадало за време на воените дејствија, или подоцна ја напуштило земјата во барање работа, или поради засолнување од потиснување и терор спроведуван врз него. Треба посебно да се истакне фактот дека, како ретко која друга територија во Европа, во периодот од 1912 до 1918 година, Македонија била арена на жестоки судири на бројни разновидни војски. Исто така не бил мал и бројот на човечки жртви, раселени лица итн.. Како резултат на насилните мобилизации, бегствата итн., бројот на населението до 1918 година значително се намалил. Сето тоа, мошне негативно се одразило во лишување на Македонија од работоспособна сила и интелегенција, која во поголем дел под притисок на асимилацијата и денационализацијата што ја спроведувале српските власти, се иселувала од Вардарска Македонија..

Економската и политичката положба на македонскиот народ и другите народности во новоформираната југословенска држава несошпирливо се влошувала. Наместо долгоочекуваната национална слобода и рамноправност на македонскиот народ, од монархистичкиот режим народот бил прогласен за непостоен, не се признавала неговата

национална индивидуалност и култура, а македонското име и јазик биле прогонувани. Во училиштата и администрацијата во Вардарска Македонија бил наметнат српскиот јазик, со крајна цел како што тоа станувало и во другите делови на Македонија, Егејскиот под Грција и Пиринскиот под Бугарија, национално обезличување и стопанска дискриминација врз македонскиот народ.

Најстрого била забранета употребата на македонскиот јазик и печатењето на книги или било какви публикации на македонски јазик. Сето тоа било диктирано од асимилаторските стремежи на српската буржоазија, до толку повеќе што постоеле очигледни манифестации, дека Македонците не се чувствуваат ниту Срби, ниту Бугари. За таквата политика, исто така, влијаеле и анексионистичките и реваншистичките замисли на Бугарија. Како во административниот апарат, така и во училишните институции, биле доведувани луѓе од другите југословенски земји.

По завршувањето на војната во 1918 година Македонија била разбиена како стопанска целина. Со повлекувањето на границата меѓу Србија и Грција, Вардарска Македонија била отсечена од Солун, преку кој порано биле извезувани македонските сточарски и земјоделски производи на пазарите во други држави. Сточарството како важна гранка во голем дел било уништено, поради тоа што зимските пасишта, кои претежно се наоѓале во Егејска Македонија, со поделбата на етничко-географскиот простор на Македонија, останале недостапни за големите стада добиток од Вардарска Македонија. За време на војната и онака слабата индустрија била разорена, така што по војната во 1918 година, во Вардарска Македонија имало само 15 индустриски претпријатија и тоа со примитивна технологија. Надалеку познатата македонска чаршија со слабеење на занаетчиството и трговијата, постепено изумирала.

Македонските семејства од разни причини, речиси секогаш биле принудени да ја напуштат својата земја и да побараат подобар живот во разни други страни во светот. Во Кумановско-Кривопаланечкиот регион по војната се движеле огромни колони на војници, повлекувајќи се кон Бугарија. Во Крива Паланка бил подигнат поголем воен стационар за ранетите и изнемоштени војници и официри, а за нивните потреби била собирана храна и материјали од населението.

Што се однесува до земјоделството во Македонија се уште имало остатоци од феудалните аграрно-произвотствени односи, кои биле во сопственост на чифликсајбиите од турска и албанска националност. Поради нерешеното аграрно прашање кај македонските селани бил се поизразен револтот од ваквата ситуација. И покрај донесувањето на некои законски акти до решавање на аграрното прашање во корист на македонските селани не дошло, туку било оставено да го решаваат српските колонисти.

Режимот на Кралството на СХС настојувал да ја зацврсти својата власт во Кумановско-Кривопаланечкиот регион преку разни форми и методи на асимилација и денационализација на македонскиот народ.

Српската буржоазија, со обновувањето на својата власт, го обновува и режимот на специјалната Уредба од 1913 година. Оваа уредба за прв пат била воведена во Вардарска Македонија по потпишувањето на Букурешкиот мир во 1913, а обновена во 1918 и важела до 16 август 1919 година, кога била укината и проширен Уставот на Кралството Србија од 1903 година и над Македонија. Воведувањето на оваа Уредба значело дека управата ќе се разликувала во првите години од управата во старите граници на Српското Кралство. Подоцна, оваа уредба била формулирана и објавена како „Уредба за обединување на општествената безбедност во завојуваните земји„ , а тоа значело озаконување на режимот на воена диктатура во Вардарска Македонија.

Со Уредбата биле укинати политичките и човечките права, народот се предавал на милост и немилост, бил подложен на казни, робија, стрелања и се забранувала секаква општествено-политичка активност, која не била одобрена од полициските власти. Воведувањето на оваа уредба за Стара Србија и Македонија уште во 1913 година предизвикало најостра реакција во прогресивните и либералните кругови на тогашна Србија, бидејќи со неа не се признавала слободата на печатот, зборот, договорот и здружувањето, со еден збор, правата и основните слободи без кои не можел да се замисли граѓанскиот режим, и кои, биле услови за слободен општествено-политички живот и напредок. Со оваа уредба, не постоела гаранција за сузбивањето на насилството и отпорот против корумпираните бирократи и пљачкашки банди и била создадена атмосфера на несигурност и страв.

По Првата светска војна, Кралството на СХС, во административно-политичко територијален поглед, било поделено на седум покраини. Вардарска Македонија опфаќала дел од покраината, така наречена „Јужна Србија„. Покраините биле поделени на окрузи (жупании), околии (срезови-котари), а во рамките на околиите, општини. Вардарска Македонија била поделена на седум окрузи Битолски, Кумановски, Брегалнички, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки. Кумановско-Кривопаланечкиот регион во административно - управен поглед бил вклучен во Кумановскиот округ.

Со Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година (член 95), била укината дотогашната поделба на покраини и биле формирани области, окрузи, околии и општини. Најголеми самоуправни тела во Кралството на СХС станале областите и биле предвидени да сочинуваат некој вид противтежа на административниот централизам, кој со Видовденскиот устав бил усвоен. Со Уставот, само во начело било определено

поделбата на области да се изврши со закон, „спрема природните, социјалните и економските прилики„ . Земјата била поделена на 33 области, а Вардарска Македонија била поделена три области: Скопска, Брегалничката и Битолската. Крива Паланка и Жеглигово (Куманово) биле вклучени во Скопската област. На чело на секоја област се наоѓал Голем жупан. Него го поставувал Кралот, па според тоа, тој бил државен орган кој управувал со државната управа во областа преку другите нему подредени пониски државни органи. Ваквата административна територијална поделба на Кралството на СХС се задржала се до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година. Тогаш се укинати Законот за обласната и околиската самоуправа, а на 3 октомври 1929 година е донесен Законот „за името и поделба на Кралството на управни подрачја „ , според кој „ ... државата на Србите, Хрватите и Словенците е наречена Кралство Југославија„. Извршена е нова административна поделба, според која Кралството Југославија е поделено на 9 бановини, а понатаму на околии и општини. Територијата на Македонија влегла во составот на Вардарската бановина со седиште во Скопје, која, како управно-административно територијална единица, освен вардарскиот дел на Македонија, опфаќала и дел од Јужна Србија и речиси цела Метохија.

По завршувањето на Првата светска војна владеачката класа на Кралството на СХС настојува да изврши потполна стабилизација на својот буржоаски систем и режим на класно владеење во Вардарска Македонија. Владеачките кругови во дадениот период најмногу се ориентирале кон целосно јакнење на воено-политичките позиции на војската и жандармеријата, како и на останатите економско-политички и државни фактори, на кои требало безрезервно да се потпира власта на монархијата и на буржоазиите на југословенските народи на чело со големосрпската буржоазија. Откако властите на Кралството увиделе

дека не можеле да го скршат отпорот на македонскиот народ и со цел за полесно одржување на власта во Вардарска Македонија, не само што биле стационирани воени единици и жандармерија, туку биле формирани и специјални четнички единици под раководство на луѓе, кои со својата активност биле познати од порано во периодот на српските четнички акции во Македонија, во време на османското ропство. Инаку, овие вооружени формации во вардарскиот дел на Македонија ги составувале командирите на жандармериските чети, а не окружните началници како што пропишувал законот. Така, во составот на т.н. „летечки чети„ влегувале поранешни робијаши од Србија кои, наместо да ги гонат комитите, често биле домашна послуга во куќите на командирите. Големите воено-полициски сили се покажале како недоволни за заштита на границата со Бугарија од навлегувањето на комитските чети на ВМРО. Главна причина заради неефикасноста на овие сили била слабата дисциплина, како и несодветниот распоред на гломазниот војнички и полициски апарат на теренот на овој регион. Бидејќи не можеле да се спречат комитските навлегувања, целокупното внимание на вооружените сили на режимот било насочено кон преземање на репресивни мерки врз локалното население. Оваа тешка состојба придонела уште повеќе да се зголеми незадоволствата кај народот, и да придонесе за создавање на уште поголема омраза на македонскиот народ кон режимот на Кралството на СХС.

По завршувањето на војната големосрпската буржоазија веднаш се зафатила со работа за остварување на овие планови за асимилација и денационализација на македонскиот народ, подготвени од порано, но не остварени поради почетокот на војната. Една од најпогодните мерки за остварување на овие цели бил образовниот систем. Затоа власта настојувала да отвори што поголем број на основни и средни училишта (гимназии ), преку кои би се ширеле српскиот јазик и култура за што

трошела огромни финансиски средства, додека македонскиот јазик бил забранет за употреба. Во почетокот наставата одела доста тешко, бидејќи се чувствувал недостаток од просветни работници и бил користен кадарот што работел од порано во Кумановскиот крај. Овие работници не биле квалификувани, а исто така и училишниот инвентар бил минимален. Образованието било под строга контрола на Министерството за просвета и нивните претставници на теренот, инспектори и надзорници кои исклучително биле проверени кадри на владеачкиот режим. По војната биле отворени повеќе гимназии, но поради недостаток од кадар биле затворани. Гимназиите во овој регион опфаќале поголем број на ученици, образовните програми и планови биле поставени на српска шовинистичка основа, а учителскиот кадар, кој во почетокот бил составен и од повеќе професори Руси и Чеси по националност, подоцна броел само наставници и професори по националност Срби. Големосрпската владеачка буржоазија не престанала да се занимава со решавање на прашањето околу македонските учители. Таа не помислувала да отстапи од зацртаната просветна-политика и понатаму продолжувала да ги смета македонските учители како сомнителни, несигурни и поставувала барања за нивно отстранување од родната земја и од сопствениот народ. Македонските учители често биле прогонувани од властите, а исто така била прогонувана и најмалата појава на национална свест кај народот. Освен преку образовниот систем, властите настојувале асимилацијата и денационализацијата да ја прошират и надвор од училиштата. За таа цел биле формирани повеќе литературни дружини, спортски клубови и биле отворани библиотеки на српски јазик кои немале некое поголемо влијание врз македонскиот народ.

Освен преку образованието, голема улога во асимилацијата и денационализацијата на македонскиот народ одиграла и српската

православна црква, која веднаш го ставила сиот свој црковно-административен апарат во служба на државата. Кумановско-Кривопаланечкиот крај и припаднал на скопската митрополија. Македонскиот народ бил присилуван од страна на српската црква да слави српски обичаи, а доколку не го почитувале тоа биле казнувани. На презимињата им биле додавани „ иќ ", а на новородените деца било задолжително да им се ставаат српски имиња. Живеејки во специфични услови, обесправено и постојано под нечиј надзор, македонското свештенство немало можности да се организира и заеднички да истапува против политиката на Српската православна црква и нејзините цели, индивидуално истапувале онаму каде што не било впечатливо. Главно сите обиди на СПЦ наидувале на пасивен или активен отпор кај македонскиот народ поради суровите методи на нивно спроведување, а освен тоа и неуспех на српската асимилаторска политика било и се поголемото и почестото појавување на национална свест кај македонскиот народ.

Колонизаторската политика на владата на Кралството на СХС била со цел за полесно воспоставување и зацврстување на својата власт во Вардарскиот дел на Македонија. Оваа колонизација била интезивно спроведувана во првите години меѓу двете светски војни и преку неа се настојувало да се промени етничкиот белег на македонскиот народ.

Најнапред колонизацијата ги зафатила северните области од Вардарска Македонија, а со тоа и Кумановско-Кривопаланечкиот регион поради близината со другите краишта на државата од каде што главно доаѓале колонистите. Во Кумановскиот округ во првите години на колонизацијата биле доселени најголем број на колонистички семејства. Колонистите главно биле по потекло Срби од Унгарија, Војводина, Лика и други краишта на државата. Биле доселувани разни чиновници, бивши четници и доброволци од војните. Најчесто биле

населувани покрај важните стратешки места, имале разни привилегии и ја добивале најплодната почва на штета на македонското население. Големосрпската буржоазија настојувала со промена на топонимите да врши асимилација на македонскиот народ. На новосоздадените колонии им се давале имиња на историски личности од српската историја.

Српските колонисти во новите колонистички населби во Кумановско добивале материјал за изградби на куќи, а некои и готови куќи, биле ослободени од давачките кон државата и располагале со најдобрите пасишта и ораници. Поради сето ова кај македонското население се создавало големо незадоволство. Во почетокот тешко воспоставувало некои пријателски односи со колонистите, а помеѓу некои од нив доаѓало и до поостри судири.

Исто така, може да се рече, дека српската колонизаторска политика во Кумановско-Кривопаланечкиот регион била поуспешна, за разлика да речеме од Брегалничкиот округ каде колонизацијата доживеала потполн неуспех од разни причини.

Една од првите поголеми можности за искажување на народното незадоволство кон новото ропство биле општинските и изборите за пратеници во Конституантата што се одржале во август и ноември 1920 година. Режимските партии, Радикалната и Демократската, кои имале негаторски став кон постоењето на било какво македонско прашање, целосно уверени во својот успех на претстојните избори, во почетокот не обрнувале големо внимание на се поголемата популарност на КПЈ меѓу народните маси во Кумановско-Кривопаланечкиот регион. Таа популарност на КПЈ не се должела на некаков правилен став кон македонското прашење, туку поради фактот што во своите настапи Партијата барем споменувала постоење на такво прашање. На општинските избори во август 1920 година во Куманово победила КПЈ.

Во периодот пред парламентарните ноемвриски избори на

теренот во овој регион се активирала и ВМРО на Тодор Александров, која агитирала меѓу населението да гласа за претставниците на Комунистичката партија, со надеж дека тие во Народното Собрание на Кралството ќе се борат за федерализација на државата со што и Вардарска Македонија требало да добие поголем степен на самоуправа. На изборите за Народно Собрание пак, во март 1923 година и покрај постоечкото противрежимско расположение, НРПЈ, под која се криела забранетата КПЈ, не постигнала некаков успех поради слабата организациска поставеност.

Македонскиот народ во Кумановско-Кривопаланечкиот регион своето незадоволство во рамките на Кралството на СХС го изразувал и преку разни други форми на отпор: бојкот на регрутацијата, неодѕивање на мобилизација и на воена вежба, бегство во шумите или во Бугарија, отпор против реквизицијата на добитокот за потребите на војската, одбивање на просветните работници и свештениците да одат на служба во Србија итн. Овие форми на отпор кои најчесто биле стихијни и неорганизирани, македонскиот народ не можел да постигне некој поголем успех во борбата против големосрпските власти. Затоа кај народните маси се создавала идејата за вооружено спротивставување на српскиот режим.

Токму поради тешката состојба предизвикана од српското владеење, обновената ВМРО нашла погодна почва за дејствување. Таа преку пограничните пунктови во близина на границата со Кралството, успеала да создаде свои канали преку кои на територијата на овој регион минувале комитски чети, а било пренесувано и оружје, муниција и облека. На тој начин ВМРО се подготвувала за вооружени судири со воените и полициските сили на Кралството на СХС, а под паролата за автономија на Македонија во нејзините етнографски граници, поради што успеала да привлече во четите голем дел од локалното македонско

население. Со почетокот на воените судири овие делови од Вардарска Македонија се претвориле во вистинско воено жариште. За засилување на интезитетот на судирите, во средината на 1920 година на теренот дошол и Тодор Александров со своите најблиски соработници и претстојувал неколку месеци во овие краишта.

Нападите на комитските чети најчесто биле насочени кон пограничните караули на војската на Кралството на СХС, осамени полициски патроли, колонистички населби, кон локалното македонско население кое соработувало со големосрпскиот режим, како и поединечни атентати над претставници на локалната српска власт.

Кон крајот на 1925 и текот на 1926 година, започнала илегално да дејствува во Македонија, Внатрешната Македонска Революционерна организација-ВМРО (Обединета). Уште пред тоа, на 6 мај 1924 година, ЦК на ВМРО донесува свој манифест, познат како Мајски манифест. На крајот на октомври 1925 година била одржана Обласна конференција на ВМРО (Обединета), таканаречена основачка во Велес. На оваа конференција присуствувале делегати од повеќе места на Македонија. Конференцијата се одржала под претседателство на Панко Брашнаров, член на ЦК на ВМРО (Обединета). На конференцијата била постигната согласност за основање и организационо поставување на ВМРО (Обединета) во Македонија под Кралството на СХС. Изборот на Обласниот комитет бил одложен за подоцна, поради нестабилната положба во Скопје, кое требало да стане седиште на Комитетот.

Дотогашниот Иницијативен одбор бил овластен да ја врши функцијата на Обласниот комитет и негово седиште било во Велес, со надлежност за Вардарска Македонија. Новата вооружена стратегија подразбирала праќање на чети со помал број на комити и во помали групи на теренот, поради тоа што големите чети потешко се движеле и бргу биле откривани од државните власти. На тој начин,

традиционалниот метод на дејствување со вооружени чети бил заменет со терористички акции преку конспиративни групи, т.н. „тројки„ или „петорки„ . Според образложението на ЦК на ВМРО, дотогашното вклучување на населението во вооружените активности на Организацијата било напуштено за да не им се даде можност на окупаторските државни власти да го тероризираат населението.

На крајот треба да се истакне дека и покрај сите обиди за воспоставување и зацврстување на власта на Кралството на СХС во Кумановско-Кривопаланечкиот регион во периодот на владеење од 1918 до 1929 година, тие обиди не вродиле плод. Никакви методи и мерки на режимот не успеале да извршат притисок врз Македонецот, кој успеал да ја сочува својата самобитност и национален идентитет во тешките години што доаѓале.

# БИБЛИОГРАФИЈА

# ИЗВОРИ

## *1. Необјавени архивски материјали*

*Државен Архив на Република Македонија- Скопје*

а) фонд: РСВР

б) фонд: Министерство за просвета на Кралството Југославија (1919-1941)

в) фонд: Скопска митрополија 1912-1941

г) фонд: МВИО - Општинско управление - Крива Паланка

д) фонд: III Армиска област (ТАО), (микрофилм 342)

ѓ) фонд: Врховно поверенство за Аграрна реформа (според аграрниот повереник во Скопје), книга 1, Скопје, 1939-1940.

*Архив на Институтот за национална историја- Скопје*

а) фонд: III армиска област (ТАО)

б) фонд: Посланство во Лондон

в) фонд: Централно Пресбиро при Претседателството на Министерскиот совет-Белград

г) фонд: Разни сеќавања, изјави, стенографски белешки, белешки, анкетен материјал и друго од работничкото движење меѓу двете светски војни и за организацијата СКОЈ

д) фонд: ЦК на КПМ

*Државен Архив на Република Македонија, подрачно одделение-Куманово*

а) фонд: Архиерејско намесништво Куманово 1918-1919, 32

б) фонд: Окружен протопрезвитерат Куманово 1929-30

### *2. Необјавени спомени, сеќавања и изјави*

а) ДАРМ, Иванов Станчев Славе, Спомени.

### *3. Објавени архивски материјали*

а) Документи од борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II, Скопје, 1981.

б) Историски архив на Комунистичка партија на Македонија, Т. I, Скопје, 1951.

в) Статистички преглед избора народних посланика за Уставотворну Скупштину Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца, извршени на дан 28 новембра 1920 год., Београд, 1921.

## Б. ЛИТЕРАТУРА

1. Аврамовски Живко, Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918-1925, ГИНИ, г. XVI, бр. 1, Скопје, 1972.

2. Апостолов Александар, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за Конституантата- 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот, кн. 13, Скопје,1962.

3. Апостолов Александар, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974.

4. Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје, 1966.

5. Апостолов Александар, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, ГИНИ, год. XVI, бр. 1, Скопје, 1972.

6. Апостолов Александар, Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на Кралството на СХС, Гласник на ИНИ, година VI, бр.1-2, Скопје, 1962.

7. Арсовски-Болто Миодраг и Тасевски Димитар, Куманово, Куманово, 2003.

8. Батовски Хенрих, Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка Република Македонија, Гласник на ИНИ, година XVI, бр. 1, Скопје, 1972.

9. Битоски Крсте: За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни ( до 1934 година ), Гласник на ИНИ година VI, бр.1-2, Скопје, 1962.

10. Бојациевски Ефтим, Колонизацијата во Македонија (1912-1941), Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 1961.

11. Бурзевски Ванчо, Економската положба на македонските селани меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ година XXVI, бр.2-3, Скопје, 1982.

12. Бурзевски Ванчо, Колонизација и деколонизација на Македонија, Скопје, 1997.

13. Велики рат Србије за ослобођење и уједињење Срба, Хрвата и Словенаца, г.1918, књ. 29, Београд, 1937.

14. Vrčinac Julijana, Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca od ujedinjenja do Vidovdanskog procesa, Beograd, 1956.

15. Георгиевски Михајло: Културна-просветната и политичката улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ година XXVI, бр.1, Скопје, 1982.

16. Гледевић Богдан и др., Први светски рат, Цетиње, 1977.

17. Димевски Славко, Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989.

18. Жежов Никола, Режимот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и отпорот на македонскиот народ во Брегалничкиот округ 1918-1924 година, (магистерски труд во ракопис), Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, Филозофски факултет-Скопје, 2000.

19. Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993.

20. Зографски Г. Тодор и Зографски А. Димче, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје, 1974.

21. Историја на македонскиот народ, кн. 3, Скопје, 1969.

22. Јанев Јован, Режимот на специјалната уредба во Вардарска Македонија во текот на 1919 година, статии, Гласник на ИНИ, година XXVI, бр.2-3, Скопје, 1982.

23. Јовановиќ Марија, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија 1918-1929, Скопје, 1983.

24. Jovanović Vladan, Jugoslovenskata drzava I Juzna Srbija 1918-1929, Beograd, 2002.

25. Катарџиев Иван, Време на зреење 1 и 2, Скопје, 1977.

26. Katargiev Ivan, KPJ vo Makedonija do Obznanata, Skopje, 1961. 27. Колишевски Лазар, Политички извештај на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија, Реферат одржан на и конгрес на КПМ, Скопје, 1949.

28. Костадиновски Драги, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-1941), Скопје, 1995.

29. Крстић Ѓорѓо, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928.

30. Костић Лаза, Статистика избора народних посланика Краљевини СХС, одржаних 18 марта 1923 године, Београд, 1924.

31. Костић Лаза, Статистика избора народних посланика Краљевини СХС, одржаних 11 септембра 1927 године, Београд, 1928.

32. Малковски Ѓорѓи, Михајловски Јордан и Крстевски Цоне, Крива Паланка и Кривопаланечко низ историјата, Крива Паланка, 1996.

33. Марковиќ Светозар, Школство Јужне Србије, 1937.
34. Михајлова Филимена и Стојмановски Иванчо, Населениците во Куманово и акција на партиската организација против нивното иселување. Куманово и Кумановско во НОБ 1941-1942, Куманово, 1979.
35. Наумовски Светозар, Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941), ИНИ, Скопје, 1992.
36. Николовски Славчо и Митев Бојан, Крива Паланка, Крива Паланка, 1969.
37. Николовски-Стојановиќ Стојко, Школството во Куманово и Кумановско 1805-2000, Куманово, 2001.
38. Новитовић Јеротије, Средње школе у Краљевини С.Х.С. Јубиларни зборник живота и рата СХС 1. XII. 1918-1928, 1 део, Београд, 1928.
39. Палешутски Костадин, Македонският вЪпрос в буржоазна Югославия 1918-1941, София, 1983.
40. Пачемска-Петреска Даринка, Малешевијата низ историјата 1912-1945, кн. 2,Берово, 2003.
41. Simeunoviš Vladimir, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961.-Ukupno stanovništvo, polna i starosna struktura-. Beograd, 1964.
42. Соколов Лазар, Општествено-економскита и национално-политичката положба во Куманово и Кумановско меѓу двете светски војни. Куманово и Кумановско во НОБ 1941-1942, Куманово, 1979.
43. Sokolov Lazar, Promene i strukturi stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kao odraz ekonomskog razvoja, Skopje, 1962.
44. Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937.
45. Todorovic Desanka, Jugoslavija I balkanske drzave 1918-1923, Beograd, 1979.
46. Тодоровски Зоран, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997.
47. Трифуновиќ Јован, Кумановска област (сеоска насеље и становништво), Скопје, 1974.

48. Цветковска Надежда, Државните сили за безбедност во Вардарскиот дел на Македонија (1918-1929), Гласник на ИНИ, година 46, бр.2, Скопје, 2002.

49. Цветковска Надежда, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941), Прилог бр.4 „Историја„ год.XXXIV/XXXV, бр. 1-4, Скопје, 1998/1999.

50. Цветковска Надежда, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, 2000.

51. Čulinovič Ferdo, Jugoslavija između dva rata (1918-1941),knj. 1, Zagreb, 1961.

52. Чушкар Боро, Борбено Куманово 1919-1941, Куманово, 1973.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР------------------------------------------------------------------------ 2

ВОВЕД-------------------------------------------------------------------------------5

ГЛАВА I---------------------------------------------------------------------------12

РЕЖИМОТ НА КРАЛСТВОТО НА СХС ВО КУМАНОВСКО- КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН (1918-1929)-12

1.1. Општествено-политичките прилики во Вардарска Македонија по Првата светска војна-----------------------------------------------------------------12

1. 2. Административни и воено- полициски мерки во Кумановско-Кривопаланечкиот регион од страна на СХС-----------------------------------21

а) Административен апарат-----------------------------------------------21

б) Полиција и жандармерија----------------------------------------------34

в) Војска--------------------------------------------------------------------39

ГЛАВА II--------------------------------------------------------------------------- 44

ФОРМИ И МЕТОДИ НА АСИМИЛАЦИЈА И ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА ВО КУМАНОВСКО-КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН ОД СТРАНА НА КРАЛСТВОТО НА СХС (1918-1929)-------------------------------------------------------------44

2.1. Просветната политика на Кралството на СХС во Кумановско-Кривопаланечкиот регион (1918-1929 )---------------------44

2.2.Црковната политика на Кралството на СХС во Кумановско Кривопаланечкиот регион (1918-1929)-----------------------------------------59

2.3.Колонизацијата од страна на Кралството на СХС во Кумановско-Кривопаланечкиот регион ( 1918-1929 )------------------------------------------64

2.4. Формирање на одреди и контрачети за борба против ВМРО-----------------------------------------------------------------------------81

ГЛАВА III---------------------------------------------------------------------------90

ОТПОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО КУМАНОВСКО-КРИВОПАЛАНЕЧКИОТ РЕГИОН ПРОТИВ РЕЖИМОТ НА КРАЛСТВОТО НА СХС ----------------------------------------------------------------90
3.1. Отпорот за време на парламентарните и општинските избори ----------------------------------------------------------------------------------90
3.2.Форми на легален и илегален отпор ------------------------------------------ 115
3.3. Вооружената дејност, организација и пропаганда на ВМРО во Кумановско-Кривопаланечкиот регион-------------------------------------120
ЗАКЛУЧОК-----------------------------------------------------------------------140
БИБЛИОГРАФИЈА---------------------------------------------------------------- 152
А. ИЗВОРИ------------------------------------------------------------------------ 152
Б. ЛИТЕРАТУРА---------------------------------------------------------------153
СОДРЖИНА-------------------------------------------------------------------------158